# АРХИВСКИ ФОНДОВИ И ЗБИРКИ ВО ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОДДЕЛЕНИЕ СКОПЈЕ

Во Државниот архив на Република Македонија - Одделение Скопје од основањето во 1952 година заклучно со 2005 година се згрижени 684 архивски фондови и збирки.

Најстариот сочуван документ е Писмото испратено од Митрополитот Неофит, претседател на новоформираното друштво на Црвениот Крст до претседателот на еврејската општина Елиезер Наваро, за формирање на друштво на Црвениот Крст, од 8 декември 1915 година.

Богатството на фондови и документи со кои располага Одделението даваат континуирани податоци за организацијата на власта, управата и јавните служби за периодот од 1918 до 2000 година.

Архивската документација е несомнен доказ за српската и бугарската окупација на Македонија, за организацијата на зачетоците на власта во текот на антифашистичката војна - народноослободителните одбори, како предвесник на раѓањето на современата македонска држава од 1944 година, функционирање до осамостојувањето и создавањето суверена Република Македонија до денешни дни.

Поголем дел од архивската граѓа е пишувана на македонски јазик, а помал дел на српски и бугарски јазик.

Структурата на архивската граѓа содржински е мошне разнообразна и содржи податоци за: управата и јавните служби, правосудството, стопанството и банкарството, политичките организации и друштвата и здруженијата за период од 1918 до 2000 година. Помал дел се однесува на: верските организации и семејните и личните фондови.

Архивските фондови и збирки во Државниот архив на Република Македонија - Одделение Скопје првпат се публикувани во 1982 година во рамките на едицијата „Архивски фондови и збирки во СФРЈ“ во водичот „Архивски фондови и збирки во СР Македонија“, издание на Сојузот на друштвата на архивските работници на СФР Југославија. Редактор на томот за СР Македонија е Трајко Зајковски, еден од основачите на архивската дејност во Република Македонија. Објавени се податоци за 242 фондови и збирки, согласно класификациската шема.

Создавањето самостојна, суверена и независна Република Македонија како признаен меѓународно-правен субјект од една страна и прераснување на тогашниот Архив на Македонија во единствена управна организација, во чиј состав влегоа и деветте подрачни одделенија од друга страна, повторно го актуелизира прашањето за објавување дополна на Водичот. Во 1994 година, се публикува дополнување на водичот „Архивски фондови и збирки во Република Македонија 1981-1992 година“.

За тогашното Подрачно одделение - Скопје дадени се податоци за 171 новопреземени фондови и збирки, согласно класификациската шема.

Прераснувањето на Државниот Архив на Република Македонија во единствена управна организација во 1990 година, неминовно ја наметна

потребата од воедначен пристап во сите домени на архивското работење, а особено во средувањето и обработката на архивските фондови.

При прикажувањето на фондовите во водичите објавени во 1982 и 1994 година се направени одредени пропусти од причина што поголем број фондови не биле средени или обработени. Во цитираниот водич од 1982 година од деветте подрачни одделенија на Државниот архив на Република Македонија, само ПО - Штип, за фондовите од точка 1. Управа и јавни служби, под точка 1.5. Архивски фондови од 1944 година, изврши правилна фондовска класификација, при што даде податоци за околиските народноослободителни одбори, за градските народноослободителни одбори, за општинските народноослободителни одбори, за околиските народни одбори, за народните одбори на општините, за народните одбори на селските општини и за месните народни одбори.

Другите подрачни одделенија направија пропусти во фондовската класификација, така што во рамките на еден организациско повисок фонд во суштина се наоѓаат и пониските органи на власта и управата.

Со овој водич ќе направиме напор тие празнини и пропусти да ги дополниме со разоткривање нови фондовски целини според законите за административно-територијална поделба на НРМ/СРМ од 1944 до 1965 година.

Во дополнувањето на водичот од 2006 година на Одделението Скопје не се презентирааат посебно податоци за фондовите кај кои има промени во количеството и во граничните години, поради новите приеми на архивска граѓа во споредба со објавените фондови во претходните водичи од 1982 и 1994 година. Тие фондови во Одделението Скопје се целосно средени или обработени и податоците за нив ќе бидат презентирани кај средените и обработените фондови.

Во водичот се даваат податоци за 130 средени или обработени фондови со сумарен или аналитичен инвентар. За секој фонд се даваат следните податоци:

- Број на фондот (фондови од водичот од 1982 г.);
- Реден број и број на фондот во заграда (за фондовите од водичот од 1994 г.);
- Гранични години на фондообразователот - во заграда;
- Количество на архивска граѓа изразено во книги, кутии и должински метри;
- За средените фондови - сумарен инвентар (СИ), број на архивски единици, број на листови и број на страници на НИС (научно-информативното средство); за обработените фондови - аналитичен инвентар (АИ), број на архивски единици, број на листови и број на страници на НИС;
- За најголемиот број фондови се даваат податоци за историјатот на фондообразователот (основање, задачи, надлежности и престанок на работата), и
- Содржински податоци за архивската граѓа (кратки ударни податоци бидејќи во СИ или АИ во НИС има опширни содржински податоци).

Во рамките на цитираните 150 фондови, во делот на фондовите од точката 1. Управа и јавни служби, под точката 1.5. Архивски фондови по 1944 година се даваат податоци за новооткриените фондовски целини (нови

фондови). Тие фондови се даваат како составен дел на веќе објавените фондови (од причина што одделни документи во периодот од основањето на Одделението Скопје до 1994 година се користени и цитирани како документи на веќе објавените фондови во претходните водичи). Такви фондови се:

1. I Обласен комитет на КПМ за Скопска околија Скопје, 1944-1945 година;
2. Окружен народноослободителен одбор - Скопје, 1944-1945 г. - 1 фонд;
3. Околиски народноослободителен одбор - Скопје, 1944-1945 г. - 1 фонд;
4. Градски народноослободителен одбор - Скопје, 1944-1945 г. - 1 фонд;
5. Општински Народноослободителен одбор с. Ханриево (Ѓорче Петров) - Скопје, 1944-1945 г. - 1 фонд;
6. Местен народен одбор Ѓорче Петров - Скопје, 1945-1952 г. - 1 фонд.

Во Водичот се даваат податоци за новопревземените 145 фондови и збирки, во Одделението Скопје за период од 1993-2005 година и тоа:

1. Управа и јавни служби: 25 фонда;
2. Правосудство: 1 фонд;
3. Просвета, култура, наука: 5 фонда;
4. Социјално-здравствени установи: 1 фонд;
5. Стопанство и банкарство: 72 фонда;
6. Политички организации, друштва и здруженија: 18 фонда;
7. Верски организации: 22 фонда;
8. Семејни и лични фондови: 1 фонд.

Поголем дел од новопреземените фондови се однесуваат на ликвидирани стопански организации, но и за нив презентираме содржински податоци преземени од записниците за примопредавање на архивска граѓа од имателите. Дел се произлезени од други фондови и за нив има АИ и СИ.

При изработката на Водичот се користени податоци од Водичот на архивски фондови во Историскиот архив - Скопје од 1976 година, изработен од д-р Милош Константинов, од водичите од 1982 и од 1994 година, како и од работната верзија на необјавениот водич од 2003 година.

Заслугата за изработката на историјатите и содржинските податоци што се прикажани во Водичот ја имаат сите архивски работници, кои извршувајќи ги редовните работни задачи се задолжени за заштита на архивската граѓа кај имателите и во Архивот, како и за средување и обработка на фондовите.

# ОБЈАСНУВАЊЕ И ТОЛКУВАЊЕ НА ЗНАЦИТЕ И КРАТЕНКИТЕ

Водичот на архивски фондови и збирки дава основни податоци за архивите и за архивските фондови што се чуваат во нив.

Податоците за архивските фондови и збирки, дадени се за секој архив посебно.

Пред наведувањето податоци за архивските фондови и збирки на еден архив, дадена е кратка белешка, која по правило содржи основни податоци за Архивот (назив и адреса, време на основањето, развиток, организациска структура, територијална и стварна надлежност, можност за давање технички услуги, услуги во читалната, работно време и сл.), потоа за бројот на архивските фондови и збирки и за општата карактеристика на архивската граѓа, за информативните средства, каталозите и сл.

Податоците што се даваат за секој архивски фонд се состојат од седум елементи:

1. Реден број на архивскиот фонд или збирка;
2. Назив на архивскиот фонд или збирка;
3. Место (седиште) на фондообразователот (имател на фондот);
4. Распон на годините на постоењето на фондообразователот;
5. Распон на годините на архивската граѓа од фондот или збирката;
6. Количеството архивска граѓа и
7. Среденост на архивскиот фонд или збирка (информативни средства).

Кај семејните и личните фондови и збирки, некои од овие елементи не се застапени (под бр. 3 и 4).

Податоците за сите архивски фондови и збирки, содржински и графички се оформени според единствени правила, според кои е подготвена публикацијата.

## 1. Реден број на архивскиот фонд или збирка

Сите архивски фондови и збирки во рамките на еден архив се нумерирани со непрекината низа арапски броеви, почнувајќи од број 1.

Заедно со арапскиот број, кој го означува Државниот архив на Република Македонија - Одделението (бројки од 1 до 10), и редниот број на архивскиот фонд или збирка е употребен во индексите како сигнатура за пронаоѓање на бараниот архивски фонд или збирка во водичот. На пример: 2. 135 = (2. Историски архив Битола, архивски фонд под бр. 135) или 2. 616 (2. Архив на Македонија - Подрачно одделение - Битола, архивски фонд под број 616) итн.

## 2. Назив на архивскиот фонд или збирка

За назив на архивскиот фонд е земен последниот назив на фондообразователот (имателот). Во случај кога архивскиот фонд е познат по некој поранешен назив, даден е и тој назив.

Називите на архивските фондови, незвисно од тоа дали оригиналниот назив бил на некој друг јазик, се дадени на македонски јазик со големи букви:

ОПШТИНСКА УПРАВА - РАДОВИШ

За скратување на текстот при наведување истородни фондови, тие се наведуваат под заеднички назив (СЕЛСКИ РАБОТНИ ЗАДРУГИ). Под заедничкиот назив е наведен само делот од називот на архивскиот фонд што не е опфатен со заедничкиот назив како и местото/седиштето на фондообразователот. Секој фонд се наведува во нов ред:

СЕЛСКИ РАБОТНИ ЗАДРУГИ

„СТОЈАН МИНЧЕВ“ - АЛИНЦИ
„ЛАЗАР КОЛИШЕВСКИ“ - БЕЛЧЕ
„ЃОРЃИ СУГАРЕВ“ - ВАШАРЕЈЦА...

**3. Место-седиште на фондообразователот**

Местото-седиштето на фондообразователот, независно од поранешните називи, се наведува со сегашниот назив, на македонски јазик. Називот на местото е напишан со големи букви, а од називот на архивскиот фонд е одвоен со цртичка:

ОПШТИНСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ВИНИЦА

**4. Распон на годините на постоење на фондообразователот**

Распонот на годините на фондообразователот е наведен во заграда, по називот и местото/седиштето на фондообразователот:

НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНА БУКОВО (1952-1955)

Ако фондообразователот сеуште постои и дејствува, завршната година на неговото постоење не се прикажува:

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ (1962- )

Во случај кога годините на постоењето не се со сигурност утврдени, наместо година се става прашалник (?-1957) или (1947-?)

По распонот на годините на фондообразователот, се става интерпукцискиот знак точка и запирка (;).

**5. Распон на годините на архивската граѓа на фондот или збирката**

Податокот за распон на годините на архивската граѓа на фондот или збирка се наведува по податокот за распон на годините на фондообразователот:

НАРОДЕН ОДБОР НА БИТОЛСКА ОКОЛИЈА - БИТОЛА (1944-1965); 1944/1965:

Нецелосната сочуваност на граѓа на фондот се изразува на следните начини:

- Кога недостасуваат почетната или завршната години на граѓата од архивскиот фонд:

ФИНАНСИСКА УПРАВА - ПРИЛЕП (1869-1912); 1882-1910

- Кога недостасуваат одделни години во рамките на распонот на годините:

СЕЛСКА РАБОТНА ЗАДРУГА - ДИМОНЦЕ (1949-1953); 1949, 1951/1953:

- Кога архивската граѓа на фондот не е потполно сочувана:

ИСТРАЖЕН СУД - ТЕТОВО (1941-1944); 1942/1944:

За семејните и личните архивски фондови се наведува само распонот на годините на граѓата.

ВЛАХОВ ДИМИТАР 1908/1950:

Кај архивските збирки во распонот на годините на граѓата се наведува периодот кога граѓата настанала на кој таа се однесува, а не периодот кога е формирана збирката:

ЗБИРКА ФЕРМАНИ: 1646/1859:

По податокот за распонот на граничните години на архивскат граѓа на фондот или збирка, се става интерпукцискиот знак две точки (:).

**6. Количество на архивската граѓа**

Податоците за количеството архивска граѓа се наведуваат по податоците за распонот на годините на граѓата на фондот или збирка.

**Количеството** се изразува во број на книги, папки и пакети:

кн. = книга
кут. = кутија

Помеѓу податокот за бројот на одделните технички заштитни единици, се става интерпукцискиот знак запирка (,), а на крајот точка и запирка (;):

ОКОЛИСКА УПРАВА - ГАЛИЧНИК (1915-1918); 1915/1918: кн. 3, кут. 6;

Под податокот за бројот на техничките заштитни единици, се наведува и податокот за количеството граѓа, изразен во должински метри. По овој податок се става интерпукцискиот знак точка (.):

ОПШТИНСКА УПРАВА - ОРАХ (1915-1918);
1915/1918: кн. 3, кут. 1; 0,2.

Податоците за количеството граѓа во архивските збирки се даваат во такви единици мерки, кои одговараат на специфичните видови на граѓата во збирките:

ЗБИРКА ГЕОГРАФСКИ КАРТИ, 1023 карти

**7. Среденост на архивскиот фонд или збирка (информативни средства)**

Во случај кога архивскиот фонд или збирка е во несредена состојба и не може да се користи за научни и други потреби, се наведува констатацијата „несреден“ односно „несредена“:

ОПШТИНСКА УПРАВА - СКОПЈЕ (1869-1912); 1869/1912;
кн. 59, кут. 43; 6,1. Несреден.

Меѓутоа, доколку граѓата на архивскиот фонд или збирка е до одредена мера средена и може да се користи, се наведуваат податоци за средените делови од фондовите/збирките.

За средените и обработените архивски фондови и збирки, за кои во Државниот Архив на Република Македонија се изработени научно-информативни средства (и евиденции што можат да послужат како извор на информации на граѓата), се даваат податоци за тие средства. Податоците се состојат од назив на научно-информативното средство. Најчесто застапените евидентни и научно-информативни средства, наместо нивните целосни називи, се прикажани со следните кратенки:

СИ - сумарен инвентар
АИ - аналитички инвентар
ОП - опис и попис
а.е. - архивски единици
НИС - научно-информативно средство изразено во број на страници напишани на машина.

Содржинските информации што ќе се прикажуваат за фондовите, покрај споменатите кратенки, ќе се однесуваат на историските белешки, регистрите, списоците, информациите, анализите, прегледите и сл, според разни теми.

Ако за еден архивски фонд се изработени повеќе видови информативни средства, помеѓу нив се става интерпукциски знак „точка и запирка“ ( **;** ):

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРГОВИЈА И СНАБДУВАЊЕ - СКОПЈЕ
- (1945-1951); 1945-1951: кн.90, кут. 161; 17,9. СИ; Р.

КОСТУРСКИ РЕВОЛУЦИОНЕРЕН РЕОН - КОСТУР
( - 1908); 1900/1903: кут.1; 0,1. АИ.

Податоците за среденоста на фондот и за научно-информативните средства се приклучуваат по податокот за количеството на архивската граѓа.

**8. Структура на водичот**
**на архивските фондови и збирки**

Водичот на архивските фондови и збирки на Државниот Архив на Република Македонија - Одделение Скопје има три дела:

А. архивски фондови (освен семејните и личните);
Б. семејни и лични фондови и
В. збирки

Архивските фондови и збирки се групирани според гранката на дејноста, групи/подгрупи и периоди, а во согласност со класификациската шема, која служи како основа за распределување на архивските фондови.

Класификациската шема е од структурно-хиерархиски тип, со примена на децимален систем. Се состои од: а) назив на дејноста, групата и подгрупата во гранките и периодот и б) ознаки со букви и бројки (симболи), со кои називите се континуирано претставени.

На корисниците на публикацијата им се препорачува пред да пристапат кон барање податоци за архивските фондови и збирки, да ја проучат класификациската шема односно принципите и критериумите врз основа кои е извршено распределување на архивските фондови и збирки и е воспоставен нивниот поредок во водичот.

Водичот на „Архивски фондови и збирки 1993-2005" ја прикажува состојбата на фондовите и збирките заклучно со 2005 година.

# КЛАСИФИКАЦИСКА ШЕМА

## А. АРХИВСКИ ФОНДОВИ НА ДРЖАВНИ ОРГАНИ, УСТАНОВИ, **ЗДРУЖЕНИЈА**, ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

### 1. УПРАВА И ЈАВНИ СЛУЖБИ

1.2. Архивски фондови до 1918.
1.3. Архивски фондови 1918-1941.
1.4. Архивски фондови 1941-1944.
1.4.1. Народноослободителни органи
1.4.2. Окупаторски и квислиншки органи
1.5. Архивски фондови по 1944.
1.6. **Локална самоуправа**

Внатре во периодите, фондовите се наведуваат по редослед на нивните територијални и вистински надлежности (од повисоки кон пониски). Архивските фондови од ист ранг се наведуваат по азбучен редослед на местото-седиштето на фондообразувателот.

### 2. ПРАВОСУДСТВО

2.1. Период до 1944 г. и
2.2. Период по 1944 г.

Внатре во овие периоди, нивниот редослед е одреден по ранг, а во рамките на еднаков ранг - по азбучен редослед на називите на место - седиштето на фондообразувателот.

### 3. ВОЕНИ ЕДИНИЦИ, УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ

3.1. Период до 1944
3.2. Период по 1944
3.2.1. Народноослободителни единици, установи и организации
3.2.2. Окупаторски единици, установи и организации.

Внатре во периодите (и подгрупите) редоследот е одреден по ранг, односно според организациската структура на војската.

### 4. ПРОСВЕТНИ, КУЛТУРНИ И НАУЧНИ УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ

4.1. Просветни установи и организации
4.2. Културни установи и организации
4.3. Научни установи и организации

Внатре во подгрупите, редоследот на архивските фондови е одреден според видовите на установите и рангот, а во рамките на рангот - по азбучен редослед на називите на местата/седиштата на фондообразувачите.

## 5. СОЦИЈАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

5.1. Социјални установи
5.2. Здравствени установи

Внатре во подгрупите редоследот на архивските фондови е одреден според видовите на установи и рангот, а во рамките на еднаков ранг - по азбучен редослед на називите на местото/седиштето на фондообразувачите.

## 6. СТОПАНСТВО И БАНКАРСТВО

6.1. ПЕРИОД ДО 1944

6.1.1. Банки и парични заводи
6.1.2. Стопански здруженија
6.1.3. Стопански претпријатија
6.1.3.1. Индустрија и рударство
6.1.3.2. Земјоделие и шумарство
6.1.3.3. Трговија, угостителство и туризам
6.1.3.4. Сообраќај
6.1.3.5. Останати
6.1.4. Занаетчиство
6.1.5. Задруги
6.1.6. Останато

6.2. ПЕРИОД ПО 1944

6.2.1. Банки и парични заводи
6.2.2. Стопански здруженија
6.2.3. Стопански претпријатија
6.2.3.1. Индустрија и рударство
6.2.3.2. Земјоделие и шумарство
6.2.3.3. Трговија, угостителство и туризам
6.2.3.4. Сообраќај
6.2.3.5. Останати
6.2.4. Занаетчиство
6.2.5. Задруги
6.2.6. Останато

Внатре во групите и во подгрупите редоследот на архивските фондови е одреден по азбучен редослед на називите на местата/седиштата на фондообразувачите.

## 7. ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ, ДРУШТВА И ЗДРУЖЕНИЈА

7.1. Политички и општествено-политички организации
7.1.1. Напредни политички и општествено-политички организации
7.1.2. Граѓански и други
7.2. Сталешки корпорации
7.3. Хуманитарни друштва
7.4. Културно-просветни друштва
7.5. Уметнички друштва и здруженија
7.6. Спортски друштва и здруженија
7.7. Останато
7.8. **Невладини организации**

Редоследот на архивските фондови внатре во подгрупите е одреден по видови и ранг, а потоа по азбучен редослед на називите на местата/седиштата на фондообразувачите.

## 8. ВЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

### 8.1. Источна православна црква

8.1.1. Грчка Патријаршија во Македонија
8.1.2. Бугарска Егзархија во Македонија
8.1.3. Српска Патријаршија во Македонија
8.1.4. Македонска православна црква
8.2. Исламска верска заедница во Македонија
8.3. Евангелистичко-методистичка црква.

Во рамките на подгрупите редоследот на архивските фондови е одреден според рангот, а во рамките на истиот ранг - по азбучен редослед на називите на местата/седиштата на фондообразувачите.

## 9. ОСТАНАТО

## Б. СЕМЕЈНИ И ЛИЧНИ ФОНДОВИ

1. Семејни фондови
2. Лични фондови

Архивските фондови се наведени по азбучен редослед на презимињата на фондообразувачите на семејните и лични фондови.

## В. ЗБИРКИ

# ИСТОРИЈАТ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОДДЕЛЕНИЕ СКОПЈЕ

Државен Архив на Република Македонија - Одделение Скопје, ул. „Московска“ бр.1, 1000 Скопје, тел. 02/ 3076-461, 02/ 3076-462, 02/ 3076-463; факс 02/ 3076-462; работи од понеделник до петок од 8,00 - 16,00 часот.

Одделението располага со посебна просторија за читална; има услови за користење архивска граѓа и библиотечен материјал секој работен ден од 8,30 - 14,00; на истражувачите им ја нуди услугата ксерографирање.

Со цел да се пронајдат, заштитат и евидентираат сите архиви, делови од архиви и групи документи, на 18 јули 1951 година е формирано Архивско средиште за подрачјето на град Скопје и околиите Скопска и Ѓорчепетровска. Меѓутоа, дејноста на тоа средиште не излегла и не можела да излегува од рамките на волонтеризмот.

Согледувајќи ја несомнената потреба од професионална организација за заштита на архивската граѓа, неполна година по основањето на Средиштето, Народниот одбор на град Скопје, на своето единаесетто редовно заседание од третото свикување, односно на 15 февруари 1952 година, донесува Решение бр. 1026 за основање Државна архива со надлежност на територијата на Народниот одбор на град Скопје и Скопска околија.

Називот Околиски историски архив - Скопје, којшто установата го носи од крајот на 1953 година, се менува во Историски архив - Скопје, според Решението за упис на Окружниот стопански суд - Скопје Ус. бр. 322/65 од 31.12.1965 година.

Конституирањето на работната организација без основни организации на здружен труд Архив на Скопје - Скопје е запишано во судскиот регистар на Окружниот стопански суд во Скопје на 06.01.1974 година под Фи. бр. 1733/73, а усогласувањето со Законот за здружениот труд под Фи. бр. 1847/78.

Со Законот за архивската граѓа („Сл. Весник на СРМ“ бр. 36/90) Архивот на Скопје се трансформира во Подрачно одделение, како организациска единица на единствената управна организација Архив на Македонија.

Според Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. Весник на РМ“ бр. 58/2000) Подрачното одделение - Скопје продолжува да работи како Државен Архив на Република Македонија - Одделение Скопје.

Просторниот проблем односно прашањето за сместување се решавало мошне тешко. Во првите денови по основањето Архивот немал сопствени простории. Во 1953 година на времено користење ги добива просториите на ул. „11 Октомври“ бр. 105а и на ул. „Беласица“ бр. 1 со вкупна површина од 95 $м^2$. Тие простории ни оддалеку не ги задоволувале елементарните услови за работа. Состојбата делумно се подобрува кога Архивот се вселува во новоизградената зграда на Народниот одбор на Скопска околија, на ул. „Луј Пастер“ бр. 2, лоцирана спроти киното „Култура“ (урната во земјотресот). Просториите имале вкупно 172 $м^2$ од кои 52 $м^2$ се користени како работни, а 215 $м^2$ за депоа, вклучувајќи ги и претходно добиените простории. По катастрофалниот земјотрес во 1963 година, Архивот е времено сместен во Градскиот парк и во руинираните простории на Женската гимназија. Во 1964 година се вселува во ниските административни згради на ул. „29 Ноември“ бр. 10. Во тој период располага со површина од вкупно 374 $м^2$.

Положбата е целосно подобрена кога Архивот се вселува во сопствена, наменски изградена зграда на ул. „Московска“ бр. 1, во пролетта 1968 година. Свечено е отворен на 13 Ноември 1968 година, на денот на ослободувањето на Скопје. Зградата има вкупно 1437 $м^2$ нето корисна површина, од која 729 $м^2$ - депоа. Нивниот вкупен капацитет изнесува 3528 должински метри.

Архивот има задача да ја заштитува, евидентира, собира, средува, обработува, одбира и стручно да ја одржува архивската граѓа; да ја проучува, истражува и со научни методи да ја обработува архивската граѓа и да ја унапредува архивската дејност; да врши стручен надзор на архивирањето, чувањето, одржувањето и правилното одбирање архивска граѓа од документарниот материјал што се наоѓа надвор од Архивот; да објавува архивска граѓа, научно-информативни средства и други трудови; да ја популаризира архивската дејност по пат на предавања, изложби и сл; да ги услужува истражувачите и другите заинтересирани што сакаат да ги користат податоците содржани во архивската граѓа, а чија содржина зборува за севкупниот општествен живот на Скопје и за неговото географско-економско подрачје.

Врз основа на таквата ориентација, организирањето сеопфатна заштита на архивската граѓа од основањето до 1980 година, се реализирало преку:

- *Одделение за евиденција и заштита на архивската граѓа* со отсеците за посета на регистратурите и за работа во депоата;
- *Одделение за средување и обработка на архивската граѓа* со отсеците за средување и обработка на архивската граѓа создадена пред ослободувањето и за средување и обработка на архивската граѓа од социјалистичкиот период, и
- *Одделение за општи работи* со директор, административна служба и служба за финансиско-материјално работење.

Заради зголемениот прилив на архивска граѓа и развојот на кадровската и материјалната основа, согласно Статутот од 1981 година функционираат одделенијата:

- *За евиденција и заштита на архивската граѓа;*
- *За заштита и користење архивска граѓа во Архивот (при кое функционира и микрофилмска лабораторија);*
- *За средување и обработка на архивската граѓа;*
- *За класификација и систематизација на публикувани информации и*
- *За општи работи (при кое функционира реферат за собирање и обработка на мемоарска граѓа и издавачка дејност од НОВ и Револуцијата).*

Во периодот 1991-2005 година во целост функционираат истите одделенија во состав на:

- *Секторот за заштита и надзор на архивската граѓа кај имателите и средување и обработка на архивската граѓа*;
- *Секторот за заштита, информации, користење и публикување архивска граѓа* и
- *Општиот сектор при Државниот архив на Република Македонија.*

Раководните лица - директор (началник, раководител) несомнено заземаат значајно место во севкупниот развој на архивската дејност.

Од двајца вработени во 1952 година и девет во 1963 година, веќе во 1986 година се вработени 47, главно стручни лица. Во 2002 година бројот на вработените изнесува 27, а во 2005 година 31, од кои еден е магистер, 11 со висока стручна подготовка, еден со виша стручна подготовка, 16 со средна стручна подготовка, а 2 лица се технички персонал.

# СРЕДЕНИ И ОБРАБОТЕНИ АРХИВСКИ ФОНДОВИ И ЗБИРКИ ОБЈАВЕНИ ВО ВОДИЧИТЕ ОД 1982 И 1994 ГОДИНА

## А. АРХИВСКИ ФОНДОВИ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ, УСТАНОВИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

## 1. УПРАВА И ЈАВНИ СЛУЖБИ

### 1.3. АРХИВСКИ ФОНДОВИ 1918 - 1941

***1. ГРАДСКО ПОГЛАВАРСТВО НА ОПШТИНАТА НА ГРАД СКОПЈЕ (СУДОТ НА ОПШТИНАТА НА ГРАДОТ СКОПЈЕ) - СКОПЈЕ (1918-1941); 1918/1941: кн. 609, куш. 370; 67,7. АИ, а.е. 81202, лисшови 323917, НИС 13230 сшр.***

*Исшоријаш на фондообразовашелош:*

Граѓата на фондот Градско поглаварство на општината на градот Скопје временски е сместена во периодот меѓу двете светски војни, од 1918-1941 година, кога Вардарска Македонија се наоѓа во состав на Кралството СХС. Во врска со тоа биле преземени мерки за организирање локална самоуправа. Во Скопје се основа општина чија прва седница на Одборот е одржана на 29.11.1918 година. Во текот на своето постоење Градската општина неколку пати ја менува својата организациона поставеност, но без значајни суштински промени, за да со Статутот за уредување на Градското поглаварство од 1940 година, целокупното негово работење се врши според упатствата на претседателот на Градската општина. За поголема ефикасност во работата службата се одвива по одделенија, отсеци и оддели.

*Содржински йодашоци за архивскаша ѓраѓа:*

Фондот содржи книги и документи (записници, изборен материјал, уверенија, договори, извештаи, известувања, списоци), вонредно добро сочувани, кои даваат податоци за асимилација на македонското население, развојот на првите индустриски капацитети, подобра организација на сообраќајот, помагање на еснафските здруженија, обезбедување финансиски средства за реализација на програмите за изградба на градот, унапредување на просветната и културната дејност, масовно практикување на физичката култура, заштита и згрижување социјално загрозени лица, материјално помагање на сиромашни лица односно грижа на Општината за унапредување на сите сфери на живеење.

Техничкото одделение ја вршело целата техничка дејност во градот Скопје. Било задолжено за изработка на проекти, правилници и уредби во смисла на Градежниот закон, изработувало одлуки за издавање градежни дозволи за изградба на приватни и јавни објекти, водело сметка за нивното извршување во смисла на Градежниот закон во кој била пропишана актуелната градежна политика и сл. Одделението работело со повеќе отсеци и оддели.

Следејќи ги документите, содржани во овој дел од фондот (скици, протоколи, уверенија, технички елаборати, градежни дозволи) може да се проследи идејата за урбанистичкото осмислување на градот, изведување водоводен и канализационен систем, регулирање на коритото на реката Вардар, изработка и реализација на проектот за изградба на ХЕЦ „Св. Андреја“ (кањонот на реката Треска кај с. Матка), мостови на Вардар, многу нови улици, угостителски објекти, занаетчиски дуќани, нови училишни згради и сл.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

***243. (308) НАЧЕЛСТВО НА СКОПСКИОТ ОКРУГ - СКОПЈЕ (1918-1922); 1919/1922: кут. 5; 0,5. АИ, а.е. 209, листови 3864, НИС 28 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Фондот се карактеризира со повеќе надлежности: постојана контрола во градските квартови во безбедносна смисла, евиденција на притворени лица на територијата на Скопје, состојбите во Скопскиот затвор и сл.

Овој период се карактеризира со голема материјална немоќ на населението, па Начелството води грижа за сиромашните, бегалците и незгрижените деца и сираци. Тоа е период на распаѓање на Турската империја и се карактеризира со многу промени кои што се случуваат на Балканот.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа содржи: пријави на патници кои се наоѓале во скопските хотели и приватните станови, бројна состојба на полицијата во Скопје во период од 1918-1919 година, обрасци за пасоши, список на притворени лица во затворот во Скопје во 1919 година, јавна безбедност и внатрешни работи, социјална политика, снабдување, трговија, безбедност на сообраќајот и друго.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

***244. (310) КОМЕСАР НА ЖЕЛЕЗНИЧКА ПОЛИЦИЈА - СКОПЈЕ (1920-1921); 1920: кут. 2; 0,2. АИ, а.е. 15, листови 1566, НИС 5 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа содржи евиденции на патници кои допатувале или отпатувале од Скопје во период 1 јануари 1920 до 30 јуни 1920 година.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

***245. (309) МЕСТЕН ОДБОР ЗА ИСХРАНА - СКОПЈЕ (1918-1920); 1919: кут. 1; 0,1. АИ, а.е. 12, листови 880, НИС 14 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа содржи: преписка доставена до Месниот одбор со која се бара помош во прехранбени продукти за лица, требувања за издадени

прехранбени продукти за граѓаните, уверение и барање за доделување помош на сиромашни лица, доделување помош од Месниот одбор за исхрана, список на стражари и работници од Третиот Бунарџиски кварт и приватна преписка на борци до нивните семејства.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

### *246. (316) СУД НА ОПШТИНА КАТЛАНОВО - СКОПЈЕ (1918-1941); 1918/1941: папка 1; 0,05. АИ, а.е. 271, листови 359, НИС 45 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа содржи: пописни листи на населението на територијата на Судот на општина Катланово; елаборат за уредување на земјиштето во општината; напатствие испратено од околиската финансиска управа до Судот на општина Катланово за начинот на спроведување на прирезите (акцизи) и даноците во општината и наредба за уплата на парите од прирез на сметка на општината; документи што се однесуваат на регрутација на населението; соопштенија испратени од Началникот на Скопска околија до Општината за забрана за дистрибуција на весниците: „Работничка просвета“, „Нова слободна штампа“, „Хрватска груда“, „Глас Подунавља“ и др.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

### *247. (315) СУД НА ОПШТИНА КОЖЛЕ - СКОПЈЕ (1918-1935); 1918/1935: кн. 1, папка 1; 0,05. АИ, а.е. 95, листови 133, НИС 20 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Фондот содржи: деловоден протокол на Месниот одбор во Кожле за 1919 година; наредби, информации, известувања и др. доставувани од началникот на Скопската околија до општината и тоа: за подобрување на земјоделското стопанство, сумата на собраниот данок од граѓаните како приход од општината, акциза, регулирање инвалидски надоместоци и средување документација на инвалидите и другите оштетени од војната, распишување на потерници за лица кои што се обвинети и др.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

## 1.4. АРХИВСКИ ФОНДОВИ 1941 - 1944

### 1.4.2. Окупаторски и квислиншки органи 1941-1944

***3. СКОПСКА ОБЛАСНА ДАНОЧНА УПРАВА - СКОПЈЕ (1941-1944); 1942/1943: кут. 1; 0,1. СИ, а.е. 40, листови 48, НИС 3 стр.***

***4. СКОПСКА ГРАДСКА ОПШТИНА (1941-1944); 1941/1944: кн. 114, кут. 35; 5,5. АИ, а.е. 2245, листови 29837, НИС 726 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Во периодот на бугарска окупација, 10 април 1941 - 9 септември 1944 година на територијата на Вардарска Македонија е извршена административна поделба по модел на Царството Бугарија, при што е воведена и соодветна полициска и цивилна власт. На локално ниво се формирани обласни дирекции во Битолската и Скопската област, околиски управи и градски и селски општини.

Скопската градска општина е формирана со Решение на Министерството за внатрешни работи и народно здравје од 10 април 1941 год. На чело на Општината се наоѓа Градски совет со кој претседава кметот на Скопската градска општина, а членуваат неговите помошници и секретарот.

Дејноста на Скопската градска општина престанала со капитулација на бугарската војска од 9 септември 1944 година или поточно, со воспоставувањето на новата власт во ноември 1944 година.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа се состои од: податоци за утврдување и распоредување на буџетот; одредување и прибирање општински такси и даноци; отуѓување фабрики и други имоти на приватни лица; стопанисување со фабрики, електрични централи и други претпријатија; обезбедување приходи за потребите на полицијата и војската; спроведување воена мобилизација на населението; реквизиција на стока и возила за потребите на војската; комунално уредување на градот, организација на здравството, просветата, културата, социјалната заштита, пензиско осигурување и статистички податоци.

*Архивската граѓа е на бугарски јазик.*

***5. ДЕЛЕГАТ НА КОМЕСАРСТВОТО ЗА ЕВРЕЈСКИ ПРАШАЊА ПРИ СКОПСКА ЕВРЕЈСКА ОПШТИНА - СКОПЈЕ (1915-1947); 1915/1947: кн. 12, кут. 10; 1,1. АИ, а.е. 1310, листови 10393, НИС 107 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

За постоењето на Еврејската општина се говори уште во 1915 година во писмото испратено од тогашниот претседател на новоформираното друштво на Црвениот крст, митрополитот Неофит, до претседателот на Еврејската општина Елиезер Наваро, но без никакви податоци за организацијата и

начинот на работа на општината. Дури со „Правилата на Еврејската вероисповед на општината во Скопје“, донесени во 1936 година, се добива целосна слика за организираноста на Еврејската општина. Таа е самоуправно тело и самостојно управува со верско-управните, културните и добротворните установи, како и со верскиот имот, движен и недвижен, за што е ослободена од плаќање на сите јавни давачки.

Нејзина најважна функција е верски да ги обедини и едуцира сите еврејски семејства во Скопје, преку изградба на синагоги, училишта и други установи, во кои се јакне Мојсиевата вера, свест и традиција.

Најактивен период од работата на општината е периодот од формирањето до почетокот на 1942 година.

За време на Втората светска војна таа продолжува да постои, но во нови, изменети услови, наметнати со законите на фашистичка Бугарија. Во текот на месец август 1942 година се формира Комесарство за еврејски прашања при Министерството за внатрешни работи и народно здравје, што е многу важен момент за понатамошната работа на еврејските општини, во негативна смисла. Тие ја губат својата самостојност и се под директна јурисдикција на Комесарството.

Паралелно со формирањето на Комесарството, Министерскиот совет донесува и „Правилник за организација и управување на еврејските општини“. Според овој правилник, еврејска општина може да оформи секој град кој има повеќе од 50 еврејски семејства. Управата на ваквите еврејски општини ја сочинуваат: делегатот, претседател и 4 до 6 членови, кои ги назначува делегатот. Со правилникот за организација и управување со еврејските општини престануваат да постојат сите еврејски добротворни друштва, здруженија и фондации, а следи и забрана за отворање нови синагоги.

Во периодот по ослободувањето, во Скопје, на 26 декември 1944 година, е одржана конститутивна седница на Македонско-еврејскиот народноослободителен одбор, за набрзо потоа да биде преименуван во Македоно-еврејска верска општина. Обновената Скопска еврејска општина сериозно се занимавала со проблемите за помагање на Евреите, решавање на нивните станбени и социјални потреби, обновување на синагогите, утврдување бројот на жртвите, како и откривање на лицата директно одговорни за егзодусот на Евреите.

## 1.5. АРХИВСКИ ФОНДОВИ ОД 1944 г.

### *6. ОБЛАСТЕН НАРОДЕН ОДБОР - СКОПЈЕ (1949-1950); 1949/1950: кн. 46, кут. 17; 2,45. АИ, а.е. 1450, листови 10860, НИС 489 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Изворната граѓа на фондот Обласен народен одбор - Скопје се однесува на целокупната дејност на органите на власта и управата на подрачјето на Скопска област. Основан е на 18 април 1949 год., со новата административно-територијална поделба, според која Македонија е поделена на три области: Скопска, Битолска и Штипска. Во состав на Скопската област влегуваат седум

околии: Гостиварска, Ѓорчепетровска, Кривопаланечка, Кумановска, Скопска, Тетовска и Титовврелешка.

Основната дејност на фондообразувателот се состои во утврдување и распоредување на буџетот и во координирање на работата помеѓу поверенствата и народните одбори што биле под негова надлежност и министерствата на Народна Република Македонија.

Дејноста на Обласниот народен одбор - Скопје престанала на 31 јануари 1950 година како последица од новата административно-територијална поделба на Македонија.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Фондот содржи документи што ја карактеризираат дејноста на органите на власта и управата, односно административно-управната, здравствено-социјалната, комуналната, просветно-културната, стопанската, финансиската и др. дејности. Сочувани се акти во врска со буџетската политика, изборите, изградба и комунално уредување, активности и состојби во органите на управата, организациите и установите, описменување и унапредување на образованието, развој на занаетчиството, земјоделството, индустријата, трговијата, туризмот, угостителството и др. стопански дејности, унапредување на здравството, социјалната политика и др.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *7. ОКРУЖЕН НАРОДЕН ОДБОР (1945-1946); 1945/1946: кн. 24, кут. 2; 0,7. АИ, а.е. 252, листови 1421, НИС 53 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Со административно-територијалната поделба на Македонија од 1945 год. во Скопје е формиран Окружен народен одбор, кој под своја надлежност ги опфаќа и поранешниот Кумановски и Тетовски округ како и Скопска и Дебарска околија. Конституирањето на Одборот е извршено на пленарна седница одржана на 25 ноември 1945 година.

За спроведување на извршните и управните работи Окружниот народен одбор ги формира следните организациони единици: Секретаријат, Планска комисија, Стопански оддел, Просветен оддел, Здравствен оддел, Социјален оддел, Оддел за трговија и снабдување, Оддел за труд, Отсек за народни имоти, Управен оддел, Финансов оддел и Технички оддел.

Со престанувањето со работа на крајот од 1946 и почетокот на 1947 год. неговите ингеренции се пренесуваат на градските и околиските народни одбори.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Граѓата се состои од: записници од седници на Пленумот; извештаи; програми и планови за работа; формирање комисии при окружните, околиските и градските одбори; формирање земјоделски одбори за решавање проблеми од аграрот како: пролетна и есенска сеидба, пласман на земјоделските производи и др.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## *48. НАРОДЕН ОДБОР НА СКОПСКА ОКОЛИЈА - СКОПЈЕ (1955-1963); 1955/1963: кн. 100, куш. 147; 17,7. АИ, а.е. 11423, лисшови 111728, НИС 3613 сшр.*

*Историјаш на фондообразовашелош:*

Народниот одбор на Скопска околија е општествено-економска и политичко-територијална заедница на општините и населението од подрачјето на град Скопје и Скопска околија. Формиран е со „Законот за подрачјата на Околиите и општините во Народна Република Македонија" (Сл. Весник на НРМ бр. 20/55 год.). Според овој закон во Скопска околија влегуваат општините: Бутел, Ѓорче Петров, Драчево, Петровец, Ракотинци и градските општини Идадија, Кале, Кисела Вода и Саат Кула. Со влегувањето во сила на овој Закон престанува да важи „Законот за поделба на НРМ на околии, градови, градски општини и општини" од 10 април 1952 год. Народниот одбор на град Скопје и Околискиот народен одбор престануваат со работа, а нивните ингеренции ги презема новоформираниот Народниот одбор на Скопска околија.

Конституирањето на Народниот одбор на Скопска околија е извршено на I-та заедничка седница, одржана на 29 јуни 1955 год. а отпочнува со работа на 1 септември 1955 год.

Народниот одбор на Скопска околија го сочинуваат Околискиот собор и Соборот на производителите. За спроведување извршни работи Одборот формира совети со претседател и членови.

За вршење работи од една, две или повеќе дејности народниот одбор формира секретаријати, а во зависност од делокругот на работата секретаријатите формираат: отсеци, реферати, управи, заводи, комисии и др.

За финансирањето и кредитирањето на подрачјето на град Скопје и Скопската околија, Народниот одбор формира фондови, кој што својата дејност ја вршат исклучиво на седница на управните одбори.

За одделени прашања од својата надлежност Народниот одбор од своите членови формира постојани и привремени комисии.

Севкупните активности од работата на Народниот одбор ја извршува администрацијата. Народниот одбор на Скопската околија до укинувањето во 1963 година и воспоставувањето на Градското собрание на град Скопје, повеќе пати ја менува организационата структура, но неговото име во целиот период останува непроменето.

*Содржински йодашоци за архивскаша ѓраѓа:*

Архивската граѓа се карактеризира со богати и разновидни документи од активноста на Народниот одбор и неговите органи и тела; податоци за буџетот и општествените планови; основање фондови за кредитирање станбена изградба и помош на настраданите од поплави; акти за експропријација на земјиште за станбена изградба, покривање загуби во стопански организации, преземање гаранции за инвестициони кредити за потребите на стопански и нестопански организации; акти за ликвидација на претпријатија, назначување директори на работни организации, прегледи и анализи за движењето на продуктивноста на трудот, како и документи кои се однесуваат на здравството, социјалната заштита и др.

*Архивскаша ѓраѓа е на македонски јазик.*

## *9. НАРОДЕН ОДБОР НА ГРАД СКОПЈЕ (ГРАДСКИ НАРОДЕН ОДБОР СКОПЈЕ) - СКОПЈЕ (1945-1955); 1945/1955: кн. 855, кут. 147; 19,72. АИ, а.е. 4756, листови 237785, НИС 2406 стр.*

*Историјат на фондообразователот:*

По донесување на Повелбата, на 18 април 1945 година, формиран е Градскиот народен одбор - Скопје, како орган на власта и управата, кој го презел организирањето на животот (во сите негови сфери) на територијата на градот Скопје.

Во текот на своето функционирање Градскиот народен одбор - Скопје претрпел три реорганизации.

На 18 април 1945 година, со седница на Извршниот народен одбор на Градскиот народен одбор - Скопје, започнала работата на новоформираниот орган на власта и управата на територијата на градот Скопје. Организацијата и надлежноста на Одборот во периодот од 18 април 1945 до 23 декември 1948 година е следната:

ОРГАНИ НА ВЛАСТА: Пленум; Претседателство; Секретаријат и Извршен народен одбор

ОРГАНИ НА УПРАВАТА (ОДДЕЛИ): управен; внатрешни работи; судски; стопански; финансов; соопштенија и градежи; просветен; социјални грижи и народно здравје; трудов; исхрана.

Со одделите раководат прочелници кои се истовремено и членови на Извршниот народен одбор.

Со Уредбата на Владата на НРМ за организирање на поверенства во околиските и градските народни одбори и организација на управните апарати на одборите, донесена на 20 ноември 1948 година, се утврдува организацијата и надлежноста на Градскиот народен одбор - Скопје за периодот од 24 декември 1948 до 10 април 1952 година:

ОРГАНИ НА ВЛАСТА: Пленум; Претседател; Секретар; Извршен одбор; Контролна комисија и Планска комисија.

ОРГАНИ НА УПРАВАТА: Поверенство за внатрешни работи; Поверенство за локална индустрија и занаетчиство; Поверенство за земјоделие, ветерина и шумарство; Поверенство за трговија и снабдување; Поверенство за државни набавки; Поверенство за угостителство и туризам; Поверенство за локален сообраќај; Поверенство за градежи; Поверенство за технички работи; Поверенство за станови; Поверенство за комунални работи; Поверенство за просвета и култура; Поверенство за народно здравје и социјални грижи; Поверенство за финансии и Персонално одделение.

Со поверенствата раководат повереници кои истовремено се и членови на Извршниот одбор.

Со Законот за реорганизација на народните одбори, од 28 април 1952 година, при Градскиот народен одбор - Скопје, за периодот од 11 април 1952 до 28 јуни 1955, се образуваат:

ОРГАНИ НА ВЛАСТА:

- Градски собор;
- Собор на производители; и постојаните одборнички комисии за: мандатно-имунитетна, сметководствена, молби и жалби, општествен план и буџет, прописи и организациони прашања, избор и именувања.

ОРГАНИ НА УПРАВАТА се советите за стопанство; финансии; комунални работи; просвета и култура; народно здравје и социјални грижи; внатрешни работи. Со советите раководат началници кои истовремено се и членови на соборите.

Основната дејност на фондообразователот се состои во утврдување и распоредување на буџетот и во координирањето на работата помеѓу: советите (поверенствата, одделите); градските стопански и нестопански организации под административно и оперативно раководство на Градскиот народен одбор - Скопје; месните народни одбори, општинските народни одбори, народните одбори на I, II, III и IV реон - Скопје и министерствата на Народна Република Македонија. Сите активности се вршеле со цел да се развие градското подрачје.

Дејноста на Народниот одбор на град Скопје (Градски народен одбор - Скопје) престанува по донесувањето на „Законот за подрачјата на околиите и општините во Народна Република Македонија", од 28 јуни 1955 година.

*Содржински подашоци за архивскаша граѓа:*

Фондот Народен одбор на град Скопје (Градски народен одбор - Скопје) е составен од архивска граѓа што се однесува на севкупната дејност на органите на власта и управата на подрачјето на градот Скопје, создадена во периодот 1945-1955 година. Граѓата содржи документи од работата на:

- Пленумот на Градскиот народен одбор - Скопје;
- Извршниот одбор на Градскиот народен одбор - Скопје;
- Градскиот собор на Народниот одбор на град Скопје;
- Соборот на производителите на Народниот одбор на град Скопје;
- Постојаните одборнички комисии на Народниот одбор на град Скопје;
- Претседателството и Секретаријатот на Градскиот народен одбор - Скопје;
- Комисиите: Планска и Контролна;
- Советите (секретаријатите, поверенствата, одделите) за: управа; внатрешни работи; стопанство (локална индустрија и занаетчиство; земјоделие, ветерина и шумарство; локален сообраќај; трговија и снабдување; државни набавки; угостителство и туризам; сообштенија и градежи; технички работи; комунални работи); просвета и култура; труд; народно здравје и социјални грижи; финансии и Персонално одделение;
- Општествено-политичките организации на Народниот одбор на град Скопје.

Фондот содржи изборна граѓа од три изборни мандати и седнична граѓа создадена на седниците на: Пленумот; Извршниот одбор; Градскиот собор; Соборот на производителите; постојаните одборнички комисии; советите на органите на управата; и собирите на избирачи. Речиси во секоја организациона единица се среќаваат таканаречени „документи од општ карактер" (записници, заклучоци, планови, извештаи, информации, анализи и друго) што содржат податоци за организацијата и работата на организационата единица и се лоцирани на почетокот.

При средувањето на граѓата особено внимание е посветено на тематската класификација, односно групирање на документи според темата што ја евидентираат, како на пример од следните области:

- ИНДУСТРИЈА: индустриско производство;
- ВЕТЕРИНАРСТВО: болести кај животните;

- ЗЕМЈОДЕЛСТВО: сеидби; вршидби; жетви; развој на овоштарството и лозарството; земјоделски површини и добиток; работа и развој на задругарството;
- ШУМАРСТВО: пошумување на градот;
- ГРАДЕЖНИШТВО: капитална и инвестициона изградба; реконструкција и изградба на улици и мостови; водоводна и канализациона мрежа;
- СООБРАЌАЈ: сообраќајна мрежа;
- ТРГОВИЈА: развој на трговската мрежа; снабдување на градот; откупна мрежа;
- УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ: угостителска мрежа; развој на туризмот;
- СТАНБЕНО КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ: станбена политика; станбен фонд; станбени заедници;
- ФИНАНСИИ: народни заеми; кредити; воена штета;
- ПРОСВЕТА (ОБРАЗОВАНИЕ) И КУЛТУРА: народно просветување (аналфабетска кампања); училишна мрежа; училишни одбори; едукација на кадри; досиеја на: предучилишни установи, основни и средни училишта, детски домови и градинки, културно-уметнички друштва и организации, женски друштва, културни установи, спортски објекти; културно-уметнички настани;
- ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА: здравствени домови; детска заштита.

На крајот на фондот се наоѓаат документите од имотно-правен карактер. Тоа се документи што по своето создавање припаѓаат во седничната граѓа или во граѓата од областа на финансиите, меѓутоа како група се издвоени заради поедноставно манипулирање, условено од потребата на барателите.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## ОКОЛИСКИ НАРОДНИ ОДБОРИ

***10. ДРАЧЕВО (1945-1947); 1945/1947; кн. 2, кут. 7; 0,7. АИ, а.е. 1721, листови 5655, НИС 34 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Со Законот за новата територијална поделба на Македонија од 2 ноември 1945 година се укинува Скопската околија и се формираат околиските народни одбори меѓу кои и Околиски Народен одбор - Драчево.

Околискиот Народен одбор - Драчево престанува со работа врз основа на новиот Закон за административно територијална поделба на НРМ донесен на 3 јануари 1947 од Собранието на НРМ.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Фондот содржи докумени кои се однесуваат на работата на Околискиот народен одбор Драчево и тоа: формирањето и работата на селските работни

задруги, откуп на земјоделски производи, распределба на подарената стока од УНРА, статистички прегледи за населението, елаборати за разни објекти и сл.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

**11. ЃОРЧЕ ПЕТРОВ (1945-1952); 1945/1952: кн. 11, кут. 17; 3,0. АИ, а.е. 787, листови 10938, НИС 332 стр.**

*Историјат на фондообразувателот:*

Околискиот народен одбор - Ѓорче Петров е општествено-економска и политичко територијална заедница на месните народни одбори и населението од Ѓорчепетровска околија.

Според првата административно-територијална поделба на Федеративна Македонија од 1945 година, Македонија е поделена на окрузи, околии и месни народни одбори. Една од околиите е и Ѓорчепетровска околија со 55 населени места распределени во 26 месни народни одбори.

Со административно-територијалната поделба на Македонија во 1947 година, Ѓорчепетровска околија се состои од 38 населени места распределени во 16 месни народни одбори.

Според одредбите на Законот за административно-територијална поделба на Македонија од месец септември 1950 година, Ѓорчепетровска околија и натаму останува со 38 населени места распределени по месни народни одбори.

Во организационен поглед, како и другите народни одбори, така и овој Одбор при самото формирање има поедноставна органиазциона поставеност, која во натамошниот период претрпува трансформации и организационо се усложнува.

Одборот се конституира на I-та пленарна седница, одржана на 26 ноември 1945 година. На оваа седница е извршен избор на Извршниот одбор и се формирани одделите: Финансов, Просветен, Оддел за исхрана и трговија, Стопански, Здравствено-социјален и Управен оддел.

На седницата на Извршниот одбор, одржана на 27 ноември 1945 година, меѓу другото, се назначени и прочелници на одделите. Одделите понатаму се трансформираат и прераснуваат во повереништва, кои во својот состав имаат оддели, отсеци, управи, служби и сл. Така на пример Одделот за финансии во 1949 година прераснува во Повереништво за финансии, Одделот за стопанство се трансформира во Повереништво за земјоделие, Повереништво за шумарство и Повереништво за локална индустрија и занаетчиство.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа содржи: изборни материјали, седнични материјали од Пленумот и Извршниот одбор, документи кои се однесуваат на работата на секретаријатот и повереништвата за земјоделие и шумарството; трговија и снабдување; развојот на локалната индустрија и занаетчиството; основање стопански организации; унапредување на здравството и решавање социјални прашања; развојот на просвета и култура со отворање просветно-воспитни установи; техничката документација за изградба на објекти за потребите на селските работни задруги; живинарски фарми; градежни претпријатија;

рудникот „Радуша"; изградба на индивидуални станбени објекти; финансова документација за инвестициони вложувања и др.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

**12. МАЏАРИ - СКОПЈЕ (1945-1946); 1945 /1946: кн. 8, кут 7; 0,9. АИ, а.е. 2266, листови 5264, НИС 18 стр.**

*Историјат на фондообразувателот:*

Со Законот за новата административно-територијална поделба на Македонија од 21 ноември 1945 година се укинува Скопската околија, а се формира околија Маџари со седиште во с. Маџари.

Околискиот народен одбор Маџари престанува со работа врз основа на новиот Закон за административно-територијална поделба на Н.Р.М. донесен на 3 јануари 1947 година од Собранието на НРМ.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Документи кои се однесуваат на работата на Извршниот одбор и одделите; податоци за посетители на аналфабетски курсеви; извршени ревизии по училишта; списоци на наставен кадар; извештаи за состојба на библиотеките; набавка на прехранбени производи; откуп на житарици и снабдување на населението со житарици, семе и стока; решенија за одземање земја по пат на аграрна реформа; списоци и друг материјал за бегалците од Егејска Македонија.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

**13. ОКОЛИСКИ НАРОДЕН ОДБОР - СКОПЈЕ (1947-1955); 1947/1955: кн. 177, кут. 57; 10,0. АИ, а.е. 9641, листови 45982, НИС 1027 стр.**

*Историјат на фондообразувателот:*

Околиските народни одбори ја започнуваат својата дејност со донесувањето на Уредбата на Министерскиот совет на Федерална Македонија од 27 ноември 1945 година, со која се определува бројот на територијалните подрачја и седиштата на околиските и месните народни одбори. Територијата на Македонија е поделена на 5 окружни народни одбори, 33 околиски и 872 месни народни одбори.

Народниот одбор на Скопска околија од крајот на 1944 година го носи називот Околиски народноослободителен одбор Скопје, а со негово укинување во ноември 1945 се формираат: Околија Маџари со седиште во с. Маџари; Драчевска околија со седиште во с. Драчево и Ѓорчепетровска околија со седиште во Ѓорче Петров, а за подрачјето на град Скопје функционира Градскиот народен одбор.

Со административно-територијалната поделба од 3 јануари 1947 година, градот Скопје е одвоен од составот на административните околии и како Околиски народен одбор Скопје ќе делува сè до 1955 година.

Со Општ закон за народните одбори донесен од Народното собрание на ФНРЈ на 25 мај 1946 година[1], народните одбори добиваат статус на највисоки органи на државната власт од локално значење преку кои народот ја врши својата власт. Тие се избрани на основа општо, непосредно и еднакво избирачко право со тајно гласање и донесуваат прописи во рамките на својата надлежност.

Секој околиски народен одбор има свој буџет и располага со своите приходи и расходи, а од него се подмируваат личните и материјалните трошоци на сите органи, установи и претпријатија во негова надлежност.

Организационата поставеност на околиските народни одбори (со одредени измени) е следната:

1. Извршен одбор (составен од претседател и секретар), кој раководи со работата на повереиствата за земјоделие и шумарство; трговија и снабдување; комунални работи; финансии; труд; просвета и култура; народно здравје; социјални грижи; локален сообраќај и за индустрија и рударство;
2. Секретаријат, во чиј состав спаѓаат: персонален отсек, служба за евиденција, управен отсек, правна служба, катастарски отсек, воен отсек и служба за администрација;
3. Постојани комисии - Контролна, Планска и Комисија за жалби и поплаки, по потреба се формираат и времени комисии и служби и
4. Собир на избирачите како највисок орган.

Околиските народни одбори се трансформираат во 1952 година.

*(Историјатот се однесува на сите околиски народни одбори.)*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Фондовите на околиските народни одбори најчесто содржат записници и седнични материјали од органите и телата, правилници за работа, списоци на персоналот, програмски и извештајни материјали, анализи - информации за состојбите од сите домени на дејноста на одборите, решенија за основање земјоделски, индустриски, занаетчиски, трговски, кредитни, транспортни и други претпријатија, за основање установи (просветни, културни, здравствени, социјални и сл.), документи во врска со аграрната реформа, колонизацијата, експропријацијата, конфискацијата, национализацијата, купо-продажни договори, градежни дозволи и сл.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *14. ГРАДСКО СОБРАНИЕ НА ГРАД СКОПЈЕ (1963-1968); 1963/1968; кн. 16; кут. 160; 16,0. АИ, а.е. 24590, листови 145985, НИС 358 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Градското собрание на град Скопје е орган на општественото самоуправување и највисок орган на власта во рамките на правата и должностите на градот. Формирано е за вршење на определени работи од заеднички интерес за градот Скопје, а како резултат од уставните промени во

[1] „Службен лист на ФНРЈ" бр. 43/46 год.

1963 година наместо тогашниот Градски совет на град Скопје до крајот на 1968 година го носи името Градско собрание - Собрание на град Скопје. Во своја надлежност ги презема и врши правата и должностите и на околијата на подрачјето на градот Скопје, а во тој период Скопје и околијата го сочинуваат општините: Идадија, Кале, Кисела Вода, Саат Кула, Ѓорче Петров, Драчево и Петровец.

Првата заедничка седница на Градското собрание на град Скопје е одржана на 10 јуни 1963 година, кога е донесена одлука за работа на Градското собрание на град Скопје и за организација и делокруг на неговите органи. Има претседател и двајца потпретседатели, а неговите одборници ги избираат општинските собранија на подрачјето на градот од редот на своите одборници, како делегати на општините, пропорционално спрема бројот на жителите на општината. Во неговиот состав работат комисии и совети, а за извршување на работите од областа на општествениот план и финансиите постои и Одбор за општествен план и финансии.

Катастрофалниот земјотрес од 26 јули 1963 година ќе наметне нови услови што ќе се одразат и на реорганизацијата на Градското собрание и во овој период неговата организациона структура е насочена кон покривање на општествените потреби, настанати како последица на земјотресот.

Со стапување во сила на Законот за измени на Уставниот закон за спроведување на Уставот на СРМ, на Градското собрание му се одземени функциите на Околијата.

На 15 јули 1965 година донесен е Указ за прогласување на Законот за Градското собрание на град Скопје, а со донесување на Статутот на градот конечно е заокружен процесот на организацијата и делокругот на работата на Градското собрание и неговите органи. Па така, како орган на самоуправување врши определени работи од заеднички интерес за градот Скопје како целина, со права и должности на општина, а за вршење на своите надлежности Градското собрание соработува со општинските собранија и општествено-политичките и другите самоуправни организации на подрачјето на градот, кои во овој период ги сочинуваат подрачјата на општините: Идадија, Кале и Кисела Вода. За извршување на своите задачи Градското собрание и во овој период е организирано во комисии, совети, а за вршење на управните, стручните, општествените и други работи, образува заводи, дирекции, управи, одделенија, отсеци и други единици.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Во периодот на своето постоење од 1963-1968 година, Градското собрание разгледува и решава низа прашања од витално значење за градот. Во седничниот материјал во најголем број случаи се разгледуваат проблемите околу обновата на градот по катастрофалниот земјотрес. Сочувани се анализи, извештаи, информации, елаборати, програми, решенија во врска со работата на работните организации, движењето на вработеноста во Скопје, развојот на комуналната дејност по земјотресот, развојот на училишната мрежа од втор степен, сообраќајните проблеми, здравствената состојба, изградба здравствени установи во новите населби, згрижување стари лица, снабдување на градот со прехрамбени продукти потребни за населението и сл.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

**250. (520) СОБРАНИЕ НА ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ (1969-1990); 1969/1990: кут. 140; 14,0. СИ, а.е. 13669, листови 109400, НИС 32 стр.**

*Историјат на фондообразувателот:*

Во периодот на своето работење, од ослободувањето на градот во 1944 година, фондообразувателот повеќе пати го менувал својот назив. Последниот назив, пред донесување нов Статут на град Скопје во 1969 година, за периодот 1963-1968 година гласи - Градско собрание на град Скопје.

Со Законот за образување општина на град Скопје[1] донесен на седницата на Организационо-политичкиот собор на Собранието на СРМ, одржана на 25 декември 1968 година и на Републичкиот собор, одржана на 26 декември 1968 година, општините Идадија, Кале и Кисела Вода се спојуваат во една општина под назив: Општина на град Скопје.

Собранието на град Скопје почнува со работа на 31 декември 1968 година. Организацијата, правата, должностите и надлежностите на Собранието на град Скопје и неговите тела се регулираат со Статутот на град Скопје [2] :

*Организација и делокруг на работа на Собранието (1969-1973):*

- Општ собор на градот - го сочинуваат одборниците на Собранието на Градот и претставниците на општествено-политичките организации во Градот и разгледува прашања што се од посебно значење за Градот.

Собранието на градот Скопје го сочинуваат: Градскиот собор; Стопанско-комуналниот собор; Просветно-културниот собор и Социјално-здравствениот собор.

Собранието на градот своите права и должности и работите од своја надлежност ги врши на заеднички седници на сите собори или на заеднички седници на Градскиот собор и соодветните собори за определени области.

Секој собор, одделно, ги врши работите од својот делокруг на седници на соборот. За вршење на определени работи од надлежноста на Собранието на Градот, се образуваат: совети, комисии и управни одбори на фондовите.

Со новиот Статут на општината на град Скопје, донесен на 55-та заедничка седница на Градскиот собор и сите собори на работните заедници, одржана на 28 февруари 1974 година[3], а врз основа на чл. 192 од Уставот на СРМ и единствените основи на социјалистичкиот самоуправен општествен и политички систем на земјата, се регулира статусот, правата, должностите и организацијата на Собранието на град Скопје .

*Организација и делокруг на работа на Собранието (1974 - 1990):*

Собранието како орган на општествено самоуправување и највисок орган на власта во рамките на правата и должностите на градот го сочинувале:

- Собор на здружениот труд;
- Собор на месните зедници и
- Општествено политичкиот собор.

1. Службен весник на СРМ, бр.44 од 27.12.1968 година.
2. Службен лист на град Скопје - Статут на град Скопје (јуни 1969).
3. Службен гласник на град Скопје, бр.9 од 02.03.1974 година.

За прашања од посебен интерес за градот, Собранието расправа и одлучува на заеднички седници на сите собори, а на посебни седници на соборите расправа за прашања од поедини области од општествено-политичкиот живот во Градот што се во нивен делокруг.

За разгледување предлог-одлуки и други акти за претресување други прашања од надлежноста на Собранието и неговите собори, се образуваат одбори, комисии и други постојани и повремени работни тела.

Извршен орган на Собранието е Извршниот совет. За претресување прашања од делокругот на својата работа Извршниот совет може да образува одбори и други тела.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа содржи: Изборни материјали; записници и материјали од одржаните заеднички седници од соборите, советите, комисиите, управните одбори на фондовите, одделенијата.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## СОБРАНИЈА НА ОПШТИНИ

***16. ЃОРЧЕ ПЕТРОВ (1955-1965); 1955/1965:***
***кн. 48, кут. 153; 17,7. СИ, а.е. 28857, листови 133659, НИС 893 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Народниот одбор на општина Ѓорче Петров започнува со работа од 1 септември 1955 година и опфаќал 36 населени места, а од 1960 година, во актот бр. 0349-6381, постои список во кој се одбележани 32 села и градот Ѓорче Петров. Од 3 јуни 1963 година го менува називот во Собрание на општина Ѓорче Петров и под тој назив работи сè до 31 јануари 1965 година.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Народниот одбор на општина Ѓорче Петров, а потоа Собрание на општина Ѓорче Петров, преку работа на своите служби, органи и тела, а посебно преку работа на седниците, разгледувал и донесувал разни акти што се од посебно значење за општествено-политичкиот, економскиот, културно просветниот и друг живот на општината и за нив носел одлуки и решенија, препораки и заклучоци.

Поважни прашања што се разгледувале на седниците се: положба и функционирање на комуналниот систем на НО Ѓорче Петров, разгледување и донесување завршни сметки на стопански организации, определување населени места што се сметаат за села на подрачјето на општината Ѓорче Петров.

Фондот содржи:

- извештаи за: работата на Собранието, советите, спроведените избори итн;
- информации за: извршена наплата на приходи од населението, состојба на физичката култура на подрачјето на општината, движење и положба

на стопанството по катастрофалниот земјотрес за територијата на општината, информации за здравствена положба на населението на територија на општината, лоцирање нови населби на територијата на општината;
- образложенија за: отворање нови населби;
- одлуки за: доделување плацеви за трајно користење, за изградба станбени објекти; доделување помош на деца на паднати борци и жртви на фашизмот и обезбедување бесплатна здравствена заштита; измена на Генералниот урбанистички план на „Ѓорче Петров“; определување место за стручна и техничка изработка за подигање споменик на револуционерот Ѓорче Петров; постапката за поправка на станбени згради сопственост на индивидуални и граѓански правни лица кои се оштетени од земјотресот во „Ѓорче Петров“;
- препораки за: зголемување на физичкиот обем и правилно спроведување на изборите за РС и УО во работните организации;
- програми за: перспективниот развиток на школството;
- решенија за: отворање нови и вечерни училишта; донесување статут, општествен план и буџет на Општината; формирање мировни совети; ликвидација на стопански претпријатија; формирње комисии за упис на народен заем, за распределба на станови во монтажните населби, за спроведување статистички попис на земјоделските стопанства; за формирање народни комисии и делегирање членови во училишните одбори; за отворање нови училишта и гимназија во општина „Ѓорче Петров“.

*Архивската граѓа е на македонски јазик*

***17. ПЕТРОВЕЦ (1955-1965); 1955/1965: кн. 79, кут. 83; 12,25. СИ, а.е. 16629, листови 73124, НИС 2071 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Собранието (Народен одбор) на општина Петровец, е основна општествено - политичка заедница на своето подрачје, формирана со Законот за уредување на општините и околиите од 29.06.1955 година (Сл. весник на СРМ бр.20 од 1955 година), како највисок орган на власта и орган на општествено самоуправување во рамките на правата и должностите на Општината.

Во состав на Општината Петровец влегуваат 44 села: Агино село, Ајватовци, Арачиново, Бадар, Блаце, Брезница, Брзак, Бујковци, Бунарџик, Бучинци, Горно Коњари, Градманци, Брњарци, Грушино, Дељадровци, Дивље, Долно Коњари, Идризово, Инџиково, Јурумлери, Кадино, Катланово, Кожле, Крушје, Летевци, Марино, Маџари, Миладиновци, Мојанци, Мралино, Мршевци, Никуштак, Огњанци, Петровец, 'Ржаничино, Синѓелиќ, Средно Коњари, Стајковци, Студена Бара, Сушица, Трубарево, Ќојлија и Чифлик.

Седиштето на територијално-административниот центар било во с. Петровец.

Од вкупно 44 села на подрачјето на општината формирани се 31 месни народни одбори и 3 месни канцеларии со седиште во селата Катланово, Бунарџик и Средно Коњаре.

Собранието (Народниот одбор) ги вршело своите права и должности врз основа и во рамките на Уставот, Законот и Статутот на општината.

Собранието (Народниот одбор) на општината Петровец го сочинувале:

- Општински собор;
- Соборот на производителите (Собор на работните заедници „Сл.весник на НРМ“ бр. 15 од 12. 04. 1963 година)

Собранието своите функции и надлежности ги остварувало на заеднички седници на двата собора и на посебните седници на соборите.

Од 1955 година до изборите во 1957 година функционирал само Општински собор (еднодомно собрание) составен од 35 одборници.

Во тој период се одржале 24 седници. По изборите во 1957 година, Народниот одбор на општината „Петровец“ бил составен од Општински собор (40 одборници) и Собор на производители (30 одборници).

Конститутивен дел на Народниот одбор на општината Петровец биле советите за: Општа управа и внатрешни работи; Стопанство; Народно здравје и социјална политика; Комунални работи; Просвета; Финансии и комисиите за: Избори и именувања; Молби и поплаки; Народна одбрана; Општествен надзор; Одликување; Повратници и Службенички прашања.

Советите и комисиите, како работни тела на Собранието (Народниот одбор), играле голема улога во решавањето на низа прашања што биле од особено значење за развиток и подобрување на животните и работните услови во општината.

Комисиите, како и советите, расправале и донесувале одлуки за низа прашања што им биле одредени со Статутот на општината.

Според одлуката за основање органите на управата од 21.12.1959 година се укинале претходните органи на управа, и се формирале нови: Одделение за општа управа и општествени служби; Одделение за стопанство и финансии; Отсек за народна одбрана и Реферат за имотно-правни односи.

Во 1963 година, по донесувањето на Уставот на СРМ, се извршила нова реорганизација на Народениот одбор - Собранието на општина Петровец - и се формирани нови органи: Секретаријат на општинско собрание; Одделение за стопанство и финансии и Отсек за народна одбрана.

Како посебни органи на управата на општинското собрание на општина Петровец се основаат: судија за прекршоци и месни канцеларии.

Собранието на општина Петровец престанало со својата работа во текот на 1965 година, односно по донесувањето на Законот за подрачјата на општините во СРМ (Сл.на НРМ бр. 2 од 1965 година) и одржаните избори за општински собранија. Надлежностите од работата на ова Собрание преминале во надлежност на Собранието на општина „Кале“ - Скопје.

*Содржински податоци на архивската граѓа:*

Седнични материјали од Собранието на општина Петровец, од Општинскиот собор, Соборот на производителите и Соборот на работните заедници, Советите и комисиите, анализи, буџети, договори, извештаи, планови, прегледи, пресметки, решенија, списоци, градежни дозволи и материјали за изградба на станбени објекти за општествени и приватни лица.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *19. КАЛЕ - СКОПЈЕ (1955-1968); 1955/1968: кн. 63, куш. 373; 38,5. АИ, а.е. 10028, лисшови 159764, НИС 1363.*

*Исшоријаш на фондообразоваШелоШ:*

Општината „Кале“ била основна општествено-политичка заедница на граѓаните и таа функционирала во периодот од 1955 до 1968 година.

Во овој период таа претрпела административно-политички и територијални промени, што се гледа и од документите што ги содржи фондот.

Токму заради ваквите промени, фондот го среќаваме под два назива:

- Народен одбор на општина Кале (1955-1963);
- Собрание на општина „Кале“ (1963-1968).

Со Уставот на СРМ од април 1963 година (Сл.весник бр.15 од 12.03.1963 година), преставнички тела на општините се собранијата. Така во периодот од 1963 до 1968 година називот на општината се менува и гласи „Собрание на општина Кале“ - Скопје, под кој назив фондот е средуван и обработуван.

Во периодот 1955-1963 година територијата на Народна Република Македонија била поделена на околии, а околиите на општини.

Народниот одбор на општина „Кале“ во овој период се протегал во следните територијални граници: по левата страна на реката Вардар, почнувајќи од Катастарска Општина Ѓорче Петров, до средината на ул.„Борис Кидрич“, ул.„Цветан Димов“, средината на Бутелски пат во правец на Бутел, вклучувајќи го во општината и населеното место Визбегово. (Сл. Весник 1955 година). Седиштето на Народниот одбор на општината „Кале“ бил во Скопје.

Со Статутот на Народниот одбор на општина „Кале“ биле формирани следните управни органи: Одделение за општи работи и буџет; Одделение за стопанство; Одделение за комунални работи и станбени прашања; Одделение за народно здравје и социјална заштита; Управа за приходи и Отсек за просвета.

Освен овие управни органи постоеле и посебни организациони единици: Судија за прекршоци и Матична служба.

Исто така постојат инспекциски служби, како посебни органи на општината и тоа: Пазаришна инспекција; Санитарна инспекција и Градежна инспекција.

Сите овие органи дејствувале во рамките и делокругот на Народниот одбор на општината, според позитивните законски одредби.

Со Законот за менување на подрачјата на одделни општини во НРМ донесен на 07.02.1962 година, доаѓа до промена на територијалните граници на општина „Кале“ и се припојуваат следните населени места: Бањани, Блаце, Бразда, Брест, Бродец, Бутел, Визбегово, Глуво, Горњани, Горно Оризаре, Кучевиште, Љубанци, Љуботен, Мирковци, Побожје, Радишани, Танушевци и Чучер, од укината општина Бутел.

Со Уставот на СРМ од април 1963 година објавен во Сл.весник на СРМ“ бр.15 од 12.04.1963 година, преставничко тело на општината било Собранието. Така во периодот од 1963-1968 година називот на општината се менува и гласи: „Собрание на општина Кале“ - Скопје.

Во текот на 1965 година („Сл. весник на СРМ“ бр. 2 од 23.01.1965 година), општината „Кале“ претрпела уште една територијална промена и се протегала на следната територија: дел од подрачјето на градот Скопје од левата страна на реката Вардар и населените места: Ајватовци, Арачиново, Бадар, Бањани,

Белимбегово, Блаце, Бразда, Брест, Брњарци, Бродец, Бујковци, Булачани, Бунарџик, Бутел, Бучинци, Визбегово, Глуво, Горњани, Горно Коњари, Горно Оризари, Градманци, Грушино, Дељадровци, Дивле, Долно Коњари, Идризово, Инџиково, Јурумлери, Катлановска Брезица, Кадино, Кожле, Коњарска Сушица, Кучевиште, Летевци, Љубанци, Љуботен, Марино, Маџари, Миладиновци, Мирковци, Мојанци, Мршевци, Мралино, Огњанци, Орланци, Петровец, Побожје, Радишани, Раштак, 'Ржаничино, Синѓелиќ, Средно Коњари, Стајковци, Страчинци, Танушевци, Текија, Трубарево, Ќојлија, Цршевo и Чучер. Седиштето на „Собрание на општина Кале“ - Скопје и понатаму останало во Скопје.

Во овие граници општината функционирала до нејзиното укинување на 31.12.1968 година, кога се формира „Градско собрание на град Скопје“.

Со Законот за пренесување на надлежностите од околиските на општинските и републичките органи (Сл.весник број 4 од 1.02.1965 година), надлежностите на околиските органи што ги вршеле до 1.02.1965 година се пренесуваат на општинските собранија и нивните органи.

Општинското собрание е највисок орган на власта и општественото самоуправување во рамките на правата и должностите на општината. Општинското собрание го сочинувале: Општински собор и Собор на работни заедници. Општинското собрание избирало претседател од редот на членовите (одборниците). Претседателот го претставува Собранието, ги свикува седниците, се грижи за извршувањето на одлуките донесени на седниците и надлежностите кои произлегуваат од работата на Собранието.

Органите на Управата ги сочинуваат сите основни и посебни органи и стручните служби.

Со цел за непосредно применување на прописите по кои одлучува Собранието на општината и неговите органи, за извршување на заклучоците на Собранието, советите и комисиите за вршење надзор на законите и другите прописи, се формираат следните ***основни органи***: Одделение за општа управа; Одделение за управни работи; Одделение за финансии; Одделение за комунално станбени објекти; Одделение за надзор и контрола; Одделение за стопанство; Одделение за општествена дејност; Одделение за внатрешни работи и Одделение за народна одбрана; ***посебни органи:*** Јавно правобранителство; Месни канцеларии и Служба за правна помош на граѓаните; ***стручни служби:*** Биро за организација и прописи; ***заеднички органи на општините***: Катастарска управа; Општински судија за прекршоци; Матична служба и Ветеринарна инспекција.

Вака поставено, „Собрание на општина Кале“ - Скопје функционирало сѐ до неговото укинување на 31.12.1968 година, кога, со Законот за формирање општина на град Скопје (Сл. Весник на СРМ од 27.12.1968 година), се формирало „Градското собрание на град Скопје“.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Изборни материјали, седнична граѓа од заедничките и посебните седници на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, седнична граѓа на советите, седнична граѓа на управните одбори на фондовите и граѓа од органите на управата (средена по организациони единици).

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***20. КИСЕЛА ВОДА - СКОПЈЕ (1955-1968); 1955/1968:***
***кн. 60, кут. 360; 40. АИ, а.е. 12746, листови 228360, НИС 1741 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Годините по завршувањето на НОВ се карактеризираат со зачестени административно - територијални и општествени промени, што е особено впечатливо за градското подрачје на Скопје.

Во 1945 година, со Законот за административно - територијалната поделба на Македонија на окрузи, градското подрачје на Скопје, како посебна територијална единица е поделено на четири реони, сé до донесувањето на Законот за подрачјата на околините и општините во НРМ, на 28.06.1955 година со кој подрачјето на Скопска околија се дели на девет општини, меѓу кои е и општината Кисела Вода.

Согласно новите законски одредби Народниот одбор на општина Кисела Вода - Скопје е конституиран на неговата Прва седница одржана на 8.08.1955 година. Општината Кисела Вода го опфаќала подрачјето на град Скопје на десната страна нареката Вардар, од границите на општина Идадија, се до крајот на градот, во правец на Драчево, вклучувајќи ги и населените места Горно Лисиче и Усје.

Со статутот на општината, таа е дефинирана како основна политичко територијална организација на самоуправување на работниот народ и основна општествено - економска заедница на населението на подрачјето на Општината.

Народниот одбор е највисок орган на власта на општина Кисела Вода и се грижи за обезбедување услови за развој на производните сили, стопанскиот развиток и подобрување на условите за живеење на подрачјето на општината. Во неговиот состав работат повеќе комисии и совети.

Со донесување на „Законот за подрачјата на околиите и општините во НРМ". „Законот за надлежноста на општинските и околиските народни одбори", двата во 1957 година, како и „Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на општина Кисела Вода", во состав на Народниот одбор на општината, се образувани Општински собор и Собор на производители.

Тие одржуваат заеднички седници на кои решаваат по прашањата од општествениот план и буџет на Општината, завршни сметки на буџетот и фондовите, инвестициите и сл. но одржуваат и посебни седници каде секој собор разгледува и одлучува за прашања од својот домен.

Покрај овие два собира НО на општината за проучување на одделни прашања образува постојани и повремени комисии и совети.

Со новиот устав на СРМ се определува општествено-политичкото уредување на СРМ, со кое, како општествено-политички заедници се утврдуваат општините, околиите и Социјалистичка Република Македонија. Функциите на власта и управувањето со општествените работи ги вршат претставничките тела, а претставничко тело за општина Кисела Вода е Општинското собрание на општина Кисела Вода кое го сочинуваат: Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, а за проучување на одредени прашања и претресување на предлози Општинското собрание образува комисии (постојани и повремени) и совети кои се грижат за остварување на политиката, утврдена од Општинското собрание.

По катастрофалниот земјотрес од 26.07.1963 година ОС на општина Кисела Вода ги превзема потребните мерки за згрижување, помош и

снабдување на настраданите жители од подрачјето на општината и за таа цел формира разни комисии и штабови.

Со Законот за измени на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и Одлуката за прогласување на Уставниот закон за измени на Уставот на СРМ[2] се укинуваат околиите и околиските собранија, а на нивно место во СРМ (со Закон за подрачјата на општините во СРМ[3]) се основаат 32 општини.

Со донесувањето на Уставот на СРМ во 1963 година настануваат територијални и организациски промени, а општините се уредуваат како општествено-политички заедници на граѓаните. Функциите на власта и управувањето со општествените работи ги вршат претставнички тела, како општи органи на општественото самоуправување на општествено-политичките заедници и органите што им се одговорни.

Претставничко тело на општината е Собранието, кое образува политичко-извршни органи и органи на управата.

Општинското собрание го сочинуваат Општинскиот собор и Соборот на работните заедници со еднаков број членови, кој се утврдува со Статут на општината.

Членовите на Општинскиот собор ги избираат граѓаните непосредно, а членовите на Соборот на работните заедници работните луѓе на подрачјето на општината.

Работите од своја надлежност општинското собрание ги врши на седници (заеднички седници и посебни седници на соборите).

Извршните функции по правило се вршат преку советите, а управните преку своите органи на управување-организациски единици.

Општинските собранија образуваат постојани и повремени комисии.

За обезбедување финансиски средства и унапредување на стопанските и други дејности општинските собранија образуваат фондови раководени од управни одбори.

Општинските собранија се конституирани на 1.2.1965 година и егзистираат до 14.9.1996 година, односно до донесувањето на Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа[4].

На 1.02.1965 година одржана е заедничка седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници и конституирано е ново избраното Собрание на општина Кисела Вода и е донесена Одлука за утврдување на организацијата и делокругот на работата на Собранието на општина Кисела Вода - Скопје и неговите органи; избрани се претседател и потпретседател на Општината, претседател и членови на комисиите, советите и УО на фондовите на Општината.

Реорганизациите, надлежностите и делокругот на работа, во периодот 1955-1968 год., се одвивале во согласност со донесените закони за организацијата и надлежноста на општините во 1955 (кога Општината Кисела

---

[2] „Сл. весник на СРМ", Скопје, 25.01.1965 год. XXI, бр. 2, стр. 18-19; Државен архив на Република Македонија, ф. Собрание на НРМ, 1.158.8.2/8-11.

[3] „Сл. весник на СРМ", Скопје 25.01.1965 год., XXI, бр. 2, стр. 19-27; Државен архив на Република Македонија, ф. Собрание на НРМ, 1.158.8.3/12-33.

[4] „Сл. весник на Република Македонија", Скопје, 14 септември 1996 година LII, бр. 49, стр. 2757-2770.

Вода носи назив - Народен одбор на Општина Кисела Вода - Скопје), 1963 (кога називот е Општинско собрание на Општина Кисела Вода - Скопје) и 1965 година (називот е Собрание на Општина Кисела Вода - Скопје).

На заедничката седница на Собранието на општина Кисела Вода, одржана на ден 27.11.1968, согласно Законот за образување општина на град Скопје, донесен е залучок за обединување на општините: Идадија, Кале и Кисела Вода и образување една општина на подрачјето на град Скопје, која ги презема сите имотни права и обврски на поранешните општини и на Градското собрание на Скопје.

*Содржински йодашоци за архивскаша ѓраѓа:*

Фондот содржи книги и документи од работата на одделенијата кои го пренесуваат севкупниот општествено-политички и економски развој на општината во дадениот период.

*Архивскаша ѓраѓа е на македонски јазик.*

## НАРОДНИ ОДБОРИ НА ОПШТИНИ

***22. БУНАРЏИК (1952-1955); 1952/1955: кн. 17, куш. 1; 0,3. СИ, а.е. 944, лисшови 2526, НИС 23 сшр.***

***23. БУКОВИЌ (1945-1955); 1946/1955: кн. 14, куш. 6; 0,75. СИ, а.е. 2599, лисшови 2599, НИС 41 сшр.***

***24. ВУЧИДОЛ (1945-1955); 1946/1955: кн. 16, куш. 9; 1,1. СИ, а.е. 4042, лисшови 8968, НИС 16 сшр.***

***25. ГОРНО КОЛИЧАНЕ (1945-1955); 1945/1955: кн. 29, куш. 5; 0,8. СИ, а.е. 1919, лисшови 4979, НИС 53 сшр.***

***28. КАТЛАНОВО (1945-1955); 1945/1955: кн. 27, куш. 9; 1,4. СИ, а.е. 3797, лисшови 8752, НИС 63 сшр.***

***29. ПЕТРОВЕЦ (1945-1955); 1945/1955: кн. 44, куш. 12; 1,4. СИ, а.е. 5195, лисшови 11595, НИС 74 сшр.***

***30. РАКОТИНЦИ (1955-1962); 1955/1962: кн. 8, куш. 15; 1,6. СИ, а.е. 3706, лисшови 14473, НИС 41 сшр.***

***31. РАШЧЕ (1945-1955); 1945/1955: кн. 18, куш. 4; 0,6. СИ, а.е. 2204, лисшови 3692, НИС 40 сшр.***

***32. САРАЈ (1945-1955); 1945/1955: куш. 10; 1,0. СИ, а.е. 471, лисшови 1181, НИС 70 сшр.***

***33. СИНЃЕЛИЌ (1945-1955); 1945/1955: кн. 46, кут. 9; 1,5. СИ,***
***а.е. 5621, листови 9385, НИС 123 стр.***

***34. СРЕДНО КОЊАРЕ (1945-1955); 1945/1955: кн. 20, кут. 3; 0,7. СИ,***
***а.е. 1479, листови 2879, НИС 26 стр.***

***35. ЗЕЛЕНИКОВО (1945-1955); 1945/1955: кн. 11, кут. 5; 0,6. СИ,***
***а.е. 2644, листови 5212, НИС 41 стр.***

*Историјат на фондообразувателите:*

Во 1952 година со укинувањето на месните народни одбори, а врз основа на Законот за поделбата на НРМ на околии, градови, градски општини и општини, Законот за спроведувањето на реорганизацијата на народните одбори и Законот за народните одбори на општините (Службен весник на НРМ бр.13/1952), се формираат општински народни одбори.

Во 1955 година постојните општински народни одбори се укинуваат со Указот за прогласување на Законот за подрачјата на околиите и општините на НРМ и Законот за спроведување и уредување на општините и околиите (Службен весник на НРМ бр. 20/1955).

***(Историјатот се однесува на сите народни одбори на општините)***

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## МЕСНИ НАРОДНИ ОДБОРИ

***41. АРАЧИНОВО (1945-1952); 1946/1952: кн. 12, кут. 4; 0,6. СИ,***
***а.е. 3035, листови 4238, НИС 41 стр.***

***42. БАРДОВЦИ (1945-1952); 1946/1952: кн. 15, кут. 2; 0,4. СИ,***
***а.е. 1289, листови 2193, НИС 22 стр.***

***44. БЕЛИМБЕГОВО (1945-1952); 1946/1951: кн. 8, кут. 1; 0,2. СИ,***
***а.е. 914, листови 1243, НИС 15 стр.***

***45. БОЈАНЕ (1945-1952); 1945-1952: кн. 20, кут. 3; 0,7. СИ,***
***а.е. 766, листови 1619, НИС 27 стр.***

***46. БРЕЗНИЦА (1945-1952); 1946/1952: кн. 6, кут. 1; 0,2. СИ,***
***а.е. 946, листови 1640, НИС 21 стр.***

***47. БУЛАЧАНИ (1945-1952); 1946/1952: кут. 3; 0,3. СИ,***
***а.е. 2205, листови 2742, НИС 95 стр.***

***48. БУЧИНЦИ (1947-1952); 1947/1951: кн. 5, кут. 1; 0,2. СИ,***
***а.е. 687, листови 817, НИС 13 стр.***

***49. ГЛУМОВО (1945-1952); 1946/1952: кн. 7, куш. 2; 0,3. СИ, а.е. 1041, лисшови 1782, НИС 42 сшр.***

***50. ГУМАЛЕВО (1945-1952); 1946/1951: кн. 1, куш. 2; 0,2. СИ, а.е. 1123, лисшови 2196, НИС 28 сшр.***

***51. ДЕЉАДРОВЦИ (1945-1952); 1946/1947: кн. 1, куш. 1; 0,1. СИ, а.е. 15, лисшови 30, НИС 6 сшр.***

***53. ДОЛНО СВИЛАРЕ (1945-1952); 1947/1951: кн. 5, куш. 2; 0,26. СИ, а.е. 990, лисшови 2255, НИС 11 сшр.***

***55. ЗЕЛЕНИКОВО (1945-1952); 1945/1952: кн. 1, куш. 3; 0,3. СИ, а.е. 2313, лисшови 3921, НИС 20 сшр.***

***56. КАДИНО (1945-1952); 1945/1952: кн. 10, куш. 2; 0,3. СИ, а.е. 1054, лисшови 2193, НИС 15 сшр.***

***57. КОПАНИЦА (1945-1952); 1946/1952: кн. 10, куш. 1; 0,34. СИ, а.е. 830, лисшови 1232, НИС 23 сшр.***

***59. КУЧКОВО (1945-1952); 1946/1952: кн. 14, куш. 3; 0,4. СИ, а.е. 2888, лисшови 3395, НИС 22 сшр.***

***61. МАРИНО (1945-1952); 1946/1947: кн. 3, куш. 1; 0,1. СИ, а.е. 491, лисшови 571, НИС 7 сшр.***

***62. МАЏАРИ (1945-1952); 1945/1951: куш. 2; 0,2. СИ, а.е. 1112, лисшови 1553, НИС 22 сшр.***

***63. МИЛАДИНОВЦИ (1945-1952); 1945/1950: кн. 6, куш. 2; 0,3. СИ, а.е. 1880, лисшови 2463, НИС 20 сшр.***

***64. МРШЕВЦИ (1945-1952); 1946/1951: кн. 20, куш. 2; 0,3. СИ, а.е. 1876, лисшови 3458, НИС 29 сшр.***

***65. НЕРЕЗИ (1945-1952); 1946/1952: куш. 1; 0,1. СИ, а.е. 1112, лисшови 1547, НИС 49 сшр.***

***66. ОРИЗАРИ (1945-1952); 1945/1952: кн. 15, куш. 5; 0,6. СИ, а.е. 3527, лисшови 5308, НИС 48 сшр.***

***68. РАДУША (1945-1952); 1946/1952: кн. 29, куш. 5; 0,7. СИ, а.е. 1800, лисшови 4292, НИС 67 сшр.***

***70. СТУДЕНИЧАНИ (1945-1952); 1945/1952: кн. 19, куш. 3; 0,3. СИ, а.е. 502, лисшови 1453, НИС 86 сшр.***

***71. СУШИЦА (1945-1952); 1945/1952: кн. 9, кут. 1; 0,2. СИ, а.е. 642, листови 737, НИС 11 стр.***

***72. ЦРЕШЕВО (1945-1952); 1945/1952: кн. 24, кут. 7; 0,8. СИ, а.е. 3356, листови 6393, НИС 55 стр.***

*Историјат на фондообразователите:*

Според првата административно-територијална поделба на Федерална Македонија, утврдена со Закон од месец септември 1945 година, Македонија е поделена на окрузи, околии и месни народни одбори.

Месните народни одбори се формирани во 1945 година врз основа на Уредбата за определување на бројот, територијалните подрачја и седиштата на околиските и месните народни одбори, донесена од страна на Министерскиот совет на Федерална Македонија од 21 ноември 1945 година (Службен весник на ФМ бр.24/45 год.). Со Уредбата се укинати општинските народни одбори и НОО и се формираат месни народни одбори.

Месните народни одбори се реорганизираат во општински народни одбори врз основа на Законот за поделбата на НРМ на околии, градови, градски општини и општини, Законот за спроведувањето на реорганизацијата на народните одбори и Законот за народните одбори на општините[5].

Месните народни одбори во Македонија, како органи на власта и управата, имаат задача да ги решаваат најосновните потреби на населението, работните организации и установите на територијата за која се задолжени со Закон. Тие се грижат за снабдување на населението со најосновните прехранбени производи, текстил, осветлување, огрев, училишен прибор и канцелариски материјал за образованието на нивниот терен и други елементарни потреби во согласност со економските и политички услови во кои функционираат одборите.

Со новата административно-територијална поделба на Македонија во 1952 година се укинуваат месните народни одбори и се формираат општинските народни одбори кои имаат пошироки овластувања и ингеренции од претходните.

***(Историјатот се однесува на сите месни народни одбори)***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа содржи податоци за:

- помагањето на НО војска со храна и облека, организирањето исхрана на населението, воведувањето задолжителен откуп на сите земјоделски производи;
- поправка на патиштата, мостови и станбени објекти, податоци за бројот на крупен и ситен добиток и за површините засеани со земјоделски производи;
- планирање на производството со разни култури и нормирање на цените на земјоделските производи;
- податоци за колонизацијата во Војводина; формирањето и работата на аграрните комисии и експропријацијата на имоти;
- враќање на куќите кои биле одземени од бившите колонисти;
- отворање аналфабетски и општообразовни курсеви;

[5] „Службен весник на НРМ“ бр. 13/52

- помош во формирањето селските работни задруги;
- отворање читалишта и библиотеки и
- записници и седнични материјали од одржаните седници на пленумите и одборите, на извршните одбори и на комисиите; на тие седници најмногу се третирани прашањата за формирањето селски земјоделски задруги, есенските сеидби, прибирањето и сместувањето на добиточната храна.

***(Содржинските йодатоци се однесуваат на сите месни народни одбори)***

*Архивската ѓраѓа е на македонски јазик.*

## ДРУГИ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

### *73. БИРО ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ НА ТРУДОТ ПРИ НАРОДЕН ОДБОР НА СКОПСКА ОКОЛИЈА - СКОПЈЕ (1956-1958); 1956/1958: куш. 2; 0,2. СИ, а.е. 2, лисшови 1615, НИС 38 сшр.*

*Содржински йодатоци за архивската ѓраѓа:*

Архивската граѓа содржи:

Решенија и пријави за признавање работен стаж за период 1956-1958

*Забелешка:*

***Од фондовите „Биро за йосредување на трудот йри Народниот одбор на Скойска околија“ - Скойје и „Биро за йосредување на трудот йри Градскиот народен одбор“ - Скойје, йо извршеното средување и обработка формиран е фондот „Биро за йосредување на трудот йри Народниот одбор на Скойска околија“ - Скойје, 1956-1958 ѓодина.***

*Архивската ѓраѓа е на македонски јазик.*

### *75. ГРАДСКА КОМИСИЈА ЗА ВОЕНА ШТЕТА - СКОПЈЕ (1945-1946); 1945/1946: кн. 2, куш. 31; 3,1. СИ, а.е. 9926, лисшови 38686, НИС 18 сшр.*

*Историјат на фондообразователот:*

Комисијата е формирана со акт на Земската комисија за воена штета, со решение на Народната влада на ДФМ (Сл. Весник на ДФМ 12/45). Комисијата имала задача да ги собере поднесените пријави од подносителите на штетите (жртви на окупаторските воени и цивилни органи), да ги провери, утврди и изврши процена на штетите во текот на војната со состојба на 5 април 1945 год.

*Содржински йодатоци за архивската ѓраѓа:*

Архивската граѓа содржи анкетни листови, пријави и записници за проценки на штетите кои се состоеле од уништени згради, дуќани, магацини, покуќнина, парични средства, драгоцености и др.

*Архивската ѓраѓа е на македонски јазик.*

### *76. КОМИСИЈА ЗА РЕВИДИРАЊЕ НА ИДЕЈНИ И ГЛАВНИ ПРОЕКТИ ПРИ НАРОДЕН ОДБОР НА ГРАД СКОПЈЕ И НАРОДЕН ОДБОР НА СКОПСКА ОКОЛИЈА - СКОПЈЕ (1945-1963); 1945/1963; кн. 27, кут. 606; 60,6. АИ, а.е. 9303, листови 306840, НИС 1251 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Комисијата за ревидирање на проекти е формирана од страна на Народниот одбор на град Скопје и Народниот одбор на Скопска околија. Архивската граѓа од овој фонд е создавана во периодот од ослободувањето до 1963 година. Фондот содржи исклучиво техничка документација: локации, протоколи за регулациона и нивелациона линија, дозволи за градба, идејни и главни проекти разработени во фазите: архитектура, статика, електрика, водоводна и канализациона инсталација, како и технички прием, за изградба, доградба, поправка или преадаптација на општествени објекти и објекти во сопственост на физички лица.

Општествените објекти се класифицирани според единствената номенклатура на дејности, објавена во Службен весник на СФРЈ од 1976 година.

Овој период се карактеризира со интензивна изградба на градот Скопје, со цел новоизградените објекти да се вклопат во Генералниот и Деталниот регулационен план, за чија изработка постои обемна документација, издвоена на почетокот на фондот. Во овој период се изградени многу индустриски објекти, реновирани се и доопремени постојните енергетски капацитети, обрнато е внимание на искористувањето и употребата на водите и заштита од нивното штетно дејство, трасирани се и пробиени многу нови патишта и улици во градот, развиена е сообраќајната мрежа, изградени се многу објекти од областа на трговијата, како и голем број угостителски и туристички капацитети. Уредени се многу населби и рекреативни површини, изградени се значителен број образовни објекти и објекти за научно-истражувачка работа - институти. Работат и многу културно-образовни установи. Во областа на здравството изградени се повеќе нови амбуланти, диспанзери, поликлиники, како и објекти за стационарна здравствена заштита.

На крајот се сместени елаборати за изградба на објекти наменети за потребите на тогашната ЈНА.

Досиејата на физички лица, содржат техничка граѓа, издадена заради изградба или доградување исклучиво на индивидуални семејни објекти.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *77. ОКОЛИСКА КОМИСИЈА ЗА ВОЕНА ШТЕТА - СКОПЈЕ (1945-1946); 1945/1946: кн. 8, кут. 14; 1,65. СИ, а.е. 6605, листови 15464, НИС 182 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа содржи анкетни листови, пријави за сторени штети и записници за проценки на штетите од селата во Скопска околија.

# 2. ПРАВОСУДСТВО

## 2.2. АРХИВСКИ ФОНДОВИ ПО 1944 ГОДИНА

### *81. ОКРУЖЕН СУД - КРИВИЧНО ОДДЕЛЕНИЕ - СКОПЈЕ (1945- ); 1945/1950: кут. 21; 2,1. АИ, а.е. 306, листови 22142, НИС 490 стр.*

*Историјат на фондообразователот:*

Согледувајќи го значењето на судовите во интересот на државата Президиум на АСНОМ, на својата седница одржана на 31 март 1945 а врз основа на предлогот на Повереноството за правосудство, ја донесе Повелбата за устројство на редовните народни судови на Федерална Македонија. Истата влегува во сила по нејзиното објавување (Сл.весник бр. 4 од 9.04.1945 година).

Окружниот народен суд во Скопје е основан на 15 јуни 1945 година и започнува со работа, сместен во зградата на Иницијативниот одбор на црквите на ул. „Кеј Димитар Влахов“ бр.32. Во составот на судот, односно под компетенции на истиот, имало 10 околиски судови: Скопски, Кумановски, Кривопаланечки, Кратовски, Кавадарски, Светиниколски, Велешки, Тетовски, Гостиварски и Дебарски. На 1 јануари 1946 започнува со работа Окружниот суд во Велес. Кон истиот се припоиле околиските судови во Велес, Свети Николе и Кавадарци. Кратовскиот околиски суд се припоил кон Штипскиот окружен суд.

При организирањето на Окружниот суд во Скопје биле избрани 7 судии со претседател, 4 службеници и технички персонал од 4 лица.

Во судот биле организирани 4 совети за решавање дела во второстепена постапка, по жалби како и 4 совети за решавање дела во прв степен. Организирани се и одделенија за работничките дела; инвалидските предмети и суд за решавање на делата за социјалното осигурување на работниците; кривично одделение за решавање на дела од I и II степен; граѓанско одделение за решавање на дела од I и II степен и секвестрационо одделение.

Покрај редовните судии за непречена работа во судството биле избрани 23 судски заседатели - поротници, чиј број одреден период варирал.

Министерството на правосудството на ДФМ на 5.12.1945 донесува Решение за определување бројот на судовите. Со него во Македонија се образуваат 4 окружни судови: Скопски, Битолски, Велешки и Штипски. Територијалната надлежност на овие судови се поклопува со надлежноста на окружните народни одбори.

Со Уредбата за определување бројот и територијалната надлежност на окружните и околиските судови од 1949 (Сл. Весник на НРМ 19 од 16.09.1949 год.) на територијата на НРМ постојат следните окружни судови: Битола - за битолска област, Скопје - за подрачјето на градот и скопската област и Штип - за подрачјето на градот и областа.

Со Уредбата за измена на Уредбата за определување бројот и територијална надлежност на именуваните судови бр.1497 од 31.07.1951 година, се основаат окружни судови во Куманово, Охрид и Тетово. Окружниот суд во Скопје, според оваа Уредба, територијално е надлежен за подрачјето на околиските судови Скопје I и II. Именуваниот суд непрекинато работи до сега и континиурано создава граѓа.

Во Архивот на Скопје депониран е дел од граѓата на овој фонд што датира од 1945-1950.

Организациска структура: а) кривично б) граѓанско и в) истражно одделение.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа ги содржи следните видови документи: обвинителни акти, записници, уверенија, решенија, пресуди и отпусни листи.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *84. ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА СКОПСКА ОКОЛИЈА - СКОПЈЕ (1955-1968); 1955/1967: кн. 96, кут. 4; 3,4. СИ, а.е. 4499, листови 6582, НИС 57 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Работата на Јавното правобранителство, организацијата, делокругот, должностите и овластувањата се утврдени со Законот за Јавно правобранителство. Тоа бил посебен орган на Народниот Одбор на Скопска Околија.

Со работата раководел Јавен обвинител на Народниот Одбор на Скопска Околија.

Правата и должностите на Јавното правобранителство биле:

- Да ги застапува имотните права и обврски пред судовите и другите државни органи;
- Застапување, по нивно овластување, на установите основани од околиските народни одбори што не се финансираат од буџетот на околијата;
- Давање правно мислење во врска со склучувањето имотно-правни договори и прашања по нивно барање (по службена должност);
- Правни мислења по договорите што се склучуваат со приватни физички или правни лица, како и по споровите или другите имотно-правни односи со тие лица;
- Да бараат од народните одбори, нивните органи, како и од установите, стопанските и општествените организации одредени известувања и податоци што им се потребни за преземање дејствија за кои се овластени;
- Да поднесуваат предлози за експропријација.

Овластувањата на Јавното правобранителство биле:

- Да поднесува и прима тужби, да ги вршат сите парични манипулации околу споровите;
- Да поднесуваат барања (предлози) за покренување постапка;
- Да склучува спогодби по предлог-спорови или по други барања;
- Да донесува предлози за издавање привремени наредби;
- Да бара извршување за обезбедување или за наплата, и да ги презема сите мерки што би се покажале нужни во таа постапка, како и да ги прима досудените трошоци од спротивната страна;

- Да покренува кривични пријави и приговори за стопански криминал, општ криминал, обвинителни предлози, застапување пред судови (Окружен и Окружен стопански суд), предлози за казнување и предлози за примена на воспитни мерки.

*Содржински йодаШоци за архивскаШа ѓраѓа:*

Архивската граѓа содржи деловодни протоколи, анализи, билтени, извештаи, списоци на лица на кои се издадени решенија за национализација и пописни листи на недвижен имот на установи за 1959 година.

*АрхивскаШа ѓраѓа е на македонски јазик.*

***259. (314) ОКОЛИСКИ СУД - СКОПЈЕ (1945-1955); 1945/1955: йайка 1; 0,05. СИ, а.е. 5, лисШови 13, НИС 22 сШр.***

*Содржински йодаШоци за архивскаШа ѓраѓа:*

Архивската граѓа содржи: тапии за недвижен имот и договори за купопродажба за недвижности.

*АрхивскаШа ѓраѓа е на македонски јазик.*

***263. (432) ВОЕН СУД ПРИ СКОПСКАТА ВОЕНА ОБЛАСТ - СКОПЈЕ (1945-1951); 1945/1951: куШ. 3; 0,3. СИ, а.е. 46, лисШови 2181, НИС 101 сШр.***

*Содржински йодаШоци за архивскаШа ѓраѓа:*

Архивската граѓа содржи: досиеја за кривични дела од работата на Воените судови на:

- Скопската воена област и Совет при Командата на град Скопје;
- Дивизиски воен суд;
- Скопската воена област - Совет при Велешко воено подрачје - Велес;
- Штипска воена област - Штип и
- Нишка воена област.

*АрхивскаШа ѓраѓа е на македонски јазик.*

***264. (318) АГРАРЕН СУД ПРИ ОКРУЖНИОТ НАРОДЕН ОДБОР - СКОПЈЕ (1945-1947); 1945/1947: куШ. 2; 0,2. СИ, а.е. 476, лисШови 1603, НИС 26 сШр.***

*ИсШоријаШ на фондообразоваШелоШ:*

Аграрниот суд при Окружниот Народен Одбор - Скопје бил формиран врз основа на издаден Правилник за работата на окружните аграрни судови од страна на Министерството за земјоделие и шумарство - Скопје, објавен во Сл. Весник бр. 3 од 9. 02.1946. Тој бил формиран од страна на Окружниот Народен Одбор - Скопје на 12.02.1946 година кога отпочнал со работа како

второстепена извршна власт за спроведувањето на Законот за аграрна реформа и внатрешна колонизација.

Во негова надлежност спаѓало донесување второстепени и извршни одлуки за утврдување на објекти по сите жалби и спорови и извршување на сите работи во врска со спроведувањето на аграрната реформа и внатрешна колонизација, како и сета преписка доставена од месните аграрни комисии и други до Аграрниот суд.

Заради итноста во спроведувањето на аграрната реформа и точноста во работењето при секој одбор се формирале месни аграрни комисии.

Покрај Месните аграрни комисии постоела и Мешовите аграрна комисија која решавала по прашања на доделената земја по пат на аграрна реформа на бившите колонисти добиена пред 6 април 1941 година. Месните аграрни комисии претставувале првостепена аграрна власт која во наредните две години (1946/1947) ја извршиле целата експропријација на земјата која потпаѓала под удар на Законот за аграрна реформа, како и доделување земја на аграрните интересенти и внатрешни колонисти.

Со донесување на Законот за измена и дополнување на Законот за аграрна реформа и колонизација на територијата на Федерална Македонија, дошло до повторна ревизија на експроприраната земја и нејзино повторно доделување.

Највисока аграрна власт во Републиката претставувало Одделението за аграрана реформа при Министерството за земјоделие и шумарство, а пак највисока аграрна власт во Федерацијата била Комисијата за аграрна реформа и колонизација при Владата на ФНРЈ.

Разделувањето на земјата, нејзина ревизија, составувањето нови одлуки, протоколи, парцелациони списоци и оформување нови сведенија за извршеното спроведување на аграрната реформа, како и пополнување комплетен елаборат за доделената земја по пат на аграрна реформа по ново настанатите измени и дополнувања на Законот за аграрната реформа претставуваат втора фаза во работата околу нејзионото спроведување.

Архивската граѓа со која располага именуваниот фонд потекнува од периодот од 1945 до 1947 година. Во неа нема податоци кога означениот фонд престанал со својата дејност.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа содржи: барања, заповеди, известувања, извешати, напатствија, наредби, прегледи, планови, расписи, реферати, решенија, сведенија и списоци поврзани со работата на Судот.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***265. (433) ОКРУЖЕН СУД - КРИВИЧНО ОДДЕЛЕНИЕ - ВЕЛЕС (1946); 1946: кут. 2; 0,2. АИ, а.е. 16, листови 1051, НИС 22 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Во склоп на граѓата на Окружниот суд - Кривично одделение - Скопје, се пронајдени две архивски кутии што фондовски припаѓаат на Окружниот суд - Кривично одделение -  Велес.

Според донесената Повелба за устројство на редовните народни судови на Федерална Македонија од страна на Президиумот на АСНОМ на седницата од 31.03.1946 година, во член 1 се укажува дека до донесувањето на принципиелните распределби од Централно законодавно тело на ДФЈ, на територијата на Македонија, за вршење судска власт, се образувани редовни народни судови, околиски, обласни и Врховен народен суд.

При секој општински одбор биле формирани општински судови. За устројството на судовите, судската работа и адвокатурата се применувале соодветни закони, уредби, наредби, одлуки, напатствија, повелби и правилници на Кралството Југославија кои биле на сила до 6 април 1941 година, до колку не биле во спротивност со одлуките на АВНОЈ, решенијата на Националниот комитет на југословенската влада, на АСНОМ или неговиот Президиум.

Со Решението за определување на судовите донесено од страна на Министерството на ДФМ на 5.12.1945 година, во Македонија се формирани 4 окружни судови: Скопски, Битолски, Велешки и Штипски. Територијалната надлежност на овие судови е еднаква со надлежностите на Окружните народни одбори (Сл. Весник бр. 25/45).

Во состав на Окружниот суд - Велес имало претседател со тројца судии. Именуваниот суд работел самостојно од неговото формирање па сé до 17.08.1947 година, на што укажува Указот на Президиумот на АСНОМ за одржувањето на првата седница на окружните собранија на делегираните одборници за избор на претседатели, судии и судии-поротници на окружните судови. Со овој Указ дошло до укинување на Окружниот суд во Велес и дел од кривичните дела од судот биле преостапени на Окружниот суд во Скопје. Тој бил во состав на Окружниот суд - Скопје до 31.07.1951 година.

Со Уредбата за измена на Уредбата за определување бројот на територијалната надлежност на окружните и околиските судови бр.1497 од 31.07.1951 година се укинува Окружниот суд во Гостивар и се основаат окружни судови во Куманово, Охрид, Тетово и Велес.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа ги содржи следните видови документи: обвинителни акти, записници, уверенија, решенија, пресуди и отпусни листи.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *266. (319) ОКОЛИСКИ СУД НА СКОПСКА И ЃОРЧЕПЕТРОВСКА ОКОЛИЈА - СКОПЈЕ (1951-1952); 1951/1952: кут. 4; 0,4. АИ, а.е. 259, листови 2271, НИС 61 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа содржи: граѓански дела од имотно-правен карактер, бракоразводни парници, судски спорови за докажување татковство и одредување алиментација.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *267. (431) СУД ЗА СУДЕЊЕ ПРЕСТАПИ ПРОТИВ МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА ЧЕСТ - СКОПЈЕ (1945); 1945: куш. 1; 0,1. АИ, а.е. 84, лисшови 1029, НИС 35 сшр.*

*Историјаш на фондообразовашелош:*

Судот за судење престапи против македонската национална чест бил формиран со Решение на Президиумот на АСНОМ од 30.12.1944 година со седиште во Скопје. Во текот на месец февруари 1945 година донесен е Закон за изменување и дополнување на именуваното решение чл. 7, 8 и 9 (Сл. Весник бр.1 од 18.02.1945 година).

Судот ја извршувал судската власт во состав од пет судии. Судските состави биле подвижни и суделе по правило во седиштата на окружните одбори. Народниот обвинител влегувал во состав на Јавното обвинителство на Македонија.

По предлог на Министерскиот совет на Народната Влада на ДФМ и извештајот на Законодавниот одбор при Президиумот на Народното собрание на Македонија, на седницата од 1.07.1945 година, е донесен Закон за укинување на Решението на Президиумот на АСНОМ од 30.12.1944 и Закон за измена и дополна на даденото решение од 16.04.1945 година, така што, според член 1 од овој закон, судовите се укинале и се ставиле вон закон, од причини што тие ја извршиле својата задача во еден определен период и веќе немало потреба од нив, а предметите биле разгледувани од страна на редовните судови.

*Содржински йодашоци за архивскаша ѓраѓа:*

Архивската граѓа содржи: барања до ГШ на НОВ и ПОМ и други институции, досиеја на кривични дела, известувања, извештаи за работа на судот, пресуди, списоци и др.

*Архивскаша ѓраѓа е на македонски јазик.*

## 4. ПРОСВЕТНИ, КУЛТУРНИ И НАУЧНИ УСТАНОВИ

## 4.1. ПРОСВЕТНИ УСТАНОВИ И УЧИЛИШТА

## СРЕДНИ УЧИЛИШТА

### *86. ДРЖАВНА ПОЛНА ПРВА МАШКА ГИМНАЗИЈА - СКОПЈЕ (1919-1944); 1925/1944: кн. 128, куш. 1; 3,5. СИ, а.е. 676, лисшови 1154, НИС 182 сшр.*

*Историјаш на фондообразовашелош:*

Гимназијата под назив „Државна машка гимназија“ постоела од 1921 до 1941 година. Поради доминацијата на големосрпската буржоазија во Македонија, тогашна Вардарска Бановина, наставата се изведувала во големосрпски дух.

Од 1941 до 1944 година, гимназијата продолжила со работа под називот „Прва машка гимназија“ - Скопје, со што големосрпскиот дух во наставата се

заменува со големобугарски дух. Основната цел на наставата ќе биде да ја заблуди младата генерација дека Македонија не е окупирана, туку ослободена и претставува „природно“ проширување на Бугарија. Поради сето ова, целокупната работа во гимназијата ќе се изведува под директива на Министерството за народна просвета од Софија.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа содржи: записнички книги, деловодни протоколи, уписници за ученици, главни одделенски книги, училишни дневници, седнични материјали, анализи, билтени, договори, елаборати, заклучоци, записници, извештаи, информации, напатствија, наредби, одлуки, планови, правилници, прегледи, предлози, расписи, реферати, решенија, списоци, статистички податоци, статути и др.

*Архивската граѓа е на српски и бугарски јазик.*

### *87. ВТОРА МАШКА ГИМНАЗИЈА „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ (1941-1944); 1942/1944: кн. 21; 0,2. СИ, НИС 27 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Гимназијата е формирана по окупацијата на Македонија од страна на бугарската власт, со цел да обезбеди кадри со општо и средно образование. Во наставата биле застапени општообразовните предмети како: бугарски јазик, историја, математика, географија, физика, хемија и други предмети.

По капитулацијата на фашистичка Бугарија, Гимназијата продолжила со работа како „Втора машка гимназија“.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловоден протокол и училишни дневници со податоци за учениците и нивните родители, бројот на ученици по класови, наставни предмети и успехот на учениците.

*Архивската граѓа е на бугарски јазик.*

### *88. ДРЖАВНА ЖЕНСКА ГИМНАЗИЈА - СКОПЈЕ (1919- ); 1929/1944: кн. 16; 0,2. НИС*

### *89. ДРЖАВНО МЕШАНО УЧИТЕЛСКО УЧИЛИШТЕ - СКОПЈЕ (1919-1941); 1920/1941: кн. 151, кут. 7; 2,0. СИ, а.е. 1582, листови 5634, НИС 248 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Почетоците на ова училиште датираат од времето на Балканските војни, поточно од 1913 година.

Ова образовно-воспитно училиште имало задача да оспособува учителски кадри со соодветно педагошко образование. Меѓутоа, со оглед на општата политичка положба во земјата, овој кадар имал посебни обврски во оживотворувањето на големосрпските тенденции за асимилирањето на македонскиот народ.

Завршените ученици на ова училиште биле испраќани како основни учители во разни краеви на земјата.

Покрај реализирањето на наставните планови и програми, се грижеле и за развојот на низа вонннаставни активности, во прв ред во културно-просветни, социјални и други активности.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Дневници за сите класови, деловодни протоколи, уписници за сите класови, набавни книги, книги за наредби, (наредби за воведување нови предмети во наставата, за рангирање на училиштето, за задолжително физичко образование и присуство на богослужба), одлуки за доделување парична помош на ученици и примена на дисциплински мерки, годишни извештаи, персонална и финансова документација и др.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

### *269. (421) НЕПОЛНА МАШКА ГИМНАЗИЈА „ОРЦЕ НИКОЛОВ“ - СКОПЈЕ (1945-1950); 1945/1950: кн. 20, кут. 1; 0,4. СИ, а.е. 319, листови 1021, НИС 34 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Неполната машка гимназија „Орце Николов“ за првпат е отворена на 1.09.1945 година. Имала за цел да подготви кадри за натамошно школување на виши и високи школи. Поради недостаток на пообемна архивска граѓа од овој фонд не може целосно да се разоткрие историјатот на оваа гимназија.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записнички книги на наставничкиот совет, записници од полуматурските испити и од наставничкиот совет, деловодни протоколи, инвентарна книга, евидентни книги, книги за наредби за ученици и наставници, седнични материјали, анализи, билтени, договори, елаборати, заклучоци, известија, информации, одлуки, правилници, реферати, решенија, списоци, статути и статистички податоци.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## ТРГОВСКО-ЗАНАЕТЧИСКИ УЧИЛИШТА

### *90. ДРЖАВНО МАШКО ЗАНАЕТЧИСКО УЧИЛИШТЕ - СКОПЈЕ ( - 1941); 1931/1938: кн. 4, кут. 1; 0,1; СИ, а.е. 14, листови 45, НИС 20 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Основано е со задача да образува кадри со средно образование од областа на електро-машинската и градежната струка. Поради тоа наставата била претежно од стручен карактер и биле изучувани следните предмети:

нацртна геометрија, физика, механика, техничко цртање, технологија, наука за материјали, машински конструкции, градежни конструкции, елементи на машини и пресметки и др. Наставата траела 4 години, а во училиштето се примани ученици со најмалку завршена полуматура (4 класа гимназија) или соодветно друго стручно училиште.

*Содржински йодашоци за архивскаша īраѓа:*

Записнички книги од седници на наставничкиот совет и испитните комисии за завршните испити, молби, пријави и др.

*Архивскаша īраѓа е на срйски јазик.*

### *91. ЖЕНСКО ЗАНАЕТЧИСКО МУСЛИМАНСКО УЧИЛИШТЕ „ШЕФКЕТ“ - СКОПЈЕ (1935-1941); 1935/1940: куш. 1; 0,1. СИ, а.е. 62, лисшови 65, НИС 16 сшр.*

*Содржински йодашоци за архивскаша īраѓа:*

Решенија, извештаи, одлуки, расписи, соопштенија и други материјали за работата на училиштето.

*Архивскаша īраѓа е на срйски јазик.*

### *92. ЖЕНСКО СТРУЧНО ПРОДОЛЖИТЕЛНО УЧИЛИШТЕ - СКОПЈЕ ( - 1941); 1933/1941: куш. 4; 0,4. СИ, а.е. 481, лисшови 795, НИС 17 сшр.*

*Содржински йодашоци за архивскаша īраѓа:*

Решенија, извештаи, одлуки, одобренија, наредби, расписи, соопштенија и други материјали за работата на училиштето.

*Архивскаша īраѓа е на срйски јазик.*

### *93. ОПШТО ЗАНАЕТЧИСКО УЧИЛИШТЕ - СКОПЈЕ (1945-1950); 1945/1950: кн. 12, куш. 1; 0,3. СИ, а.е. 319, лисшови 672, НИС 35 сшр.*

*Исшоријаш на фондообразовашелош:*

Непосредно по ослободувањето, во 1945 година започнало со работа Општото занаетчиско училиште. Токму во овој период се чувствувала неопходна потреба на кадри од ваков вид, со кои всушност се удираат темелите на повоеното стопанство.

Матичното училиште поголем дел од времето, наставата ја изведувало во просториите на основното училиште „Гоце Делчев“. Во повеќе претпријатија и работилници во Скопје се отворале паралелки со по неколку ученици, кои паралелки претставувале посебни одделенија на училиштето. Такви паралелки биле отворени во претпријатијата: „Прогрес“, „Ауторемонт“, „ФАП“ и др.

Во 1950 година училиштето престанува со работа.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловодни протоколи, главни книги, седнични материјали, анализи, билтени, договори, елаборати, заклучоци, записници, известија, извештаи, информации, наредби, одлуки, планови, правилници, статистички материјали и др.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *94. ТРГОВСКО УЧИЛИШТЕ НА СКОПСКАТА ТРГОВСКА МЛАДИНА - СКОПЈЕ (1919-1941); 1919/1941: кн. 37, куш. 3; 1,2. СИ, а.е. 1087, лисшови 1695, НИС 96 сшр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Училиштето било основано од Министерството на трговија и индустрија со цел преку одреден наставно-воспитен план и програма да обезбеди квалификуван трговски кадар. Во наставната програма особено внимание ѝ било посветено на математиката, книговодството, кореспонденцијата и странските јазици.

Во училиштето биле применувани низа воннаставни активности, осбено во развивањето на културно-просветната дејност. Во оваа насока значајна била помошта на КУД „Младинец“ и Културно-уметничкото здружение „Зора“, што всушност било здружение на ученици од ова училиште.

*Организациона поставеност:*

- Директор;
- Секретаријат (со надлежност за административно и финансово работење)
- Наставнички колегиум;

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловодни протоколи, записнички книги на Управата, Управниот одбор и на КУЗ „Зора“. Финансова документација на училиштето со разновидни прегледи за материјалната состојба на училиштето, буџети, планови, списоци на ученици, извештаи за работата на Училиштето, персонални документи на наставниот кадар, записници од полагање испити и др.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

## УЧИЛИШТА ЗА УЧЕНИЦИ ВО СТОПАНСТВОТО

### *96. ГРАФИЧКО УЧИЛИШТЕ „БЛАГОЈ ШОШОЛЧЕВ“ - СКОПЈЕ ( -1951); 1950/1951: куш. 1; 0,1. СИ, а.е. 232, лисшови 627, НИС 14 сшр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Специјалното графичко училиште „Благој Шошолчев“ било формирано во 1949 година, при печатницата „Гоце Делчев“ и постои под овој назив до 1951 година. Неговата цел била да оспособи квалификувани кадри од графичката структура.

*Содржински йодайоци за архивскайа ѓраѓа:*

Седнични материјали, анализи, билтени, договори, елаборати, заклучоци, записници, извештаи, информации, напатствија, наредби, одлуки, планови, правилници, прегледи, предлози, расписи, реферати, решенија, списоци, статистички податоци, статути и др.

*Архивскайа ѓраѓа е на македонски јазик.*

### *97. ЖЕНСКО ПРОФЕСИОНАЛНО УЧИЛИШТЕ - СКОПЈЕ (1946-1947); 1946/1947: кн. 3; 0,1. СИ, НИС 5 сйр.*

*Содржински йодайоци за архивскайа ѓраѓа:*

Главни книги од училиштето за периодот 1946 - 1947 година.

*Архивскайа ѓраѓа е на македонски јазик.*

### *98. УЧИЛИШТЕ ЗА УЧЕНИЦИ ВО СТОПАНСТВОТО „КРСТЕ МИСИРКОВ“ - СКОПЈЕ (1949-1958); 1949/1958: кн. 41, куй. 4; 0,8. СИ, а.е. 1528, лисйови 3182, НИС 104 сйр.*

*Исйоријай на фондообразовайелой:*

Училиштето за ученици во стопанството „Крсте Мисирков“, под овој назив се јавува од 1949 година. Основна цел на училиштето била да оспособи квалификувани кадри од најразлични струки, способни активно да се вклучат во натамошниот стопански развој на замјата.

На 1.09.1952 година е извршено спојување на ова училиште со училиштето „Орце Николов“, од ист ранг. Така формираното училиште ќе го носи називот УЗУЗ „Крсте Мисирков“.

Во почетокот на учебната 1954/55 е разделено на две училишта: Стручно метално училиште за ученици во стопанството „Коце Металец“ и Мешовито училиште за ученици во стопанството „Крсте Мисирков“.

Крајната година на училиштето под овој назив е 1958, но и понатаму продолжуваат со работа училиштата од овој ранг, како што се: „Димитар Влахов“, „Димитрије Туцовиќ“, „Коце Металец“ и други.

*Содржински йодайоци за архивскайа ѓраѓа:*

Записнички книги, деловодни протоколи, уписници за ученици, главни одделенски книги, училишни дневници, седнични материјали, анализи, билтени, договори, елаборати, заклучоци, записници, извештаи, информации, напатствија, наредби, одлуки, планови, правилници, прегледи, предлози, расписи, реферати, решенија, списоци, статистички податоци, статути и др.

*Архивскайа ѓраѓа е на македонски јазик.*

## ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

### *100. ЖЕНСКА ПРОГИМНАЗИЈА „ЦАРИЦА ЈОАНА“ - СКОПЈЕ (1941-1944); 1941/1944: кн. 52; 0,8. СИ, НИС 56 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*
Деловодни протоколи и училишни дневници.

*Архивската граѓа е на бугарски јазик.*

### *102. „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - СКОПЈЕ (1945-1963); 1945/1958: кн. 45, кут. 4; 0,9. СИ, а.е. 1598, листови 3884, НИС 70 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*
Основното училиште, од времето на бугарската окупација на Македонија „Симеон Трновски“, по ослободувањето во 1945 година го добива името Народно основно училиште „Гоце Делчев“.

По воведувањето на задолжително осмогодишно школување од четиригодишно прераснува во осмогодишно училиште и го добива називот Осмолетка „Гоце Делчев“.

Заради зголемувањето на бројот на учениците, а со тоа и наставните тешкотии околу раководењето со толкав број ученици и паралелки, при крајот на септември во учебната 1956/57 година, осмогодишното училиште „Гоце Делчев“ се дели на две организационо самостојни училишта: Осмолетка „Гоце Делчев“ бр. 1 и Осмолетка „Гоце Делчев“ бр. 2. Вака поделеното училиште ја продолжува работата под овие називи сé до учебната 1962/63 година.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*
Записнички книги од наставничкиот совет, деловодни протоколи, матична книга на учители, училишни дневници, прозивници, анализи, билтени, договори, елаборати, заклучоци, записници, извештаи, информации, напатствија, наредби, одлуки, планови, правилници, прегледи, предлози, расписи, реферати, решенија, списоци, статистички податоци, статути и др.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *103. „ЈОВАН ЈОВАНОВИЌ - ЗМАЈ“ - СКОПЈЕ ( - 1941); 1933/1941: кут. 1; 0,1. СИ, а.е. 1207, листови 1322, НИС 58 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*
Училиштето е основано со задача да обезбеди редовно четиригодишно елементарно образование. Наставата во училиштето се изведувала на српски јазик, а во текот на четиригодишното учење на учениците им се предавале главно следните предмети: пишување, читање, сметање, цртање, гимнастика,

веронаука, пеење и др. Во трето и четврто одделение наставната програма била проширена со предметите: српски јазик, национална историја, географија и др.

*Организациона поставеност:*
- Управител;
- Секретаријат (со надлежност за административно и финансово работење);
- Наставнички совет и
- Училишен одбор

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Разновидни известувања по повод прослави на разни празници, спроведување хуманитарни активности и др. извештаи: за бројот на учениците, за работата на училиштето, за успехот на учениците и др; одлуки со кои се одобрувала употребата на одредени учебници, определување фонд на часови. Во граѓата се среќаваат и поголем број наредби издадени од Министерството за просвета, многубројни расписи и друг вид документи што на одреден начин ја третираат просветната проблематика.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

***105. „ВЛАДИМИР ИЛИЧ - ЛЕНИН“ (1957- ); 1957/1962:***
***кн. 33; 0,9. СИ, НИС 39 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Училишни дневници и прозивници за учениците од прво до осмо одделение.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***107. „РАЈКО ЖИНЗИФОВ“ - СКОПЈЕ (1944-1949); 1944/1949:***
***кн. 1, кут. 1; 0,1. СИ, а.е. 752, листови 758, НИС 17 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

За почетна година на основното училиште „Рајко Жинзифов“ се смета 1944 година, односно од оваа година па натаму во текот на неговото постоење, наставата се изведувала на македонски литературен јазик. Целта на училиштето била на младите кадри да им се пружи основно образование, основни елементи на писменоста, приспособувајки ги за натамошно школување. Наставата во годините по ослободувањето се изведувала во многу тешки услови. Се чуствувала потреба од соодветен наставен кадар, учебници на македонски јазик, наставни помагала и сл.

Во рамките на ова училиште, како и во другите основни училишта се организирале аналфабетски курсеви за описменување возрасни од околината на училиштето. Училиштето престанало со работа во 1949 година.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловоден протокол, седнични материјали, анализи, билтени, договори, елаборати, заклучоци, записници, извештаи, информации, напатствија,

наредби, одлуки, планови, правилници, прегледи, предлози, расписи, реферати, решенија, списоци, статистички податоци, статути и др.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***108. СРПСКО-ЕВРЕЈСКО - СКОПЈЕ (1919-1941); 1919/1933: кут. 2; 0,2. СИ, а.е. 1204, листови 1692, НИС 70 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Училиштето било основано од страна на Еврејската верска општина, со цел да се обезбеди основно обарзование на децата од 7 до 10 годишна возраст.

Општината имала за цел да обезбеди основно и верско образование исклучиво на ученици од еврејските семејства во Скопје. Наставата се одвивала според законските планови и програми за работа на основните училишта.

Еврејското-српско училиште од 24.11. до 16.12.1922 година имало третман на приватно училиште и за негово функционирање целосно се грижела Еврејската верска општина. По овој датум тоа било приклучено кон општата училишна мрежа, за која се грижеле надлежните државни органи.

Наставата во училиштето се изведувала двојазично, за општо образовните предмети на српски јазик, а за веронаука на еврејско-шпански јазик (јазикот на Евреите Сефарди).

Училиштето престанало со работа во 1941 година по фашистичката окупација на земјата.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Расписи за просветниот кадар, учениците, општиот успех и др; наредби за измени во наставните планови и програми, организирање прослави по повод државни и верски празници, претплати на стручни списанија и др; табеларно-статистички прегледи на учениците; извештаи за работата на училиштето; разни известувања, барања, распореди на часови и друга заведена и незаведена преписка.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

***109. ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК НА ЕВАКУИРАНИТЕ ДЕЦА ОД СКОПЈЕ ВО ЛЕСКОВАЦ - СКОПЈЕ (1963-1964); 1963/1964: кн. 13, кут. 2; 0,3. СИ, а.е. 1291, листови 2510, НИС 28 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Основано од Собранието на општината Лесковац, со Решение бр. 02-13747/1 од 21.10.1963 година, со цел да обезбеди нормално продолжување на наставата и образованието на евакуираните деца од Скопје.

Градското собрание на град Скопје испратило барање на Собранието на општина Лесковац, да ја разгледа можноста за оснивање основно училиште на македонски наставен јазик за евакуираните деца од Скопје, за да можат да го

продолжат образованието според Планот и програмата за основни училишта во СР Македонија.

За нормално одвивање на наставата, сместувањето и исхраната бил обезбеден кадар, средства и зградата на Текстилниот училишен центар.

Училиштето прекинало со работа на 31.08.1964 година, по обезбедувањето услови за враќање на наставничкиот кадар и децата во Скопје.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловодни протоколи, училишни дневници, експедициона книга, извештаи, анализи, напатствија за работа на училиштето, прегледи на наставничкиот кадар и учениците, решенија од персонален карактер, изјави на родителите или старателите за повлекување на децта и друг вид преписка што во целост се однесува на работата на училиштето

*Архивската граѓа е на македонски и српски јазик.*

### ***110. ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК НА ЕВАКУИРАНИТЕ ДЕЦА ОД СКОПЈЕ ВО ПОРЕЧ - СКОПЈЕ (1963-1964); 1963/1964: кн. 16, кут. 1; 0,3. СИ, а.е. 137, листови 359, НИС 22 стр.***

*Историјат на фондообразователот:*

Основано од Општинското собрание - Пореч со Одлука бр.143 од 11.10.1963 година, со цел со цел да обезбеди нормално продолжување на наставата и образованието на евакуираните деца од Скопје на македонски наставен јазик според Планот и програмата за основни училишта во СР Македонија.

Училиштето имало вкупно 14 паралелки од прво до осмо одделение. Во него, покрај учителите и предметните наставници, работеле и неколку воспитувачи што воделе целосна грижа за организацијата и интернатскиот живот на учениците.

Училиштето престанало со работа со акт на Секретаријатот за просвета и култура на општинското собрание - Пореч бр.10 од 9.04.1964 година, по обезбедувањето услови за враќање на наставничкиот кадар и децата во Скопје.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записничка книга на Училишниот одбор, оделенски книги за сите одделенија, матична книга на ученици, книга за соопштенија на учениците, библиотечна книга, анализи, билтени, договори, елаборати, заклучоци, записници, известија, извештаи, информации, напатствија, наредби, одлуки, планови, правилници, прегледи на наставничкиот кадар и учениците, предлози, расписи, реферати, решенија од персонален карактер, списоци, статистика, статути, уверенија и шеми.

*Архивската граѓа е на македонски и српскохрватски јазик.*

### *111. ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК НА ЕВАКУИРАНИТЕ ДЕЦА ОД СКОПЈЕ ВО ЦРИКВЕНИЦА - СКОПЈЕ (1963-1964); 1963/1964: кн. 15, кут. 2; 0,3. СИ, а.е. 373, листови 1655, НИС 32 стр.*

*Историјат на фондообразувачот:*

Катастрофалниот земјотрес во Скопје од 26.07.1963 година, меѓу другото, тешко оштетил и голем број училишни згради, во кои наставата во учебната 1963/64 година на можела да се изведува. Од тие причини биле преземени мерки за основање училишта на македонски наставен јазик во оние места на тогашната СФРЈ во кои биле евакуирани деца од Скопје.

Основната задача на новооснованото училиште во Цриквеница се состоела во обезбедувањето основно и општо образование на ученици од прво до осмо одделение, во духот на Наставниот план и програма за основни училишта во СР Македонија. Истовремено, особено внимание се посветувало на правилно воспитување, токму заради специфичните услови во кои живееле и учеле евакуираните деца од Скопје.

Училиштето било сместено во одмаралиштето „Владимир Назор“ во Цриквеница, а кон него бил приклучен и Училишниот центар од одмаралиштето „Пунат“ и од домот „Зеница“, кој дотогаш работел во Омиш.

Одделот за општа управа и општествени служби на Општинското собрание - Цриквеница (Хрватска) со свој акт бр.02-2592 од 1964 година, го известила Секретаријатот за просвета и култура при Градското собрание на град Скопје, дека училиштето престанало со работа, заради тоа што се обезбедени услови за враќање на евакуираните деца и другиот персонал на училиштето во Скопје.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Одделенски книги за сите одделенија (13), матични книги (2), извештаи за работа на училиштето, напатствија за работа, поголем број распределенија на материјалот по различни предмети според наставниот план и програма, персонални решенија на наставниот кадар, анкетни листови на ученици, изјави од родители кои ги повлекуваат своите деца во Скопје, како и друга заведена и незаведена преписка во врска со работата на Училиштето, Училишниот центар „Пунат“ и домот „Зеница“ од Омиш.

*Архивската граѓа е на македонски и српскохрватски јазик.*

## ДРУГИ ПРОСВЕТНИ ИНСТИТУЦИИ

### *112. МЕСТЕН УЧИЛИШЕН ОДБОР - СКОПЈЕ (1919-1941); 1922/1941: кн. 19, кут. 11; 1,5. СИ, а.е. 1462, листови 11041, НИС 109 стр.*

*Историјат на фондообразувачот:*

Месниот училишен одбор бил основан од страна на Судот на општината на град Скопје во текот на 1919 година со цел да се грижи и да ја усмерува работата на основното образование.

Неговиот делокруг на работа бил да ги спроведува одлуките, наредбите, решенијата и другите барања на Министерството за просвета и Просветното одделение на Кралската банска управа во врска со финансирањето на основните училишта, изградбата на нови училишни згради, адаптирањето на постојните и опремувањето со соодветен училишен инвентар. Одборот носел сопствени одлуки и решенија за наведените прашања и вршел распределба на средствата за извршување на програмите и плановите на училиштата, се грижел за здравствената заштита на учениците преку отворање детски одморалишта/летувалишта и организирал мензи за сиромашни ученици. Воедно организирал културно-просветна дејност на учениците и по предлог на Министерството за просвета, одлучувал за отворање и затворање училишта.

*Организациона поставеност:*

- Управител;
- Месен училишен одбор (членовите ги избирале одборниците на Судот на општината на градот Скопје) и
- Благајник на одборот

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Девет касови дневници за училишта и цркви, четири деловодни протоколи, четири касови дневници на Одборот, една записничка книга на седници на Одборот, една книга за упис на ученици, парцијални изводи по приходи и расходи на буџетски средства на основните училишта во Скопје, финансиски пресметки на основните училишта во Скопје, понуди за разновидни услуги и друго. Записници од седници, решенија, молби, расписи од Министерството за просвета и Просветното одделение на Кралската банска управа во врска со изградба на нови училишта, адаптирање на постојните, финансирањето и друга заведена и незаведена преписка за работата на детското одморалиште на Горно Водно.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

## 4.2 КУЛТУРНИ УСТАНОВИ

### *113. ПРИРОДНОНАУЧЕН МУЗЕЈ (МУЗЕЈ НА ЈУЖНА СРБИЈА - ЗООЛОШКО ОДДЕЛЕНИЕ) - СКОПЈЕ (1926-1941); 1927/1946: кн. 2, кут. 1; 0,2. СИ, а.е. 892, листови 1029, НИС 37 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Природнонаучниот музеј во Скопје е основан како „Музеј на Јужна Србија - Зоолошко одделение“ од страна на Кралската банска управа на Вардарска Бановина во 1926 година со цел, во прв ред, да се проучува животинскиот свет во Македонија, а посебно на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро.

Основна задача на музејот била да иследува, собира, набавува, проучува и изложува збирки или поединечни видови примероци од животинскиот свет и

да ги презентира на пошироката и на научната јавност. Музејот во заедница со Зоолошката градина имал и културен карактер, со постојано изложување животни за широката јавност, а посебно за младите од училишна возраст.

*Организациона поставеност:*
- Управител - Директор;
- Секретар;
- Книговодител и
- Општинска зоолошка градина

*Содржински податоци за архивската граѓа:*
Деловодни протоколи; заведена преписка создадена од работата на Зоолошкото одделение на Музејот (1927-1940 година) и од преписката на Природнонаучниот музеј (1945-1946 година). Граѓата е фрагментарно сочувана, главно се однесува на работата на Зоолошкото одделение на Музејот, Зоолошката градина и паркот покрај Вардар.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

## 5. СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

### 5.1. СОЦИЈАЛНИ УСТАНОВИ

#### ДОМОВИ

***114. „АЛЕКСАНДАР РАНКОВИЌ " - СКОПЈЕ (1946-1952); 1946/1952: кн. 3, кут. 1; 0,1. СИ, а.е. 280, листови 549, НИС 15 стр.***

***115. „ДОБРО ДЕТЕ" - СКОПЈЕ (1946-1952); 1946/1947: кут. 1; 0,1. СИ, а.е. 248, листови 456, НИС 4 стр.***

***116. „КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ - ПИТУ" - СКОПЈЕ (1947-1950); 1947/1949: кут. 1; 0,1. СИ, а.е. 488, листови 621, НИС 7 стр.***

***117. „ЦВЕТАН ДИМОВ" - СКОПЈЕ (1947-1950); 1947/1949: кут. 1; 0,1. СИ, а.е. 374, листови 784, НИС 4 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*
Деловодни протоколи, барања, буџетски акредитиви, записници, извештаи, известувања, информации, напатствија, планови, пријави, прегледи, расписи, решенија, списоци, требувања и други акти кои се однесуваат на секојдневната работа на домот.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## ИНТЕРНАТИ

### *118. ИНТЕРНАТ ЗА МЕДИЦИНСКИ УЧИЛИШТА - СКОПЈЕ (1946-1964); 1946/1964: кн. 4, куш. 2; 0,3. СИ, а.е. 441, лисшови 1290, НИС 17 сшр.*

*Историјаш на фондообразовашелош:*

Интернатот на медицинските училишта во Скопје бил основан од Народниот одбор на Скопска околија во 1946 година, но во архивската граѓа постои решение за регистрација на интернатот во Регистерот на државните стопански установи со самостојно финансирање, во кое се наведува следното: „Интернатот за средно-медицински училишта во Скопје е основан со Решение на Владата на НР Македонија бр.1286 од 1.12.1952 година."

*Организациона йосшавеносш:*

- Управниот одбор се состоел од 9 членови кои се грижеле за целокупниот живот на учениците во Интернатот, го помагал организирањето на општествениот, културниот и забавниот живот на учениците, одобрувал куќен ред, ја утврдувал и предлагал пресметката на приходи и расходи и вршел надзор врз распределбата на материјалните средства;
- Советот на воспитувачи го сочинувале управникот, воспитувачите, здравствениот персонал на Интернатот и директорите на медицинските училишта. Советот се грижел за подобрување на работата, за воспитната дејност (наградување, пофалување и казнување на учениците);
- Управникот раководел, организирал и вршел инструкторско-педагошки надзор во Интернатот.

*Содржински йодашоци за архивскаша граѓа:*

Записничка книга од седници на Управниот одбор, две заповедни книги, книга на решенија; правилник; решенија за организација и реорганизација на Интернатот; акти за запишување во Регистерот на стопански установи; записници; извештаи и информации за работата на Интернатот; напатствија; прегледи за раководењето и положбата на учениците, наставниот, административниот и техничкиот персонал; персонална и финансиска документација.

*Архивскаша граѓа е на македонски јазик.*

## ОСТАНАТИ

### *120. УПРАВА ЗА ДЕТСКИ ЛЕТУВАЛИШТА ПРИ НАРОДНИОТ ОДБОР НА ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ (1953-1957); 1953/1957: куш. 1; 0,1. СИ, а.е. 255, лисшови 650, НИС 10 сшр.*

*Историјаш на фондообразовашелош:*

Управата за детски летувалишта при НО на Град Скопје и Медицинската Детска фондација за помош се заведени во регистерот на државните стопански установи со самостојно финансирање со Решение бр. 7699 од 13.03.1953 година и работеле како две самостојни установи на територијата на град Скопје.

Во 1954 година со Решение бр.14442/54 на Народниот одбор на град Скопје, овие две установи се спојуваат во една и продолжуваат со работа под назив „Управа на Детски опоравилишта и школски кујни".

Задачите на оваа установа биле да раководи со летувалиштата и училишните кујни; да организира и упатува деца во соодветни летувалишта и опоравилишта; да организира логорување за деца; да ги помага масовните организации; да ги води училишните кујни и да врши распределба на помошта од УНИЦЕФ. Во состав на оваа Управа се летувалиштата/опоравилиштата: Детски опоравилишта „Лазар Колишевски" во Иќиќи; Детско летувалиште во с. Љубанци и Детското летувалиште во Крушево; како и училишните кујни: во училиштата „Гоце Делчев", „Петар Петровиќ - Његош", „Браќа Миладиновци", „Лирија" и Училишното забавиште „Орце Николов".

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Акти за запишување во Регистерот на стопански установи, анализи, решенија за организација и реорганизација, записници; извештаи и информации за работата, прегледи, финансиска документација за работата на установата и др.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## 5.2 ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

### *121. ЗАБОТЕХНИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА - СКОПЈЕ (1948-1953); 1948/1953: кн. 12, кут. 2; 0,3. СИ, а.е. 443, листови 1304, НИС 23 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловодни протоколи, евидентни книги, записници, извештаи, планови, прегледи, решенија, реферати, списоци и финансова документација (завршни сметки) за работата на Лабораторијата.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *122. ЛЕЧИЛИШТЕ ЗА БОЛНИ ОД ТУБЕРКУЛОЗА „ГОРНО ВОДНО" - СКОПЈЕ (1954-1956); 1954/1956: кн. 2, кут. 1; 0,1. СИ, а.е. 185, листови 767, НИС 10 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Лечилиштето за заболени од ТБЦ „Горно Водно" - Скопје, било основано со Решение бр. 27 од 18.11.1953 година на Народниот Одбор на Град Скопје.

Целта на оваа специјализирана здравствена установа била да лекува заболени од ТБЦ (социјално осигурани и неосигурани пациенти) на територијата на град Скопје. Лечилиштето располагало со земјиште и згради доделени од воените власти.

Лечилиштето за заболени од ТБЦ „Горно Водно" престанало со работа на 1.10.1955 година и се преместило во лечилиштето „Јасеново" - Велешка околија.

*Содржински йодайоци за архивскайа ѓраѓа:*

Деловодни протоколи, анализи, договори, записници, извештаи, правилник за плати, предлози и списоци за работата на оваа специјализирана здравствена установа.

*Архивскайа ѓраѓа е на македонски јазик.*

## 6. СТОПАНСТВО И БАНКАРСТВО

### 6.1. ПЕРИОД ДО 1944

#### 6. 1. 2. Стопански здруженија

***123. ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА НА СКОПЈЕ - СКОПЈЕ (1921-1944); 1921/1944: кн. 34, куй. 1; 1,1. СИ, а.е. 138, лисйови 676, НИС 3 сйр.***

*Исйоријай на фондообразовайелой:*

Во периодот на турското владеење во Македонија, не постоеле речиси, никакви прописи од областа на стопанскиот живот. Затоа, веднаш по Балканските војни (1912-1913 година) во Вардарскиот дел на Македонија, кој потпаднал под српска окупација, започнале да се применуваат одредбите од српскиот Закон за дуќаните од 1910 година. Според него, не само што се вршела регистрација на занаетчиски дуќани, туку и им се одобрувало натамошно работење, независно дали ги исполнувале или не, потребните услови.

Според овој Закон, коморите покрај професионално-сталешки здруженија, биле и организации во кои државната власт (преку делегирани претставници) вршела влијание врз стопанскиот живот. Дуќани можело да се основаат само врз основа на одобренија добиени од коморите, што овозможувало да се изврши регистрација пред надлежните судови.

Занаетчиската комора во Скопје, како организација на сите еснафи, со точно определини задачи и делокруг на работа, била основана на 24 декември 1932 година. Инаку, уште во 1913 година Трговската комора од Белград основала своја експозитура во Скопје, со цел да внесе поголем ред во трговската дејност. Со започнување на Првата светска војна и навлегувањето на бугарските окупаторски сили во Вардарскиот дел на Македонија, во 1915 година, таа престанала со работа. По завршување на војната и повторната српска окупација на Вардарскиот дел на Македонија, Комората била обновена во 1919 година, а во 1931 година била основана Трговско-индустриска комора, согласно Уредбата од 23 јуни 1931 година, во која се зачлениле 40-тина трговски здруженија.

Тоа придонело таа да биде поставена на посовремена основа и да прерасне во задолжителна асоцијација, а пред нејзините тела се полагале мајсторски испити и се вршеле низа други дејности. Меѓутоа овластувањата и дозволите за работа преминале во надлежност на органите на општата управа.

Занаетчиската комора имала надлежност на територијата на тогашната Вардарска Бановина која ја опфаќала Вардарска Македонија и делови од Јужна

Србија и Косово и Метохија. Во неа членувале 40 здруженија (13 од нив биле окружни одбори, а едно здружение на градежни работници).

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа од овој фонд ја карактеризира преписка во која се зборува за вкупните состојби во занаетчиството, односно унапредувањето на оваа стопанска гранка, што спаѓала во редот на водечките гранки.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

***275. (402) - ПОДОДБОР НА ДРУШТВОТО НА ИЗВОЗНИЦИТЕ - СКОПЈЕ (?-1941); 1927/1931: кн. 1; 0,01. АИ, листови 38, НИС 4 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловоден протокол од работата на Пододборот на друштвото за извозници во периодот од 1927 до 1931 година.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

***276. (411) - ТРГОВСКО ЗДРУЖЕНИЕ СКОПЈЕ - СКОПЈЕ (?-1941); 1927/1931:кн. 3; 0,04. АИ, листови 240, НИС 6 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Фондот се состои од три книги:

- Деловоден протокол од 1921 година (100 листови);
- Експедициона книга од 1933 до 1938 (76 листови) и
- Книга на покани за состаноци од 1930 до 1935 (64 листови)

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

**6.1.3. Стопански претпријатија**

**6.1.3.1. Индустрија и рударство**

***124. ПАРНА ПИВАРА - АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО - СКОПЈЕ (1923-1947); 1923/1947: кн. 214; 6,0. СИ, НИС 216 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Матична книга; азбучници за купувачи, должници и доверители; благајнички книги и дневници; главни книги; дневници: на каса и за вратена амбалажа; доставна книга; евидентни книги; експедициони книги; преглед на купувачи на пиво; индекси на должници и повереници; книги: за продажба на пиво, за платена кауција, за исплатување разни чековни сметки, за биланси, за

пивски марки, за трошоци, , за собрани даноци, за кореспонденти, за салдо и конта, за бановинска трошарина на пиво, за консуматори на пиво, за кредитори, за депозити и други книги.

*Архивската граѓа е на српски, бугарски и македонски јазик.*

### *126. ФАБРИКА ЗА КОЖИ НА ДИМЧЕ ВУЧИДОЛОВ - СКОПЈЕ (1890-1947); 1905/1947: кн. 7, кут. 5; 0,6. СИ, а.е. 14, листови 413, НИС 17 стр.*

*Историјат на фондообразователот:*

Фирмата е основана кон крајот на XIX век од семејството Вучидолови, прво како Работилница (Табана) за преработка на сирова кожа во „бокс“ и „шевро“ и нивно продавање во земјата и на странскиот пазар.

Во почетокот фирмата располагала со многу мал капитал на основни средства и во големата конкуренција со слични фирми и високи даноци, таа била затворена во 1922 година. Со добивање кредит овозможено било нејзино повторно проработување и прераснување во фабрика со зголемено производство (во 1939 година производството изнесувало 24 тони, а во 1946 година 56 тони телешки кожи). Со вака зголемено производство фирмата успеала да се пробие и на странскиот пазар, особено во Грција и Германија.

Фабриката била национализирана во 1947 година, согласно Законот за национализација на приватната индустрија, а од средствата за производство формирана е Фабриката за кожи „Гоце Делчев“.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловна преписка со коминтенти од земјата и странство, во врска со купување сирова кожа, бои и лакови, продавање преработена кожа со понуди од разни фирми, рекламации за примена стока, заклучоци за купување и продавање стока, огласи за застапништва, известувања за движење на цените, документи во врска со одземена стока во текот на Првата светска војна; финансиска документација; матични листи за плаќање членарина; тетратки со белешки за констатациите во врска со технологијата на кожата и технолошките процеси на работа.

*Архивската граѓа е на српски, грчки, германски, бугарски и македонски јазик.*

### *127. ФАБРИКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ШАМИИ НА ПЕТАР И РАЈКО МИТРОВИЌ - СКОПЈЕ (1922-1947); 1922/1948: кн. 8, кут. 3; 0,4. СИ, а.е. 712, листови 712, НИС 15 стр.*

*Историјат на фондообразователот:*

Фирмата е основана во 1922 година од Бошњаците Петар и Рајко Митровиќ, со цел да произведуваат и тргуваат со ткаенини.

Основната дејност на работилницата била производство на шамии и друг вид ткаенини. За овие производи постоела голема побарувачка на домашниот и странскиот пазар. Од друга страна, тоа довело до проширување како на

производствените капацитети, така и на трговската дејност. Од сочуваните податоци се гледа дека фирмата одржувала деловни врски со неколку градови во Англија, Австрија, Бугарија, Грција, Франција и др. (Манчестер, Виена, Бургас, Солун, Париз и други).

Оваа фирма немала реорганизации, меѓутоа Кралската Банска управа во Скопје им дала повторно одобрување за работа со Решение бр. 12724 од 25. 12. 1930 година. Фирмата престанала со работа во 1948 година кога била национализирана.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Азбучник-регистар на деловни фирми; тефтер за побарувања, долгувања и дневен промет на потрошувачите; џепни бележници за дневен промет на потрошувачи и салдо-конта; трговска преписка со домашни и странски фирми за купопродажба на шамии и други ткаенини и финасиска документација.

*Архивската граѓа е на српски, француски, грчки, англиски, германски, бугарски и македонски јазик.*

### *277. (387) КНИЖАРСКО ПЕЧАТАРСКО ПРЕТПРИЈАТИЕ НА ВАСИЛ ДИМИТРОВ ПУПКОВ (1929-1947); 1930/1947: кут. 1; 0,1. АИ, а.е. 22, листови 920, НИС 8 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Од содржината на граѓата произлегува дека Васил Димитров Пупков (Василије Димитријевиќ) е роден во Скопје во 1897 година. Неговата фирма се состоела од печатарска работилница и книжарски дуќан. Таа била формирана во 1929 г. Во архивската граѓа од фондот постои некомплетната документација за нејзината работа од крајот на мај 1930 до крајот на март 1947 година.

Фирмата се занимавала со печатење: книги; учебници; училишни и канцелариски материјали; формулари и слично. Освен со печатарска дејност таа се занимавала, истотака, и со трговија со книжарски стоки. Соработувала со голем број фирми од Кралството Југославија и странство, како и со повеќе државни и воени установи.

За почетокот на работа на фирмата се дознава од „Огласот“ на Скопскиот првостепен суд од 05.06.1929 година и дозволата за работа, издадена од Кралската банска управа на 25.04.1933 година. Во архивската граѓа од фондот не постојат документи за престанокот со работа.

*Архивската граѓа е на српски, бугарски и македонски јазик.*

### *278. (398) ПЕТАР А. НАУНЧЕВ(ИЌ), ТРГОВЕЦ СО АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ (1922-1944); 1922/1944: кн. 11, папка 1; 0,5. АИ, а.е. 1, листови 26, НИС 15 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Од содржината на архивската граѓа што ја поседува фондот, со оглед на малото количество, може малку да се дознае за работата на фирмата на Петар А. Наунчев(иќ).

Сопственикот бил роден во Куманово 1891 година. Не постојат документи за почетокот и престанокот за работа на фирмата, но има други документи (книги и граѓа) за периодот од 1922 до 1944 година од кои се гледа дека Петар А. Наунчев(иќ) се занимавал со трговија со алкохолни пијалоци на големо и мало.

Во граѓата се сретнува и еден документ од кој се гледа дека во 1942 година постоела „Фабрика за оцет на Петар А. Наунчев“.

Бидејќи не постојат документи за почетокот и престанувањето со работа на фирмата, за гранични години се земени граничните години на архивската граѓа.

*Содржински йодайоци за архивскаша ѓраѓа:*

Документи за работата на фирмата од февруари 1930 до март 1944 година и тоа: документи од даночни установи; државни обврзници; основачки инвентар на фирмата; статистички податоци за работата на фабриката за оцет на Петар Наунчев во 1942 година и друго.

*Архивскаша ѓраѓа е на сриски и буѓарски јазик.*

***279. (391) ФАБРИКА ЗА АЛКОХОЛНИ И БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ НА АЛЕКСАНДАР АНЧЕВ - СКОПЈЕ (1920-1950); 1920/1950: кн. 4, куш. 1; 0,15. АИ, а.е. 10, лисшови 1238, НИС 10 сшр.***

*Исшоријаш на фондообразовашелош:*

Фирмата на Александар Анчев се занимавала со производство и трговија на алкохолни и безалкохолни пијалоци, но во текот на своето постоење тргувала и со други производи.

Најголем дел од архивската граѓа е од периодот на бугарската окупација, така што најголем дел од комитентите со кои соработувал Александар Анчев биле со седиште во Софија.

Архивската граѓа од фондот што е разграничена за други фондови се состои од документи за работата на фабриката алкохолни и безалкохолни пијалоци „Тиквеш“ во периодот од 1946 до 1950 година. Оваа фабрика, чиј директор во наведениот период бил токму Александар Анчев, е најверојатно формирана 1945 или 1946 година, како продолжение на неговата фирма. Од расположивата документација не може да се донесат заклучоци за почетокот и престанувањето со работа на Фабриката за алкохолни и безалкохолни пијалоци на Александар Анчев, па затоа за гранични години се земени граничните години на архивската граѓа.

*Содржински йодайоци за архивскаша ѓраѓа:*

Деловна преписка на фирмата со најразлични комитетнти; даночни книшки и царински документи; финансиска документација; расписи, дописи, решенија и други документи доставени од повеќе државни органи до Фабриката: Договор за основање ДОО за килими „Овче Поле“ (18.10.1944); документи од работата на учителската каса - осигурително друштво (1941-1944), период во кој Александар Анчев бил негов областен инспектор за Скопската област и лична преписка на Александар Анчев.

Фондот содржи и 4 книги: два трговски дневника (1942-1943, 1945); Една касова книга (1943-1944) и една трговска книга (S.D.)

*Архивската граѓа е на српски, бугарски, германски и македонски јазик.*

### *280. (307) ЈУГОСЛОВЕНСКА ФАБРИКА ЗА АЛКАЛОИДИ НА СОФРОНИЕ И ФИЛИП ОГЊАНОВИЌ - СКОПЈЕ (1935-1944); 1935/1944: кн. 4, кут. 1; 0,15. АИ, а.е. 7, листови 1000, НИС 11 стр.*

*Историјат на фондообразователот:*

Сопственици на „Југословенската фабрика за алкалоиди“ биле браќата Софроние и Филип Т. Огњановиќ, родени во Галичник.

Фирмата била основана во 1935 година и регистрирана во Скопскиот првостепен суд на 2 јануари 1936 година. Со работа започнала на 15 октомври 1936 година. Основната дејност на фабриката е набавка и откуп на сиров опиум и негова преработка. Одговорен технички работоводител и директор на фабриката бил инж. Владимир Мирковиќ. Во текот на своето постоење, фабриката соработувала со голем број фирми од Кралството Југославија и од Европа.

Во периодот од 1941 до 1944 година називот на фирмата бил променет во „Бугарска фабрика за алкалоиди на С. и Ф. Огњанови“.

Периодот на постоењето на фондообразователот е идентичен со граничните години на архивската граѓа од фондот.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловна преписка на фирмата со најразлични коминтетнти; документација од работата на персоналната служба на фабриката; дел од техничката документација издадена за изградба на индустриски објекти за „Југословенската фабрика за алкалоиди“ и друга документација во врска со работата на фабриката.

Фондот содржи и 4 книги две книги за исплата на работниците (1936/1940); еден дневник за работа (1939) и еден партијалник на приходите и расходите (1941).

*Архивската граѓа е на српски, бугарски и германски јазик.*

### *281. (405) УПРАВА НА ХРОМНИТЕ РУДНИЦИ НА МОИС АСЕО - СКОПЈЕ (1919-1943); 1919/1931: папка 1; 0,04. АИ, а.е. 5, листови 351, НИС 5 стр.*

*Историјат на фондообразователот:*

Документите во фондот потекнуваат од неколку фирми, чиј сопственик или сосопственик бил Моис Асео, кои се занимавале со дејности од областа на рударството. Во почетокот на дваесеттите години на XX век постоела фирмата „Мусафиа и Асео“, за чија работа постојат документи до 1924 година. Подоцна се сретнуваат: „Моис Асео, рударство“, „Биро Асео“ и „Месна братска благајна за осигурување на рударските работници Асео“.

Фирмата „Моис Асео, рударство“ била концесионер за истражување руди и вршење нивно ископување. Во август 1928 година, дел од правото му било отстапено на Живоин Златковиќ, адвокат од Белград и за него биле вршени геолошки истражувања. Фирмата поседувала одреден број помали рудници во Косово-Метохија и Македонија: Ораховац, Кориш, Петковиќ, Салдаре, Островица, Ниника, Затриќ, Грековци, Дева, Крст, Будинац и други. Директор и правен застапник бил Мориц Алкалај. Оваа фирма, како и „Биро Асео“ многу соработувале, вршеле истражувања и други работи за големата странска фирма на браќата Алатини. „Месната братска благајна за осигурување на рударските работници Асео“, партиципирала во трошоците за лекување на своите работници, нивните семејства, исплата на пензии и погребни трошоци.

Во архивската граѓа од фондот не постојат документи за почетокот и престанокот со работа на фондообразователот (1941 година, виорот на Втората светска војна го зафаќа Вардарскиот дел на Македонија и тој потпаѓа под нова - двојна окупација: бугарска и италијанска. Седиштето на фирмите на Моис Асео биле во Скопје, значи дел што се наоѓал под бугарска окупација и наша претпоставка е дека тие би можеле да продолжат со работа и во периодот 1941-1942, но не подоцна од март 1943 година, кога бугарските окупаторски власти сите Евреи од територијата на Вардарска Македонија под нивна окупација, ги депортирале во Концентрациониот логор на смртта „Треблинка“ во Полска. Затоа годината 1943 е земена, апроксимативно, како крајна година на работењето на фирмите на Моис Асео).

*Содржински йодайоци за архивскайа ѓраѓа:*

Деловна преписка на фирмата со најразлични коминтетнти; документи од работата на фирмите на Моис Асео; финансиска документација (фактури, сметкопотврди и товарни листови); документи од соработката на Моис Асео со неколку банкарски и осигурителни компании и др.

*Архивскайа ѓраѓа е на сриски, ѓермански, француски, шиански и анѓлиски јазик.*

### 6.1.3.3. Трговија, угостителство и туризам

### *128. ГАЛАНТЕРИСКИ ДУЌАН НА ДИМКО АНТОВСКИ - СКОПЈЕ (1925-1948); 1925/1926: йайка 1; 0,05. СИ, а.е.5, лисйови 50, НИС 15 сйр.*

*Исйоријай на фондообразовайелой:*

Фирмата е основана во текот на 1925 година. Основна цел била да врши трговија со сите видови галантериска стока. Побарувачката била прилично голема, а тоа се гледа од зголемениот промет во 1925 година, кога од јануари до октомври пораснал за повеќе од 50%.

Фирмата престанала со работа во 1948 година, со Законот за национализација на приватните дуќани.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Дневен промет на фирмата со финансиски показатели, како и месечни приходи што ги остварувала фирмата.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

### *129. КНИЖАРНИЦА НА БРАЌА ЗЕКМАНОВИ - СКОПЈЕ (1934-1946); 1934/1946: кут. 2; 0,2. СИ, а.е. 2176, листови 2176, НИС 12 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Книжарницата била основана во 1934 година од браќата Зекманови со цел да тргуваат со книжарска стока. Основна задача била тргување, купување и продавање книги: учебници, разна литература, училишен прибор, разгледници и разни обрасци за потребите на администрацијата за секојдневната работа.

Во времето на Кралството СХС/Југославија, трговијата се одвивала само со коминтенти од Кралството, а за време на бугарската окупација со фирми од Бугарија. По ослободувањето Книжарницата продолжила со работа со фирми од тогашната југоловенска федерација.

Во 1946 година, престанала да врши трговија со книги, заради отварање на специјализирани издавачки куќи во државна сопственост.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Трговска преписка со домашни и странски фирми за купопродажба на книги, канцелариски материјали и училишен прибор и финасиска документација.

*Архивската граѓа е на бугарски, српски и македонски јазик.*

### *130. КОЛОНИЈАЛЕН ДУЌАН НА БРАЌАТА ИЛИЌ - СКОПЈЕ (1915-1939); 1915/1939: папка 1; 0,05. СИ, а.е. 4, листови 38, НИС 6 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Фирмата била основана во 1915 година, од браќата Илиќ, со цел да тргуваат со колонијални стоки, а од 1927 година и со производство и продажба на оловна руда.

Основна цел на фирмата била трговија со колонијални стоки, а подоцна таа ја проширува својата дејност со експлоатација на оловна руда. За таа цел инвестирала во рудникот „Султана" 84.618,50 тогашни динари. Во прво време во рудникот биле вработени 6, а во 1930 година 20 работници.

Експлоатцијата на рудникот престанала во 1941 година, поради окупација на земјата, а со трговска дејност во 1948 година поради национализација.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Документација за приходи и расходи од кои може да се види движењето на колонијалната стока, цената на оловната руда, што фирмата го работела со одобрение на Рударското поглаварство (Решение бр. 14-9 од 1936 година).

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

### *131. КОЛОНИЈАЛЕН ДУЌАН НА БРАЌАТА ПОПЕВИ - СКОПЈЕ (?-1948); 1907/1944: кн. 4, кут. 1; 0,15. СИ, а.е. 12, листови 65, НИС*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловна преписка која се однесува на фирмата на браќата Попеви и Здравеви, а зборува за примените прехранбени артикли од страна на Главното воено комесарство на бугарската војска.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

### *132. КООПЕРАЦИЈА ЗА СНАБДУВАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ - СКОПЈЕ (1920-1945); 1933/1945: кут. 1; 0,1. СИ, а.е. 100, листови 426, НИС 13 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Кооперацијата е основана по иницијатива на група државни службеници со цел да се обезбеди поредовно и поевтино снабдување на државните службеници со прехранбени артикли. Според решението на Општиот собор кооперацијата била задолжена да организира мрежа на продавници, складишта и магацини.

Кооперацијата своите членови ги снабдувала со брашно, огрев, дрва, маст, масло и др. Според документацијата оваа задруга била формирана во 1920 година и била член на Главниот сојуз на снабдувачките задруги.

Во време на германското бомбардирање на Скопје, април 1941 година, настрадале нејзините магацини и работни простории. Во јуни 1941 година бугарската окупаторска власт ја презема кооперацијата, забранува секакво продавање стоки и назначува свој раководен кадар кој раководи сé до есента 1942 година.

На 18 ноември 1942 година било свикано Општо Собрание на кое било избрано ново управно тело. Во 1943 година Кооперацијата била законски пререгистрирана и работела до 30 март 1945 година.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловна преписка; годишни извештаи; осигурителни полиси; пописи на инвентари; списоци; стоково-деловна книга и друга документација од секојдневната работа на задругата.

*Архивската граѓа е на српски, бугарски и македонски јазик.*

### *133. ПРОДАВНИЦА ЗА БОИ И ХЕМИСКИ ПРОИЗВОДИ НА СВЕТИСЛАВ И МИЛОРАД БРАНКОВИЌ - СКОПЈЕ (1927-1938); 1927/1938: кн. 2, кут. 1, 0,1. СИ, а.е. 5, листови 208, НИС 10 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Разновидна трговска преписка; извештаи на трговската берза за состојбата во земјата и странство; акти во врска со плаќање даноци и жалби

против високата даночна стапка и Финансиска документација: платни списоци за работниците и калфите.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

### *134. ТЕКСТИЛНО ИНДУСТРИСКО ПРЕТПРИЈАТИЕ НА ДИМО ТРАЈКОВСКИ И СИН - СКОПЈЕ (1870-1948);1905/1948: кн. 56; кут. 25; 3,1. СИ, а.е. 5667, листови 14005, НИС 76 стр.*

*Историјат на фондообразувачот:*

Фирмата била основана 1870 година од семејството Трајковски со цел да тргува со јажарски, а подоцна со текстилно-јажарски производи.

Трговскиот дуќан во прво време се занимавал со трговија на јажарски производи на домашниот и странскиот пазар, а транспортот се одвивал преку железницата и со помош на коњски каравани. Подоцна дуќанот ја проширил својата дејност, а со тоа и прераснал во извозно-увозна фирма која одржувала деловни врски со голем број фирми од цела Европа. Развиената материјална база во фирмата овозможило во 1938 година да прерасне во текстилно-индустриско претпријатие.

Фирмата престанала со работа во текот на 1948 година со донесувањето на Законот за национализација.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Патријални книги, дневни биланси, азбучници за трговски книги, книги за дневен промет, разновидна трговска преписка со фирмите од земјата и странство во врска со купопродажбата на јажарски производи (јажиња, оглавници, попрази, подпаќници и др.) за купородавање на текстилна, индустриска, прехрамбена и друга стока, банкарска преписка за промет со страна валута, финансова документација (понуди за продавање на стока, заклучници, фактури, приемници, декларации за производство, рекламации, товарни листови, доставници, трговски налози и сметки, документи за остварените приходи и расходи).

*Архивската граѓа е на германски, француски, српски и македонски јазик.*

### *282. (400) ТРГОВСКИ ЗАСТАПНИК СТЕВАН СКАЛОВИЌ (1910-1941); 1910/1941: кн. 14, кут. 1; 0,4. АИ, а.е. 5, листови 372, НИС 20 стр.*

*Историјат на фондообразувачот:*

Од најстарата книга во фондот, книга на должници (1910/1926 година), се согледува дека во раниот период Стеван Скалов(иќ) се занимавал со трговија со мешовита стока, а во подоцнежниот период, по 1922 година, бил застапник на фирми производители на градежни материјали. Дејноста на фирмата се протегала на подрачјето на тогашното Кралство СХС/Југославија, а се сретнува деловна преписка и со фирми од Италија и Грција.

Во граѓата не постојат документи за основање и престанок со работа на фирмата на Стеван Скаловиќ, па за гранични години се земени граничните години на архивската граѓа.

*Содржински йодайоци за архивскайа грађа:*
Деловна преписка на фирмата со најразлични коминтетнти (банки, штедилници и осигурителни друштва); лична преписка на Стеван Скаловиќ; распис од Министерството за градежи на Кралството СХС (20 јули 1924); документи од судски спорови водени помеѓу фирмата на Стеван Скаловиќ и фирмите на Миле Атевиќ, Петар Крстиќ и Михајло Тодоровиќ и разновидна финансиска документација од работата на фирмата.

*Архивскайа грађа е на бугарски, сриски, грчки и иийалијански јазик.*

***283. (386) КНИЖАРНИЦА „ПОЛЕТ" НА МОЈСО АВРАМОВСКИ (КРСТЕВ) - СКОПЈЕ (1935-1952); 1916/1954: куй. 3; 0,3. АИ, а.е. 23, лисйови 2503, НИС 12 сйр.***

*Исйоријаш на фондообразовайелой:*

Од документите кои ги содржи фондот можат да се извлечат следните податоци за фондообразователот: Мојсо Аврамовски (Крстев) е роден на 18 март 1907 година во село Тресонче, Галичник. Основно училиште посетувал во родното Тресонче и во Софија, каде што неговиот татко, Крсто Аврамов, се занимавал со трговија. Подоцна во периодот од 1922 до 1928 година, го завршил „Трговското училиште на српската трговска младина".

Во 1935 година, ја отворил книжарницата „Полет" и успешно ја водел работата сé до новата окупација во 1941 година. Од бугарските окупаторски власти тој бил прогласен за „неблагонадежен" и интерниран во село Рогозче, Момчилградско (Бугарија). Во 1942 година добил дозвола за работа, но не се вратил во Скопје, заради реалната опасност да биде уапсен. За сето тоа време дуќанот го водело едно вработено лице. До ослободувањето Мојсо Аврамовски (Крстев) останал во селото Добри Дол, Скопско.

По ослободувањето, во 1945 година, тој бил прогласен за воен профитер и бил осуден да плати голема сума пари на име данок на печалба за време на војната. Поради неможност да ја плати целата сума, во 1947 година му бил конфискуван дуќанот и целата стока во него. Куќата му останала во приватна сопственост, но во неа се вселиле други станари, па така сé до 1952 година Мојсо не можел да си го оствари правото да добие соодветен станбен простор за живеење во сопствената куќа.

По конфискација на книжарницата Мојсо Аврамовски (Крстев) работел како службеник во Обласниот народен одбор на Скопската област.

Од расположивата документација може да се види и дејноста на книжарницата „Полет" .Мојсо Аврамовски (Крстев) брзо ја проширил дејноста на книжарницата. Се занимавал со трговија со хартија, канцелариски материјал, прибор за пишување, учебници, книги, машини за пишување и слично. Во периодот од 1935 до 1947 година, неговата фирма соработувала со преку двестотини фирми од територијата на: Кралството Југославија, Германија, Австрија и Бугарија. Во истиот период неговата фирма снабдувала со хартија и различен канцелариски материјал многу општински, градски и државни органи на власта.

Во 1947 година, со конфискацијата на стоката и книжарницата, престанува дејноста на фондообразователот. Заради подоцнежната преписка која се водела во вид на жалби, решенија, наплата на долгови и слично, за гранични години на фондообразователот се сметаат од 1935 до 1952 година.

Треба да се напомене дека на крајот на фондот е сместен дел од граѓата во вид на лично и семејно досие. Тука се опфатени биографски податоци и документи што не се однесуваат на дејноста на книжарницата. Гранични години на овој дел од архивската граѓа го опфаќаат периодот од 1916 до 1954 година.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловна преписка на фирмата со најразлични коминтетнти (физички и правни лица); судска документација (тужби, пресуди и други материјали во врска со судски спорови); тетратки во кои се содржани книги на должници, комисиона книга на фирмата „Фрањо Шнајдер“ од Загреб, книга за продажба на бензин и слично; лична преписка на Мојсо Аврамовски; персонална документација на Мојсо Аврамовски (свидетелства и ученички книшки, членски книшки, лична карта и друго); молби; договори; финасиска документација, известувања, технички извештај за подигање станбен објект и слично.

*Архивската граѓа е на српски, бугарски, и македонски јазик.*

### *284. (393) КОЖАРСКИ ДУЌАН НА ПАНКО Д. ДИМИТРОВ И СИНОВИ - СКОПЈЕ (1928-1946); 1928/1946: кн. 22, кут. 2; 0,5. АИ, а.е. 11, листови 1607, НИС 31 стр.*

*Историјат на фондообразователот:*

Од содржината на книгите и граѓата дознаваме за дејноста на фирмата на Панко Д. Димитров. Тој бил еден од најголемите и најугледни трговци со кожа во градот. Се занимавал со трговија со кожа и чевларска галантерија на големо и мало.

Во периодот од 1928 до 1946 година, неговата фирма соработувала со над 160 фирми од Кралството СХС/Југославија, Бугарија, Унгарија, Германија, Италија и Уругвај.

Во постојната документација од фондот не постојат податоци за тоа кога фондообразователот ја започнал и прекинал својата работа, па затоа за гранични години се земени граничните години на архивската граѓа.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловна преписка на фирмата со разни коминтетнти (физички и правни лица: воени установи, банки, кредитни заводи, трговски здруженија, комори и сл.); допис од списанието „Индустриске Новине“, независен орган на националното стопанство; документи од водени судски спорови во период 1932 - 1942 година; лична преписка на семејството на Панко Димитров; расписи, даночни книшки и други документи од даночните власти доставени до кожарскиот дуќан во периодот: август 1935 - ноември 1945 година и др.

*Архивската граѓа е на српски, бугарски, унгарски, германски, италијански, шпански и македонски јазик.*

***285. (395) КОЛОНИЈАЛЕН ДУЌАН НА ЃОРГИ ДИМИТРОВ МАНЕВ - СКОПЈЕ (1921-1945); 1921/1945: кн. 8, ūаūка 1; 0,3. АИ, а.е. 9, лисūови 74, НИС 14 сūр.***

*Содржински ūодаūоци за архивскаūа īраѓа:*

Документи во врска со регистрацијата и издавање дозволи за работа на дуќанот во период 1921-1928 година; полиси за осигурување; документи од водени судски спорови со разни должници во период 1936-1939 година; даночни документи; деловна преписка со комитенти - правни лица: трговски здруженија, банки, дирекција на државен тутунов монопол, даночни и државни власти и друга финансиска документација (сметки, фактури, товарни листови и сл.).

Во фондот се сретнуваат уште осум книги, сите т.н. „Книги за вересија" (1923/1944).

*Архивскаūа īраѓа е на срūски и буīарски јазик.*

***286. (392) КОЛОНИЈАЛЕН ДУЌАН НА РИСТО ПИПЕРКОВИЌ- СКОПЈЕ (1924-1927); 1924/1927: кн. 1, ūаūка 1; 0,03. АИ, а.е. 1, лисūови 52, НИС 6 сūр.***

*Содржински ūодаūоци за архивскаūа īраѓа:*

Деловна преписка, фактури, порачки и слични документи од работата на колонијалниот дуќан на Ристо Пиперковиќ, во периодот декември 1926 - декември 1927 година, со четиринаесет правни и физички лица.

Фондот содржи и една касова книга за 1924 година.

*Архивскаūа īраѓа е на срūски јазик.*

***287. (390) КОЛОНИЈАЛЕН ДУЌАН НА ТОМЕ ТОДОРОВ - СКОПЈЕ (1924-1947); 1924/1947: кн. 5, ūаūка 1; 0,1. АИ, а.е. 3, лисūови 24, НИС 10 сūр.***

*Содржински ūодаūоци за архивскаūа īраѓа:*

Документи од работата на колонијалниот дуќан на Томе Тодоров во периодот 1944 - 1947 (списоци на лица кои се снабдувале со шеќер, сапун и масло од дуќанот; налози за набавка на колонијална стока и декларации за количествата на набавената стока).

Фондот содржи и 5 книги и тоа: дневник (1924-1939); книга на должници (1933-1939); пресметковна книга (1941) и две трговски книги (1939/1947).

*Архивскаūа īраѓа е на срūски, буīарски, и македонски јазик.*

***288. (397) ТРГОВСКИ ДУЌАНИ НА СЕМЕЈСТВОТО КОРНЕТИ - СКОПЈЕ (1916-1944); 1916/1944: кн. 5, ūаūка 1; 0,15. АИ, а.е. 16, лисūови 195, НИС 13 сūр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Од содржината на граѓата се гледа дека документите произлегуваат од работата на неколку трговски дуќани на семејството Корнети:

- Трговски дуќан на Михајло Корнети (1916-1938);
- Мануфактурен дуќан на мало на Ташко Корнети (1926-1944);
- Корнети и Дича, мануфактура на големо (1922-1934) и
- Трговски дуќан на Михајло и Ташко Корнети (1927- 1941).

Овие трговски дуќани, воглавно, се занимавале со трговија со текстил и производи што ги користеле мануфактурните работилници во градот.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Документи од работата на трговските дуќани на семејството Корнети: пријави и одјави за вработени; известување од Вардарската дирекција на пошти и телеграф; договор за закуп на локал; деловна преписка со правни и физички лица; даночна документација; дозволи и уверенија за работа; декларации за залихи и промет и други документи од секојдневната работа на дуќаните.

*Архивската граѓа е на српски, грчки и бугарски јазик.*

### *289. (374) ПОМОДНА ГАЛАНТЕРИЈА НА БРАЌАТА КРСТИЌ - СКОПЈЕ (1928-1944); 1928/1944: кн. 15, папка 1; 0,2. АИ, а.е. 2, листови 53, НИС 20 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Од содржината на граѓата што ја поседува фондот, се заклучува дека фирмата се занимавала со трговија со текстилни и трикотажни производи, како и со галантерија.

Таа започнала со работа на 21 јули 1928 година, а останатите документи зборуваат за нејзината работа до крајот на 1944 година. Поради сето тоа, за гранични години на фондообразувателот се земени годините 1928-1944.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловна преписка на фирмата со фирмите: „Југославија“ од Загреб и „Елка“ од Белград, како и сметководствена (финансиска) документација од работата на фирмата на браќата Крстиќ од основањето во 1928 до крајот на 1944 година. Во фондот, исто така, се сретнуваат и 15 книги.

*Архивската граѓа е на српски и бугарски јазик.*

### *290. (399) СТОВАРИШТЕ НА ГРАДЕЖЕН МАТЕРИЈАЛ НА ТОДОР КИРОВИЌ - СКОПЈЕ (1915-1941); 1915/1941: кн. 6, кут. 1; 0,2. АИ, а.е. 16, листови 742, НИС 14 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Од содржината на граѓата што се сретнува во фондот, може да се заклучи дека фирмата се занимавала со трговија со градежен материјал на големо и мало, во периодот од 1915 до 1941 година. Фирмата соработувала со

голем број фирми, како и со повеќе државни и воени установи од Кралството СХС/Југославија. Во подоцнежните години фирмата заеднички ја воделе таткото Тодор и синот.

*Содржински йодайоци за архивскайа їраѓа:*

Документи од работата на Стовариштето на градежен материјал на Тодор Кировиќ: договор за закуп на плац; список на вработени; деловна и лична кореспонденција со правни и физички лица; понуди за доставување градежен материјал; платни налози и останата финансиска (сметководствена) документација (сметки, фактури, требувања и слично).

*Архивскайа їраѓа е на срйски и буїарски јазик.*

### *291. (410) ТРГОВСКА ФИРМА „БРЕГАЛНИЦА“ НА ПАВЛЕ МИХАЈЛОВ - СКОПЈЕ 1944: кн. 1; 0,01. СИ, лисйови 48, НИС 4 сйр.*

*Исйоријай на фондообразовайелой:*

Од содржината на книгата може да се заклучи дека трговската фирма на Павле Михајлов се занимавала со трговија на тутун. Во неа нема податоци за граничните години на фондообразователот и затоа тие не се ни наведени.

*Содржински йодайоци за архивскайа їраѓа:*

Единствената книга од фондот содржи само платни списоци за периодот од јануари до декември 1944 година.

*Архивскайа їраѓа е на буїарски јазик.*

### *292. (375) ТРГОВСКА ФИРМА НА БРАЌАТА КУРТИЌ - СКОПЈЕ (1927-1942); 1927/1942: кн. 6, йайка 1; 0,16. АИ, а.е. 1, лисйови 2, НИС 11 сйр.*

*Исйоријай на фондообразовайелой:*

Од содржината на граѓата и книгите може да заклучиме дека трговската фирма на браќата Куртиќ се занимавала со трговија на житарици, прехранбени и колонијални производи, а биле сопственици и на Комисион со текстилна стока.

Интересно е да се одбележи дека во книгата бр. 4 на почетокот е водена книга на спортскиот клуб „ССК“ од Скопје, за периодот од 1923 до 1927 година, а во вториот дел е употребена како трговска книга на фирмата на браќата Куртиќ. Веројатно до ова дошло бидејќи едниот од браќата, Петар Куртиќ, бил член на спортскиот клуб.

Граѓата го опфаќа периодот од 1927 до 1942 година, па затоа тие се земаат истовремено и како гранични години на фондообразователот.

*Содржински йодайоци за архивскайа їраѓа:*

Документи од работата на трговската фирма на браќата Куртиќ во периодот од април 1928 до јуни 1935 година.

Во фондот покрај сиромашната архивска документација, се наоѓаат шест книги од кои: три Партијалници (1930/1941); Дневник (1931-1933) и две Касови книги (1927/1942)

*Архивската граѓа е на српски и бугарски јазик.*

### *293. (376) ТРГОВСКА ФИРМА НА ПЕЧЕНОВИЌ И КОМПАНИЈА - СКОПЈЕ 1923: папка 1; 0,01. СИ, а.е. 1, листови 49, НИС 4 стр.*

*Историјат на фондообразователот:*

Од содржината на граѓата се заклучува дека фирмата на Печеновиќ и компанија се занимавала со трговија на градежни материјал.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Фондот на трговската фирма Печеновиќ и компанија содржи една папка архивска граѓа, која претставува копии од деловната преписка на фирмата во периодот ноември - декември 1923 година. Копиите на писмата се подврзани во една книга.

*Архивската граѓа е на француски и српски јазик.*

### *294. (379) ТРГОВСКИ ДУЌАН НА МИЛАН АТАНАСОВ - СКОПЈЕ (1924-1927); 1924/1927: кн. 2; 0,05. СИ, листови 294, НИС 5 стр.*

*Историјат на фондообразователот:*

Од содржината на книгите може да се види дека дуќанот работел со трговија на текстил и текстилни производи. Други документи од работата на фондообразователот не се сретнуваат, така што не може да се зборува за гранични години на постоење на фирмата.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Во фондот постојат само две Трговски книги за периодот 1924/1925 и 1926/1927 година. Во книгите е водена евиденција за разни нарачки и испорака на стока, како и за долговите на разни лица од повеќе села во Скопска околија.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

### *295. (408) ТРГОВСКА ФИРМА НА АДАМ ГРГУРОВИЌ - СКОПЈЕ (1919-1946); 1919/1946: кн. 11, папка 1; СИ, а.е. 1, листови 32, НИС 16 стр.*

*Историјат на фондообразователот:*

Од содржината на граѓата и книгите од фондот, дознаваме дека фондообразователот, пред сé, се занимавал со трговија на огревно дрво и волна, но, истотака, и со разни други производи од широка потрошувачка.

*Содржински йодайоци за архивскайа їраѓа:*

Деловна преписка на трговската фирма на Адам Гргуровиќ, водена во периодот од октомври 1921 до март 1946 година. Во преостанатиот дел од овој фонд се сретнуваат и единаесет трговски книги за периодот 1919/1937 година.

*Архивскайа їраѓа е на срйски, буїарски, и македонски јазик.*

***296. (385) ТРГОВСКИ ДУЌАН НА ТОДОР ДИМИТРОВ - СКОПЈЕ***
***1928-1936: кн. 4; 0,1. СИ, лисйови 439, НИС 7 сйр.***

*Содржински йодайоци за архивскайа їраѓа:*

Фондот се состои од само четири трговски книги за периодот 1928/1936 година, во кои се водела евиденција за стоките дадени на вересија на повеќе лица од Скопје и Скопска околија.

*Архивскайа їраѓа е на срйски јазик.*

***297. (429) ТРГОВСКА ФИРМА НА ЦАРТОВ И МИТОВ - СКОПЈЕ***
***1942/1945: кн. 4; 0,09. СИ, лисйови 503, НИС 7 сйр.***

*Содржински йодайоци за архивскайа їраѓа:*

Од содржината на книгите може да се види дека дуќанот работел со трговија на хетерогени стоки во прв ред: галантериски, канцелариски и парфимериски производи.

Фондот се состои од четири трговски книги за периодот 1942/1945 година и тоа: главна книга (1942); дневник (1942) и два дневника за обрт (1942/1945).

*Архивскайа їраѓа е на буїарски и македонски јазик.*

***298. (404) НИКОЛА ЈАКИМОВ, КОЖАРСКИ ТРГОВЕЦ - СКОПЈЕ***
***1940/1944: кн. 9; 0,2. СИ, лисйови 917, НИС 12 сйр.***

*Содржински йодайоци за архивскайа їраѓа:*

Фондот се состои од девет трговски книги за наведениот период и тоа: две главни книги (1942/1944); два дневника (1943); партијалник (1940-1941); благајничка книга (1940-1941) и три Касови книги (1942/1944).

*Архивскайа їраѓа е на буїарски јазик.*

***299. (430) ТРГОВСКИ ДУЌАН НА ЗАФИР ЈАНЕВ - СКОПЈЕ***
***(?-1942); 1938/1941: кн. 3; 0,07. СИ, лисйови 401, НИС 7 сйр.***

*Содржински йодайоци за архивскайа їраѓа:*

Фондот се состои од три трговски книги за периодот 1938/1941 г., во кои се водела евиденција за стоките дадени на вересија на муштерии од Скопје и Скопска околија.

*Архивскайа їраѓа е на срйски и буїарски јазик.*

***300. (407) ЃОРЃЕ КОММАТИС, ТРГОВЕЦ - СКОПЈЕ (1920-1923); 1920/1923: кн. 3, папка 1; 0,09. СИ, а.е. 1, листови 14, НИС 8 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Семејството се занимавало со трговија на алкохолни пијалоци. Деловна преписка на трговската фирма на Ѓорѓе Комматис, водена во периодот од 1920 до 1921 година.

*Архивската граѓа е на грчки јазик.*

***301. (396) СТОЛАРСКА РАБОТИЛНИЦА НА ЛАЗАР МАЛЕЗАНОВИЌ - СКОПЈЕ (1922-1923); 1922/1923: папка 1; 0,01. СИ, а.е. 1, листови 52, НИС 3 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Документи во врска со набавката на машини и опрема за столарската работилница на Лазар Малезановиќ.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

***302. (409) ТРГОВСКА ФИРМА НА КРУМ Д. СТАНИШЕВ - СКОПЈЕ 1942/1944: кн. 1; 0,01. СИ, листови 51, НИС 4 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Трговската фирма на Крум Д. Станишев се занимава со трговија на тутун. Сочувана е Главна трговска книга од работата на фирмата, водена во периодот од 1942 до 1944 година.

*Архивската граѓа е на бугарски јазик.*

***303. (401) КОЦЕ ТРАЈКОВИЌ, ТРГОВЕЦ - СКОПЈЕ 1933/1941: кн. 2; 0,02. СИ, листови 48, НИС 5 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Трговски книги, таканаречени контролници за увоз за период 1933-1936 и 1936-1941 година. Од содржината на книгите може да се заклучи дека Коце Трајковиќ се занимавал со увоз на ситничарска стока.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

***304. (394) БРАЌА ХАЏИ БОШКОВИЌ, ТРГОВЦИ - СКОПЈЕ (1922-1923); 1922/1923: папки 2; 0,02. СИ, а.е. 2, листови 194, НИС 4 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Фондообразувателот Трговска фирма на браќата Хаџи Бошковиќ, се занимавал со трговија на памук и памучни производи. Сочувани се книги од

облигациски и финансиски карактер: купопродажни договори со неколку фирми од Грција, сметки за наплата на телефонски разговори, потврди за доставени и подигнати пари, договори за набавка на производи и слично, како и деловна преписка со фирмата на Константин Н. Санидис, од Солун водена во периодот од 16 април до 11 август 1923 година во врска со разни трговски зделки со памук и памучна преѓа (купопродажба, испраќање и примање пакети, информации за движење на курсната листа, за берзанското работење, за движење на цените и слично).

*Архивската граѓа е на грчки, француски и српски јазик.*

### *305. (403) МАНУФАКТУРНА РАБОТИЛНИЦА НА СТЕВАН К. ЦВЕТАНОВИЌ - СКОПЈЕ (1936-1939); 1036/1939: кн. 1, папка 1; 0,03. СИ, а.е. 1, листови 31, НИС 6 стр.*

### *306. (388) БРАНКО СТЕВАНОВИЌ, ТРГОВСКИ ЗАСТАПНИК - СКОПЈЕ (1930-1938); 1930/1938: кут. 1; 0,1. СИ, а.е. 6, листови 1042, НИС 5 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Фирмата на Бранко Стевановиќ во текот на своето постоење се занимавала со трговско застапништво на повеќе фирми од Кралството СХС/Југославија. Во граѓата од фондот постои евиденција за повеќегодишна соработка со повеќе фирми.

Бранко Стевановиќ, како застапник се грижел за претставување, рекламирање на производите на пазарот на територијата на град Скопје, примање налози за набавка на производи, нивно доставување до нарачателите и наплата на достасаните фактури. За извршената работа застапникот добивал провизија, согласно пооделно потпишаниот договор со секоја од фирмите што ги застапувал.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловна преписка помеѓу застапникот и односната фирма. Во неа се содржани документи околу преземањето на застапништвото, упатства и насоки за работа, известувања за нови производи, ценовници, барања да се изврши наплата на фактури, опомени за неплатени сметки испратени до муштериите, поплаки за некои производи доставени од муштериите, пресметки на провизијата, финасиски документи, проспекти и реклами на производите.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

### *307. (406) УГОСТИТЕЛСКИ ДУЌАН НА ЈАНЕ ПАНТОВ - СКОПЈЕ (1925-1947); 1925/1947: кн. 8, папка 1; 0,16. СИ, а.е. 2, листови 37, НИС 13 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловна преписка помеѓу угостителот Јане Пантов и лица, добавувачи и купувачи на алкохолни пијалоци, водена во периодот помеѓу март 1936 и март

1941 година; финасиски документи од работата на угостителскиот дуќан на Јане Пантов за периодот 1933–1947 година: список на примена стока, сметкопотврди за платена такса, патарина и слично, даночни документи, регистри за набавени и потрошени алкохолни пијалоци и фактури за примена и испратена стока.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

***308. (389) БЛАГОЈА ТАСЕВ, ТРГОВЕЦ И УГОСТИТЕЛ - СКОПЈЕ (1938-1948); 1938/1948: кн. 4, папка 1; 0,06. СИ, а.е. 1, листови 10, НИС 9 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Документи во врска со работата на угостителскиот дуќан (пренокиште - ан) на Благоја Тасев од Скопје, за периодот 1946 - 1948 година. Фондот содржи уште и 4 книги: две трговски книги (1938/1948); книга за упис на гости во анот (1946) и книга за упис на промет од услуги и производи (1947-1948).

*Архивската граѓа е на српски и македонски јазик.*

**6.1.3.4. Сообраќај**

***136. ШПЕДИТЕРСКО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ТРАНС-МАКЕДОНИЈА" НА КАЛЕВ И ТЕВЧЕВ - СКОПЈЕ (1921-1948); 1939/1948; кн. 3, кут 3; 0,3. СИ, а.е. 1769, листови 1769, НИС 20 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Тефтери за извршени услуги, разновидна преписка за превземена и испратена стока во градовите - Софија, Габрово, Загреб, Белград, Лесковац, Ниш, Пирот, Врање, Куманово, Прилеп, Штип, Тетово и др.

*Архивската граѓа е на српски и македонски јазик.*

**6.1.4. Занаетчиство**

***137. КРОЈАЧКИ ДУЌАН НА ТОМЕ ТАНЕВ - СКОПЈЕ (1907-1923); 1907-1923: кут. 1; 0,1. СИ, а.е. 5, листови 123, НИС 8 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловна преписка (писмо во врска со купување штофови и други материјали); лична преписка (документи за осигурување недвижен имот: куќа и дуќан) и финансиска преписка (сметки за купена и продадена стока).

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

### 6.1.5. Задруги

***135. ПРОИЗВОДИТЕЛНА КООПЕРАЦИЈА „ЈАГОДА“ - СКОПЈЕ (1937-1947); 1941/1947: кн. 1, кут. 1; 0,1; СИ, а.е. 15, листови 525, НИС 8 стр.***

*Историјат на фондообразователот:*

Основана од група кооперанти во 1937 година, со цел да се грижи за пласман на градинарско-овоштарските култури и унапредување на овие дејности, а пред сѐ да го обезбеди нивниот пласман.

Во 1941 година копeрацијата ја проширила својата дејност благодарејќи на кредитот што го добила во износ од 3 милиони левови од Сојузот на народно-кооперативни банки. Со овие средства биле купени извесен број земјоделски машини, што ѝ овозможило од 9 јуни 1942 година до 1 април 1944 година, а и потоа до 1946 година да кооперира со Конзервната фабрика „Вардар“. Во коперацијата членувале 224 производители, бруто промет на истата изнесувала 6.837.102 динари.

Ликвидирана е со акт бр.753 од 1 февруари 1947 година од Главниот кооперативен сојуз на Македонија, поради тоа што Кооперацијата наместо со производство се занимавала со купопродажна дејност, што ѝ била доверена на трговските претпријатија од државниот сектор.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Касова книга, разновидна преписка, договори со банките, осигурителна полиса, записници од констатираната финансова положба, надоместување на воени штети направени од страна на бугарската окупациона власт, барање за исплата на фактури за продадени стоки, договори за коперирање со конзервната фабрика „Вардар“, приходи, расходи и друго.

*Архивскиата граѓа е на бугарски и македонски јазик.*

### 6.1.6. Останати

***138. ТРГОВСКИ ИНВЕСТИТЕЛЕН ЗАВОД „КРЕДИТ ИНФОРМ“ - СКОПЈЕ - БЕЛГРАД (? -1941); 1924/1941: кут. 4; 0,4. СИ, а.е. 967, листови 3926, НИС 131 стр.***

*Историјат на фондообразователот:*

Заводот бил основан од Миодраг Марковиќ во 1924 година како приватна организација, со цел да прибира податоци за сите видови стопанственици, деловни фирми и други кои се јавувале во улога на кредитобарачи. Неговата основна задача била преку разгранета мрежа на соработници да прибира бројни информации за семејната и материјална состојба, поведението, кредито-способноста и слично, главно за лица кои имаат

трговски или друг вид фирми. Прибраните информации Заводот ги отстапувал на банките, за да можат истите врз основа на податоците, да одлучуваат за одобрување на кредит.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*
Податоци за деловни претставители, прашалници за лица кои барале кредити и слично.

*Архивската граѓа е на српски, германски и француски јазик.*

## 6.2. ПЕРИОД ПО 1944

### 6.2.2. Стопански здруженија

## КОМОРИ

### *141. РЕГИОНАЛНА СТОПАНСКА ЗА СКОПСКА, ТИТОВВЕЛЕШКА, КУМАНОВСКА И ТЕТОВСКА ОКОЛИЈА - СКОПЈЕ (1962-1965); 1962/1965: кн. 1, кут. 88; 7,3. СИ. а.е. 9033, листови 73108, НИС 104 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*
Записници и седнични материјали од Управниот одбор и советите на Комората; анализи; информации; планови; програми; инвестициони програми на претпријататa за реконструкција, изградба и интеграција; предлог-програми и програми за перспективниот развиток на регионот; елаборати; записници; тези; прегледи; одлуки; договори; образложенија и друго.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *142. ОКОЛИСКА ЗАНАЕТЧИСКА - СКОПЈЕ (1945-1962); ?/1962: кн. 23, кут. 41; 5,0. СИ, а.е. 8691, листови 32743, НИС 89 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*
Занаетчиската комора била основана уште во периодот на Кралството СХС/Југославија. Меѓутоа, нејзиното обновување било извршено по иницијатива на Акциониот одбор во 1945 година, кога било основано Занетчиското здружение што набргу прераснало во Комора. Од 1946 година тоа работело како Градска занаетчиска комора, а од 1954 година како Околиска занаетчиска комора.

Основната задача на Комората била да се грижи за унапредувањето на занаетчиството и во врска со тоа да соработува со локалните органи на управата со цел да обезбеди стручно квалификувани млади кадри, нужно количество суровини, правилно наградување, соодветно оданочување и др. Истовремено со ова, Комората се грижела и за утврдување норми во одделни

занаетчиски гранки, за подобрување на квалитетот на производството и услугите и др.

Престанала со работа при крајот на 1962 година поради обединување на сите комори во единствена Регионална стопанска комора - Скопје.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записнички книги за издадени дозволи; книги со имиња на членови; регистри; деловодни протоколи; општа преписка - записници и решенија за полагање испити за квалификувани работници; времени решенија, дозволи и одлуки за обезбедување на занаетчиска дејност и др.

*Архивската граѓа е на српски, бугарски и македонски јазик.*

### *143. ОКОЛИСКА ЗЕМЈОДЕЛСКА И ШУМАРСКА (1956-1963); 1956/1963: кн. 5, кут. 11; 1,5. СИ, а.е. 1845, листови 11107, НИС 9 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Основана е со Одлука на Основачкото собрание на Земјоделско-шумарската комора од 6 јули 1960 година. Основна задача на Комората била да работи за унапредување на земјоделството и шумарството и унапредување на дејностите на стопанските организации и установи, зачленети во неа. Исто така, Комората посебно се грижела за зголемување на производството, продуктивноста на трудот и создавањето на социјалистичките односи на село.

Комората вршела одредени работи од надлежностите на државните органи што и биле пренесени со соодветни прописи (управување со средствата од Околискиот фонд за унапредување на земјоделството и шумарството и др.) и да врши стручен и општествен надзор на стручните здруженија.

*Организациона поставеност:*

Собрание, управен одбор, надзорен одбор, суд на честа и секции за: поледелство и градинарство, сточарство, овоштарство и лозарство, економски проблеми, ветеринарен лекар и секретаријат.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Деловодни протоколи; анализи; бруто биланси; записници; заклучоци; информации; правилници; програми; пресметки; предлози; прегледи; реферати; седничен материјал и друго.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *144. ОКОЛИСКА ТРГОВСКА - СКОПЈЕ (1952-1962); 1952/1962: кн. 28, кут. 46; 5,0. СИ, а.е. 7939, листови 41237, НИС 117 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Седнични материјали од Управниот одбор на Комората; анализи на проблемите за унапредување на трговијата, кадрите, организацијата и распределбата на личните доходи; заклучоци од седници на: работничките

совети на претпријатијата и Управниот одбор на комората; извештаи од работата на Комората и тоа на: Управниот одбор, секциите и отсеците при Комората; информации за интеграционите движења, состојбата на пазарот, постигнатите резултати во работењето, снабденоста на пазарот со прехранбени и индустриски стоки, работата на органите на работничкото самоуправување; пријави и решенија за утврдување на стручната подготовка на работниците; програми за: работа, употреба на средствата од фондовите, унапредување на дејноста и слично; решенија за основање претпријатија и отварање општи и специјализирани продавници, одобрување инвестициони програми, формирање стручни и др. комисии и друго; списоци на: работни организации од областа на трговијата и нивни продавници, членови на комората и слично.

*Архивската грађа е на македонски јазик.*

***145. ОКОЛИСКА УГОСТИТЕЛСКА - СКОПЈЕ (1954-1962); 1954/1962: кн. 6, кут. 12; 1,4. СИ, а.е. 1963, листови 10946, НИС 48 стр.***

*Историјат на фондообразователот:*

По ослободувањето, во 1945 година, била формирана оваа комора во состав на Трговската комора под назив Трговско-угостителска комора за град Скопје и под овој назив работела сé до 1954 година. На 19 мај 1954 година, со Решение бр. 2075 од Народниот одбор на град Скопје се издвојува Трговската комора од Угостителската комора и се вика Угостителска комора за град и околија Скопје, а од 1956 година се преименува во Околиска угостителска комора.

Нејзини основни цели била да го унапредува угостителството во Скопје и околијата; да подготвува нормативни акти за угостителството; да определува испитни комисии за полагање квалификациони испити; да организира стручни курсеви, советувања и друго; да води евиденции за бројот на угостителски претпријатија, прометот и реализацијата на општествениот план во угостителството; да проучува и анализира проблеми во угостителството, и врз основа на тоа да дава предлози до Советот на производители на Народниот одбор на градот.

Престанала со работа при крајот на 1962 година, поради окрупнување во Регионална стопанска комора - Скопје.

*Содржински податоци за архивската грађа:*

Анализи за работата на Угостителската комора; биланси; договори; заклучоци; записници од одржаните состаноци на Управниот одбор; извештаи за работата на комората; планови; прегледи; реферати од годишни собранија; упатства; статути; информации и друго во врска со работата на Комората.

*Архивската грађа е на македонски јазик.*

## СОЈУЗИ

***146. ОКОЛИСКИ ЗАДРУЖЕН СОЈУЗ - СКОПЈЕ (1948-1961); 1948/1961: кн. 4, куш. 39; 4. СИ, а.е. 5811, лисшови 44069, НИС 174 сшр.***

*Содржински йодайоци за архивскайа ѓраѓа:*

Во текот на неговото функционирање биле извршени неколку реорганизации произлезени од реорганизациите на органите на власта и управата, односно од 5 април 1945 година, кога е формиран, па се до 15.02.1947 година, делува како III Реонски комитет. Од 15. 02. 1947 година III и IV реонски комитет се фузионираат и го формираат II Реонски комитет, кој функционира сé до 1948 година.

На 7. 08. 1948 година, со Указ на Президиумот на Народната Влада на НРМ, на територијата на град Скопје, повторно има административно-територијално разграничување, формирани се четири реонски народни одбори, аналогно на тоа, четири реонски комитети.

Во ноември 1948 година повторно бил формиран III Реонски комитет со територијалната надлежност како и до 15. 02. 1947 година.

Третиот Реонски комитет делувал сé до 1955 година. Во меѓувреме во 1952 година, имало извесни реорганизации на територијата на град Скопје, односно биле формирани општински народни одбори.

Во 1955 година, со реорганизацијата на власта и управата, дошло до реорганизација на партиската организација во Скопје (се укинале реонските комитети на КПМ и се формирале општински комитети на СКМ).

Општинскиот комитет на СКМ - Саат Кула функционирал сé до 1965 година, кога се укинува. Надлежностите од овој комитет го презема Општинскиот комитет на СКМ - Кале.

Според Статутот на КПЈ, донесен на V-от Конгрес на КПЈ, конференциите на ОК СКМ, се одржувале на две години, меѓутоа, во периодот од 1948 до 1950 година, партиските конференции се одржувале еднаш годишно.

На партиските конференции на ОК на СКМ биле поднесувани извештаи за работата, сумирани резултатите помеѓу две конференции, утврдувани се ставови и насоки за политичката платформа за наредниот период и др.

*Содржински йодайоци на архивскайа ѓраѓа:*

Деловодни протоколи, евидентни книги и регистар за издадени членски книшки, анализи, записници, извештаи, информации, осврти, планови, прегледи, реферати, решенија, списоци.

*Архивскайа ѓраѓа е на македонски јазик.*

***459. (416) - БУТЕЛ (1955-1962); 1955/1962: куй. 2; 0,2. СИ, а.е. 446, лисйови 1317, НИС 12 сйр.***

*Содржински йодайоци на архивскайа ѓраѓа:*

Анализи, записници, извештаи, информации, осврти, планови, прегледи, реферати, решенија, списоци.

*Архивскайа ѓраѓа е на македонски јазик.*

# СОЦИЈАЛИСТИЧКИ СОЈУЗ НА РАБОТНИОТ НАРОД НА МАКЕДОНИЈА

## *209. ОКОЛИСКИ ОДБОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ СОЈУЗ НА РАБОТНИОТ НАРОД НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ (1945-1964); 1945/1964: кн. 4, кут. 16; 2,2. СИ, а.е. 4753, листови 18895, НИС 101 стр.*

*Историјат на фондообразователот:*

Градскиот одбор на Народниот фронт на Скопје бил формиран во текот на 1943 година, како масовна политичка организација на широките народни маси, доброволна организација која ги собирала сите напредни луѓе со задача да ги организира во единствена платформа и да ги активира масите во борбата против окупаторот. Во месец декември 1944 година била одржана Правата градска конференција на НОФ - Скопје. На неа бил избран нов Градски одбор и 4 реонски одбори на НОФ за подрачјето на градот. Во 1955 година, наместо Градски одбор бил формиран Околиски одбор на ССРНМ Скопје со 9 општински одбори и тоа: Бутел, Драчево, Ѓорче Петров, Идадија, Кале, Кисела Вода, Петровец, Ракотинци и Саат Кула. Оваа организациона структура на Градската организација со мали измени се задржала сѐ до 1963 година.

Основна задача на Одборот во повоениот период била да ги мобилизира масите во обновата и изградбата на земјата и да покренува иницијатива за поставување и правилно решавање на прашањата од сите области на општествениот живот. Тој бил главен носител на изборите и изборните активности за избирање органи на политичко-територијалните единици и други претставнички тела, како и организирање акции за борба против неписменоста.

*Организациона поставеност:*

- 1945-1955: пленум, извршен одбор, секретаријат, комисии за идеолошко-воспитна работа, организациони прашања, стопански прашања, комунални прашања, пошумување, социјално-здравствени прашања, контролна комисија, надзорна комисија, финансов одбор, одделение за статистика.
- 1955-1964: пленум, претседателство, извршен одбор, надзорен одбор, комисии за идејно-воспитна работа, општествено управување, општествено управни организации, политичка работа со жени, село, здравствено-просветување, прослави, организациони прашања.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Седнички материјали, анализи, билтени, договори, елаборати, заклучоци, записници, известија, извештаи, информации, напатствија, наредби, одлуки, планови, правилници, прегледи, предлози, расписи, реферати, решенија, списоци, статистика, статути.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## *463. (413) ОКОЛИСКИ ОДБОР НА НАРОДНИОТ ФРОНТ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ - СКОПЈЕ (1945-1952); 1945/1952: кн. 3, кут. 1, 0,1. СИ, а.е. 184, листови 447, НИС 15 стр.*

*Содржински йодайоци на архивскаша ѓраѓа:*

Записници, извештаи, планови, прегледи, решенија, списоци и финансова документација за работата на Околискиот одбор на Народниот фронт „Ѓорче Петров“.

*Архивскаша ѓраѓа е на македонски јазик.*

***464. (415) ОКОЛИСКИ ОДБОР НА ССРНМ - СКОПЈЕ (1945-1955); 1945/1955: кн. 1, куш. 6; 0,6. СИ, а.е. 2748, лисшови 6759, НИС 77 сшр.***

*Исшоријаш на фондообразовашелош:*

Народниот фронт за Скопска околија како моќна општествено-политичка организација, со своето делување играла голема улога во обединувањето на општествено-политичкиот, културно-просветниот и други аспекти во издигнувањето на масите од Скопска околија.

Во текот на своето постоење Околискиот одбор на ССРНМ го менувал името, но, значењето во суштина останувало секогаш исто.

Околискиот одбор на народниот фрон т.е. Извршното тело за Скопска околија било конституирано на 18.01.1947 година, по спроведувањето на административно-териотријалната реорганизација, односно со вклучувањето на околиите Маџари и Драчево во Скопска околија. Неговата компетенција до 1952 година се однесувала само на селата на Скопска околија, а потоа се проширила и на селата од Ѓорчепетровска околија.

*Содржински йодайоци на архивскаша ѓраѓа:*

Записници, извештаи, планови, прегледи, решенија, списоци и финансова документација за работата на Околискиот одбор на ССРНМ - Скопје.

*Архивскаша ѓраѓа е на македонски јазик.*

## СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

***210. ГРАДСКИ СОВЕТ НА СОЈУЗОТ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА (ОКОЛИСКИ СОВЕТ НА ССМ) - СКОПЈЕ (1945-1970); 1946/1970: кн. 32, куш. 79; 8,3. СИ, а.е. 18936, лисшови 84631, НИС 120 сшр.***

*Исшоријаш на фондообразовашелош:*

Сојузот на синдикатите на Југославија го сочинувале здружени синдикати кои што ги усклaдувале интересите и го зацврстувале единството на работничката класа, заради разгледување на прашања и проблеми што биле од заеднички интерес на сите работни луѓе.

Синдикатите ги организирале работниците вработени во една или повеќе гранки во стопанството односно по области од општествените дејности.

Синдикатот работел врз основа на Статут донесен на Конгрес.

Основна организациона единица на Синдикатот е подружница, која по правило се формирала на принципот: една работна организација - една подружница. Во работните организации со поголем број членови и повеќе работни единици, можеле да се формираат посебни подружници чија работа била обединета и координирана од Синдикалниот одбор на работната организација.

*Организациона поставеност:*

Во Синдикатите по правило постоеле следните органи:

- Во работна организација: Собрание и Извршен одбор на подружницата;
- Во работните организации со повеќе подружници: Собрание и Синдикален одбор на работната организација.

На ниво на Општина Скопје немало синдикални органи, а на ниво на град Скопје постоело Собрание и Градски одбори на посебни синдикати.

Како Градски синдикален совет дејствувал во периодот од 1945-1949, како Местен синдикален совет од 1949-1955 година, како Околиски синдикален совет од 1955-1964 година, а по 1964 како ССЈ - Градски совет - Скопје.

*Содржински податоци на архивската граѓа:*

Преписка со бројни извештаи, анализи, информации, програми, планови, прегледи и друго во врска со работата на ССЈ-Градскиот совет, синдикалните совети, синдикални одбори и синдикални подружници.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *468. (414) ОКОЛИСКИ СИНДИКАЛЕН СОВЕТ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ - СКОПЈЕ (1949-1955); 1949/1955: кн. 1, кут. 1; 0,1. СИ, а.е. 260, листови 672, НИС 17 стр.*

*Историјат на фондообразувачот:*

Околискиот синдикален совет „Ѓорче Петров“ претставувал соодветно тело на синдикалните основни организации на Околискиот одбор „Ѓорче Петров“.

*Организациона поставеност:*

Органите на Околискиот синдикален совет „Ѓорче Петров“ се: Пленум, Претседателство, Извршен совет, Надзорен одбор, комисии - претседатели и секретари.

Преку горенаведените органи се координирала севкупната организациона работа на Синдикалните основни организации на Околијата. Преку нив се разгледувале следните проблеми: школството, детската заштита, културата, физичката култура, здравствената заштита, вработувањето, комуналните прашања, одржувањето на семинари и др.

*Содржински йодайоци на архивскайа ѓраѓа:*

Седнични материјали, анализи, билтени, договори, елаборати, заклучоци, записници, известија, извештаи, информации, напатствија, наредби, одлуки, планови, правилници, прегледи, списоци и др.

*Архивскайа ѓраѓа е на македонски јазик.*

## ОПШТИНСКИ СИНДИКАЛНИ СОВЕТИ

***211. - ДРАЧЕВО, с. ДРАЧЕВО - СКОПЈЕ (1960-1965); 1960/1965:***
***кн. 1, куй. 1; 0,1. СИ, а.е. 395, лисйови 1285, НИС 15 сйр.***

***212. - ЃОРЧЕ ПЕТРОВ - СКОПЈЕ (1955-1965); 1955/1965:***
***кн. 5, куй. 3; 0,3. СИ, а.е. 1328, лисйови 3471, НИС 30 сйр.***

***213. - ПЕТРОВЕЦ - СКОПЈЕ (1956-1965); 1956/1965:***
***кн. 1, куй. 2; 0,2. СИ, а.е. 639, лисйови 1998, НИС 23 сйр.***

***214. - ИДАДИЈА - СКОПЈЕ (1958-1967); 1958/1967:***
***кн. 1, куй. 1; 0,1. СИ, а.е. 375, лисйови 1330, НИС 15 сйр.***

***215. - КАЛЕ - СКОПЈЕ (1955-1966); 1955/1966:***
***кн. 5; куй. 8; 0,8. СИ, а.е. 2413, лисйови 8898, НИС 64 сйр.***

***216. - КИСЕЛА ВОДА - СКОПЈЕ (1955-1967); 1955/1967:***
***кн. 1; куй. 8; 0,8. СИ, а.е. 1838, лисйови 7986, НИС 95 сйр.***

***217. - СААТ КУЛА - СКОПЈЕ (1955-1965); 1955/1965:***
***кн. 2, куй. 8; 0,8. СИ, а.е. 2333, лисйови 7338, НИС 57 сйр.***

*Орѓанизациона йосйавеносй:*

Органите на управувањето на Општинските синдикални совети се: Пленум, Претседателство, Извршен совет, Надзорен одбор, претседател, секретар и комисии. Преку нив се координирала севкупната организациона работа на синдикалните основни организации на општините. Тие третирале проблеми во врска со вработување, школството, детската заштита, културата, физичката култура, здравствената заштита, станбено-комуналната изградба, избор на делегати и кандидати во повисоките форуми на синдикатите, финансовата положба на синдикалните подружници, кадрова политика на работничките совети, одржување семинари и други проблеми во доменот на советот.

*Содржински йодайоци за архивскайа ѓраѓа:*

Седнични материјали, анализи, билтени, договори, елаборати, заклучоци, записници, известија, извештаи, информации, напатствија, наредби, одлуки, планови, правилници, прегледи, списоци и др.

*Архивскайа ѓраѓа е на македонски јазик.*

# СОЈУЗ НА БОРЦИ

## *218. ГРАДСКИ ОДБОР НА СОЈУЗОТ НА БОРЦИТЕ ОД НОВ - СКОПЈЕ (1947-); 1950/1972: кут. 20; 2. АИ, а.е. 9571, листови 18422, НИС 299 стр.*

*Историјат на фондообразувачот:*

Организацијата на СЗБ од НОВ на Југославија како организација од општествено политички карактер, била формирана на иницијатива на маршалот Јосип Броз Тито и ЦК на КПЈ. Таа имала задача да ги обедини сите прогресивни учесници во НОВ што останале верни на линијата на КП. Непосредно по тоа се формирале републички и градски организации на СЗБ.

Според еден податок, пронајден низ материјалот, Градскиот одбор на СЗБ од НОВ на град Скопје бил формиран во месец јануари 1948 година.

Во почетниот период од своето постоење, оваа организација имала организациона поставеност што одговарала на дадените услови. Но, во натамошниот тек на своето делување, таа се доизградувала, развивала и организационо усовршувала одејќи во чекор со севкупниот општествено-политички развиток. Градскиот одбор на СЗБ од НОВ на Скопје делува преку општинските одбори на СЗБ и одборите на основните организации. Во дадени временски периоди во составот на СЗБ се наоѓале и здруженијата на воените инвалиди и здруженијата на резервните офицери и подофицери од градот.

По заедничката седница на Градскиот одбор и Општинските одбори на ЗБ од НОВ на Идадија, Кисела Вода и Кале од 29. 01. 1969 година била донесена одлука за образување Градски сојуз на Здруженијата на борците и воените инвалиди во Скопје. Тоа значи дека дотогашните општински одбори на ЗБ во градот и Градскиот одбор на ЗБ се споиле во една повисока организација што ќе носи назив Градски сојуз на здруженијата на борците од НОВ. Градскиот сојуз на ЗБ од НОВ го сочинувале Здруженијата на борците од НОВ и Здруженијата на воените инвалиди од подрачјето на Скопје, кои во своите редови го опфатиле целокупното членство на борците и инвалидите од НОВ.

*Организациона поставеност:*

Органи на Сојузот на ЗБ од НОВ на Скопје биле: Собрание, Градски одбор (Конференција), Иврршен одбор, комисии и надзорен одбор.

Највисок форум и облик на договорање при Сојузот е Собранието. Собранието од своја страна ги извршувало следните задачи: разгледување извештаи на Градскиот одбор и Надзорниот одбор; оценување на постигнатите резултати; утврдување задачи на органите на Собранието; избирање делегати за Собранието на СЗБ од НОВ на Македонија и утврдување кандидати за Републичкиот одбор на СЗБ од НОВ на Македонија.

Градскиот одбор (Конференција) претставувал извршен орган на Собранието. За извршување на тековните задачи Градскиот одбор избирал свои органи и тоа: Претседателство од 21 член; Совет за негување на револуционерните традиции; Комисија за боречки прашања; Комисија за бившите политички затвореници, депортирци и интернирци; Комисија за општествено политички и организациони прашања; Комисија за станбени прашања; Комисија за активност од областа на народната одбрана; Комисија за материјално финансови прашања; Комисија за одликувања; Управен одбор за

помагање станбената изградба; Управен одбор на фондот за прибирање историски материјали од НОВ и издавачка дејност; Управен одбор на Клубот на борците и воените инвалиди и Редакциски одбор за издавање на весникот „13 Ноември".

Градскиот одбор по потреба може да формира и др. комисии и секции.

Надзорниот одбор вршел надзор на целото материјално и финансово работење при Сојузот.

Сојузот на Здруженијата на борците од НОВ на Скопје во своето делување настојува да ги сочува и развива придобивките од НОВ и Социјалистичката револуција на нашите народи и народности, за развивање на социјалистичките општествени односи, за подигање социјалистичката свест, за хумани односи и солидарност на работните луѓе, за одбрана на земјата и др.

*Содржински йодашоци на архивскаша ѓраѓа:*

Седнични материјали, анализи, анкентни листови за учесници во НОВ, билтени, договори, елаборати, заклучоци, записници, известија, извештаи, информации, напатствија, наредби, одлуки, планови, правилници, прегледи, пријави и податоци за прием во членството на СБ од НОВ, списоци, и др.

*Архивскаша ѓраѓа е на македонски јазик.*

## СОЈУЗ НА МЛАДИНА

### *220. ОКОЛИСКИ КОМИТЕТ НА СОЈУЗОТ НА МЛАДИНАТА НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ (1946-1963); 1946/1963: кн. 2, куш. 4; 0,4. СИ, а.е. 1214, лисшови 3965, НИС 62 сшр.*

*Историјаш на фондообразовашелош:*

Градскиот народноослободителен младински сојуз на Македонија како легална организација имала за цел да раководи со младината во градот. Покрај Градскиот одбор на НОМСМ во исто време постоел и дејствувал Градскиот комитет на СКОЈ како организација на младината. Во текот на 1946 година организацијата се преименувала во Народна младина и во 1948 година раководствата на двете организации се обединиле во едно тело - Градски одбор на народна младина - Скопје, кој во 1949 година преминал во Градски комитет на НМ - Скопје.

Во 1945 година во состав на Одборот односно Комитетот дејствувале три, односно четири реонски комитети на подрачјето на градот кои работеле до 1955 година. Со новата територијална-административна поделба на Македонија и воведувањето на комуналното уредување, во Скопје бил формиран Околискиот комитет на народна младина на Македонија за подрачјето на градот и околијата, во чиј состав влегуваат 9 општински и 1 руднички комитет.

Задачите на Комитетот се состоеле во темелно проучување и следење на општествените, стопанските и другите проблеми, со цел да ја насочуваат активноста на младината во реализирањето на обврските за социјалистичката изградба на земјата; се грижел за стручното и општото образование на младината за нејзиното вклучување во разновидни доброволни акции, како и во

мобилизирањето на истата при организирање на разновидни младински и други манифестации за збогатување на културниот, забавниот, спортскиот и друг живот.

*Организациона поставеност:* пленум, секретаријат, комисии за идеолошко-политичка работа, општествена активност со пионерите, образование, работни акции, културно-просветна работа, материјални проблеми на младината, работничка младина и селска младина.

*Содржински податоци на архивската граѓа*
Деловодни протоколи, записници, годишни извештаи, информации, планови за работа, реферати, статистички шеми, општа преписка и др.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***469. (418) ОКОЛИСКИ КОМИТЕТ НА НАРОДНА МЛАДИНА - СКОПЈЕ (1946-1953); 1946/1953: кут. 2; 0,2. СИ, а.е. 694, листови 1413, НИС 32 стр.***

*Содржински податоци на архивската граѓа:*
Анализи, заклучоци, записници, извештаи, информации, одлуки, прегледи, предлози, прашалници за работата на ОК на народна младина на Скопје.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

**ОПШТИНСКИ КОМИТЕТИ**

***221. - ИДАДИЈА - СКОПЈЕ (1963-1968); 1963/1968: кн. 10, кут. 2; 0,2. СИ, а.е. 800, листови 1522, НИС 28 стр.***

***222. - КАЛЕ - СКОПЈЕ (1961-1968); 1961/1968: кн. 6, кут. 4; 0,4. СИ, а.е. 853, листови 2385, НИС 32 стр.***

***223. - КИСЕЛА ВОДА - СКОПЈЕ (1961-1968); 1961/1968: кн. 2, кут. 1; 0,1. СИ, а.е. 238, листови 595, НИС 9 стр.***

***224. - СААТ КУЛА - СКОПЈЕ (1961-1965); 1961/1965: кут. 1, 0,1. СИ, а.е. 247, листови 670, НИС 13 стр.***

*Содржински податоци на архивската граѓа:*
Преписки од спроведувањето на плановите и работата на комитетите, избори на нови младински раководства, избори на делегати и делегации на конференции, организирање и учество на младински акции, донесување на одлуки за разни културни и спортски смотри, прослави и др.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## 7.6. СПОРТСКИ ДРУШТВА И ЗДРУЖЕНИЈА

***228. СПОРТСКИ КЛУБ „ГРАЃАНСКИ“ - СКОПЈЕ (1938-1939); 1938/1939: кут. 1; 0,1. СИ, а.е. 490, листови 675, НИС 16 стр.***

*Историјат на фондообразователот:*

Клубот бил основан од група ентузијасти и љубители на фудбалот, со цел да ја развиваат спортската дејност.

Спортскиот клуб „Граѓански“ имал за задача да го развива и унапредува фудбалскиот спорт, како еден од најпопуларните спортови меѓу широките маси и да ја оспособи фудбалската екипа да се избори за подобар пласман во националната лига. За таа цел Управата на клубот вложувала напори да ангажира поистакнати тренери кои придонесувале клубот да се натпреварува со најистакнати фудбалски екипи во тогашна Југославија.

*Содржински податоци на архивската граѓа:*

Преписка помеѓу Клубот и други спортски клубови во земјата и странство.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

***229. СПОРТСКИ ЦЕНТАР „САРАЈ“ - СКОПЈЕ (1954-1955); 1954/1955: папка 1; 0,05. СИ, а.е. 152, листови 160, НИС 11 стр.***

*Содржински податоци на архивскат граѓа:*

Барања, договори, записници, известувања, извештаи, решенија, списоци за работата на спортскиот центар „Сарај“ - Скопје.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## 8. ВЕРСКИ УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ

### 8.1.3. Српска црква

***230. ПАРОХИЈА „СВЕТИНИКИТСКА“, МАНАСТИР „СВЕТИ НИКИТА“, с. ЧУЧЕР - СКОПЈЕ (1919-1944); 1919/1943: кн. 6, кут. 6; 0,7. СИ, а.е. 3933, листови 6292, НИС 67 стр.***

*Историјат на фондообразователот:*

Парохијата „Светиникитска“ била основана од Скопската Митрополија 1919 година, со седиште во манастирот „Свети Никита“, со цел да го организира духовниот живот на мирјаните од селата: Бразда, Глуво, Горњани и Чучер, како

и да се грижи за правилно канонско извршување на христијанските обреди: крштевање, венчавање и опело.

Во надлежност на парохијата спаѓала и обврската за одржување на црквите и манастирот на теренот, како и друг движен и недвижен имот со кој располагала.

Парохијата престанала да постои во 1945 година.

*Организациона поставеност:* Парохија; Црква „Свети Ѓорги", с. Бањани; Црква „Свети Тројца", с. Чучер; Црква „Свети Богородица", с. Бразда и Црква „Свети Никола", с. Глуво;

*Содржински податоци на архивскат граѓа:*

Канонски дневници, деловодни протоколи, извештаи за работа на Парохијата, разновидна финасиска документација (годишни сметки, буџети, партијални изводи, инвентар на движниот и недвижниот имот), расписи од Окружниот протоерej, архиерејскиот намесник, Црковниот суд на Скопската епархија и Скопскиот митрополит во врска со подигање економии во манастирите, за територијалната поделба на архиерејските намесништва, за ослободување на црковните фондови од надзорот на државата, за организирање на штедењето во манастирите и др.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

***481. (327) - ПРАВОСЛАВНА ЦРКОВНА ОПШТИНА, с. КУЧЕВИШТЕ - СКОПЈЕ (1935-1941); 1935/1941: кн. 1, папка 1; 0,03. АИ, а.е. 4, листови 89, НИС 4 стр.***

***482. (324) - СРПСКА ПРАВОСЛАВНА ПАРОХИЈА ПРИ ХРАМОТ „ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА" - СКОПЈЕ (1919-1943); 1919/1943: кн. 11, кут. 1; 0,32. АИ, а.е. 20, листови 747, НИС 20 стр.***

***483. (337) - ЦРКВА „СВ. ЃОРЃИ", с. БАЊАНИ - СКОПЈЕ (1925-1944); 1925/1944: кн. 4, папка 1; 0,18. АИ, а.е. 1, листови 131, НИС 7 стр.***

***484. (338) - ЦРКВА „СВ. ТРОЈЦА", с. БАРДОВЦИ - СКОПЈЕ (1929-1943); 1929/1943: кн. 2, папка 1; 0,05. АИ, а.е. 3, листови 142, НИС 5 стр.***

***485. (341) - ЦРКВА „СВ. БОГОРДИЦА", с. ГОРНО ВОДНО - СКОПЈЕ (1921-1943); 1921/1943: кн. 8, папка 1; 0,26. АИ а.е. 1, листови 29, НИС 11 стр.***

***486. (340) - ЦРКВА „СВ. НИКОЛА", с. ГЛУВО - СКОПЈЕ (1931-1943); 1931/1943: кн. 1, папка 1; 0,12. АИ, а.е. 2, листови 75, НИС 4 стр.***

***488. (342) - ЦРКВА „СВ. НИКОЛА", с. ГОРНО СОЊЕ - СКОПЈЕ (1928-1944); 1928/1944: кн. 4, папка 1; 0,18. АИ, а.е. 2, листови 113, НИС 7 стр.***

***489. (344) - ЦРКВА „СВ. НИКОЛА“, с. ДОЛНО ВОДНО (1922-1946); 1922/1946: кн. 9, ӣаӣка 1; 0,28. АИ, а.е. 5, лисӣови 62, НИС 13 сӣр.***

***490. (345) - МАНАСТИР „СВ. ЃОРГИЈА“, с. КУЧКОВО - СКОПЈЕ (1929-1943); 1929/1943: кн. 4, ӣаӣка 1; 0,18. АИ, а.е. 3, лисӣови 280, НИС 7 сӣр.***

***491. (329 - ЦРКВА „СВ. СПАС“, с. КУЧКОВО - СКОПЈЕ (1928-1943); 1928/1943: кн. 2, ӣаӣка 1; 0,1. АИ а.е. 1, лисӣови 97, НИС 5 сӣр.***

***492. (328 - ЦРКВА „СВ. СПАС“, с. КУЧЕВИШТЕ - СКОПЈЕ (1931-1944); 1931/1944: кн. 4. ӣаӣка 1; 0,18. АИ, а.е. 1, лисӣови 338, НИС 7 сӣр.***

***493. (346) - ЦРКВА „СВ. ЃОРГИЈА“, с. ПЕТРОВЕЦ - СКОПЈЕ ( -1943); 1943: кн. 2; 0,04. лисӣови 60, НИС 8 сӣр.***

***494. (347) - МАНАСТИР „ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“, с. ПОБОЖЈЕ - СКОПЈЕ (1919-1943); 1919-1943: кн. 4, ӣаӣка 1; 0,18. АИ, а.е. 2, лисӣови 19, НИС 7 сӣр.***

***495. (348) - СОБОРНА ЦРКВА „ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ - СКОПЈЕ ( -1944); 1919/1944: кн. 21, куӣ. 3; 0,52. АИ, а.е. 32, лисӣови 2170, НИС 35 сӣр.***

*Исӣоријаӣ на фондообразоваӣелоӣ:*

Во фондот Соборна црква „Пресвета Богородица“ - Скопје се сретнува граѓа за периодот од 1919 до 1944 година. Во граѓата на фондот не постојат документи од кои би се утврдиле граничните години на постоењето на црквата. Посредно, во еден од документите, се зборува за нејзиното отворање во 1835 година, а во други за пожарот од 05. 04. 1944 година, по кој престанало постоењето на црквата.

Со работата на црквата раководела Управата на истата на чие чело се наоѓал старешина, еден од паросите при храмот, а членови биле туторите кои се избирале од угледни граѓани на градот Скопје.

Делокругот на работа на Управата на црквата се состоел воглавно од донесување решенија за прашања од областа на финансиите, како: буџети и завршни сметки; поправки на зградата на црквата и објекти во нејзина сопственост; доделување помош на сиромашни лица и семејства; набавка на опрема за црквата; примање, отпуштање и одредување висина на платите на клисарите и набавка на облека и чевли за истите; издавање под закуп црковни имоти; доделување позајмици за изградба на други цркви; давање предмети како подароци на други цркви; осигурување на црковниот имот; купување акции од Привелегираната аграрна банка и преписка со повисоки црковни органи.

Во периодот од 1924 година до 1929 година биле донесени одлуки за спроведување на водовод во црквата, за откуп на книги што ќе се доделат на

училиштата, за набавка на црковни звона и за отворање црковна работилница за изработка на свеќи.

Соборната црква „Пресвета Богородица“, како соборна црква, активно учествувала во општествениот живот на градот: одржување многубројни богослужби по различни поводи; одбележување еснафски и училишни слави на училиштата во градот; крштевања, венчавања, закопи и помени на најугледните семејства во градот.

Од граѓата што ја содржи фондот Соборна црква „Пресвета Богородица“ се добиваат следните податоци: До април 1941 година црквата припаѓала на Српската православна црква, а потоа преминува под јуриздикција на Бугарската црква. Во последниот период функционирала на истиот начин како и во претходниот - со управа (Црковно настојателство) и старешина (Претседател на Црковното настојателство), се до големиот пожар на 05.04.1944 година кој доведува до, речиси, нејзино целосно уништување.

***496. (350) - ЦРКВА „СВ. ВЕЛИКОМАЧЕНИК ДИМИТРИЈА“ - СКОПЈЕ (1919-1942); 1919/1942: кн. 2, папка 1; 0,14. АИ, а.е. 8, листови 491, НИС 6 стр.***

***497. (351) - ЦРКВА „СВ. ЃОРГИЈА“, КИСЕЛА ВОДА - СКОПЈЕ (1919-1938); 1919/1938: кн. 1, папка 1; 0,03. АИ, а.е. 1, листови 33, НИС 4 стр.***

***498. (352) - ЦРКВА „СВ. ВЕЛИКОМАЧЕНИК МИНА“ - СКОПЈЕ (1926-1930); 1926/1930: кн. 1, 0,02; листови 22, НИС 6 стр.***

***499. (349) - ЦРКВА „СВ. ЦАР КОНСТАНТИН И СВ. ЦАРИЦА ЕЛЕНА“ - СКОПЈЕ (1928-1942); 1928/1942: кн. 3, папка 1; 0,16. АИ, а.е. 4, листови 515, НИС 6 стр.***

***500. (339) - ЦРКВА „СВ. ПЕТКА“, ЦРНИЧЕ - СКОПЈЕ (1925-1938); 1925/1938: папка 1; 0,1. АИ а.е. 3, листови 203, НИС 2 стр.***

***501. (353) - ЦРКВА „СВ. ЃОРЃИ“, с. СУШИЦА - СКОПЈЕ (1923-1929); 1923/1929: кн. 2, папка 1; 0,05. АИ, а.е. 4, листови 26, НИС 5 стр.***

***502. (326) - МАНАСТИР „СВ. АРХАНГЕЛ МИХАИЛ“, с. КУЧЕВИШТЕ - СКОПЈЕ (1924-1944); 1924/1944: кн. 4, папка 1; 0,18. АИ, а.е 2, листови 540, НИС 7 стр.***

***503. (330) - МАНАСТИР „СВ. НИКОЛА“, с. ЉУБАНЦИ - СКОПЈЕ (1927-1942); 1927/1942: кн. 2, папка 1; 0,14. АИ а.е. 5, листови 402, НИС 6 стр.***

***504. (331) - МАНАСТИР „ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“, с. МАТКА - СКОПЈЕ ( -1942); 1942: кн. 2; 0,04. листови 62, НИС 8 стр.***

***505. (332) - МАНАСТИР „СВ. ИЛИЈА“, с. МИРКОВЦИ - СКОПЈЕ (1929-1944); 1929/1944: кн. 5, йайка 1; 0,2. АИ, а.е. 2, лисйови 40, НИС 8 сйр.***

***506. (333) - МАНАСТИР „СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН“, с. НЕРЕЗИ - СКОПЈЕ (1919-1944); 1919/1944: кн. 12, йайка 1; 0,34. АИ, а.е. 6, лисйови 377, НИС 16 сйр.***

***507. (334) - МАНАСТИР „СВ. ДИМИТРИЈА“, с. СУШИЦА - СКОПЈЕ (1928-1942); 1928/1942: кн. 2, йайка 1; 0,05. АИ, а.е. 3, лисйови 15, НИС 5 сйр.***

***508. (336) - МАНАСТИР „СВ. НИКОЛА“, с. ШИШЕВО - СКОПЈЕ (1942-1944); 1942/1944: кн. 2, йайка 1; 0,14. АИ, а.е. 1, лисйови 109, НИС 5 сйр.***

## 8.2. ИСЛАМСКА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА

***511. (354) - ВАКАФСКА УПРАВА - СКОПЈЕ (1919-1946); 1921/1946: кн. 12, куй. 8; 1,04; АИ а.е. 493, лисйови 5291, НИС 114 сйр.***

*Исйоријай на фондообразовайелой:*

Вакафите претставуваат задужбини, основани по прописите на Шеријатското право и за прв пат се среќаваат во Отоманското царство во XV век.

Во почетокот од нивното основање, најчесто имале намена да ги задоволат верските и просветните потреби на населението.

Вакафите биле основани од основачи, чие име подоцна и го носел вакафот, а основачот, сам, со основачко писмо (вакафнама) ја определувал целта на вакафот.

Правото на управување со вакафот најчесто го задржувал основачот за себе и своите потомци или пак со посебен акт (заветување) определувал старешина од некое угледно семејство за мутевелија на вакафот и таа функција понатаму останувала во наследство во тоа семејство.

Со тек на време, како се менувале условите во Турското османско царство, и вакафите претрпувале промени, па почнале да се градат вакафи за разни намени: трговија, занаетчиство, амами, анови, саат кули, јавни кујни за исхрана на сиромашното население и сл.

Овие вакафи биле материјално многу моќни и биле важен двигател во Царството. Бидејќи вакафите располагале со големи недвижни имоти многу често својот имот го издавале под закуп на населението.

Според податоците од граѓата на фондот, во Скопје во тој период постоеле и работеле околу 70 вакафи.

Управувањето со вакафите го вршеле мутевелиите, но надзорот врз управата го вршела Вакафската управа за материјалните надлежности и Муфтивството за верските прашања.

Во овој период вакафите се наоѓале во незавидна положба и нивната материјална моќ била сведена на закупнината што ја добивале од издадените имоти под закуп.

Вакафската управа била под надзор на Министерството за вера и практично, ниту една одлука не можела да се донесе без одобрение на Министерот. Ваквата централизација на власта била потребна за да се продолжи опстанокот на вакафите.

Вакафската управа имала свој Управник и Управен одбор кој го сочинувале старешини на угледни семејства.

Иако моќта на вакафите била во постојано опаѓање, од документите во овој фонд може да се забележи дека тие не престанале да ја вршат својата функција. Од приходите кои ги добивале тие одвојувале средства за одржување на вакафските објекти, нивните верски обреди се обавувале по сите прописи на верата, сиромашните семејства добивале помош во пари или сместување и др.

Вакафите кои не можеле самостојно да ја продолжат својата дејност, многу често, ги присоединувале имотите со други вакафи и така станувале појаки, а оние вакафи каде што се гасела лозата на мутевелиите, биле предавани на управување на Вакафската управа и така се формирал општиот вакаф кој бил исклучителен надзор на Управата.

Заради покривање на трошоците, многу често, Вакафската управа или некој од вакафите продавале вакафски имот.

По Втората светска војна Исламската верска заедница била призната и имала право да ги управува своите верски и имотни работи, а тоа право го ужива и денес.

Фондот Вакафска управа Скопје 1919-1946 (1921-1931) содржи граѓа од работењето и управувањето со вакафите на овие простори во тој временски период.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

***521. (357) - ИМАМАТ НА ЏЕМАТОТ „КАРА КАПУЏИ“ - СКОПЈЕ (1920-1946); 1920/1946: кн. 5, кут. 3; 0,4. АИ, а.е. 220, листови 1480, НИС 54 стр.***

*Историјат на фондообразователот:*

По распаѓањето на Отоманското царство, муслиманското население продолжило да живее на просторите на Кралството Југославија, организирано во Исламската верска заедница, со свој Устав донесен во 1936 година.

Како основна клетка на оваа Исламска заедница е вакафско - меарифскиот џемат. Него го сочинувале сите муслимани од едно или повеќе соседни места во кои живееле најмалку 300 исламски домаќинства. На чело на оваа заедница се избирал Џематски меџлис со свој претседател, кој се избирал од жителите на самиот џемат. Бројот на членовите на Џематскиот меџлис зависел од големината на Џематот и се движел од 5 - 9 члена и исто толку заменици.

Џематскиот меџлис се занимавал со сите проблеми со кои се среќавал Џематот, го чувал неговиот углед, ги штител неговите интереси, се грижел за имотот со кој располагале вакафите на територијата на нивниот џемат.

Верските и верско-просветните службеници имам - матичарите играле важна улога во џематите. Преку непосредните контакти со населението тие се грижеле за спроведувањето на муслиманската религија. Нивната грижа за описменувањето на муслиманската младина, машка и женска во периодот од 1920-1946 година, придонела да се отвараат верски училишта мектеби (основни училишта) и медреси (средни училишта) во повеќе џемати. Наставата во мектбетите често ја воделе самите имам - матичари.

Имам - матичарите истотака ги воделе и матичните книги на родени, венчани и починати лица, како и целокупната друга преписка до Џематскиот меџлис и повисоките органи на Исламската верска заедница.

Потребните финансови средства за одржувањето на објектите во џематите, џамиите, медресите, мектебите и сл. се добивале по барање од Џематскиот меџлис и Исламската верска заедница, а се случувало некои поправки да бидат извршени со доброволна работа на верниците или со финансиска помош на некој верник.

*Архивскаѿа ѓраѓа е на срӣски јазик.*

## В. ЗБИРКИ

***235. - БИЛТЕНИ ЗА ОБНОВА И ИЗГРАДБА НА СКОПЈЕ - СКОПЈЕ (1963-1967); 1963/1967: куѿ. 13; 1,3. АИ, а.е. 24, лисѿови 10901, НИС 20 сѿр.***

*Содржински ӣодаѿоци за архивскаѿа ѓраѓа:*

Билтени и периодични информации за пристигнатата солидарна помош од тогашната СФРЈ и други странски држави; преземените активности околу обновата и изградбата на Скопје и проблемите со кои се судрувале при обновата и изградбата на разурнатиот град во катастрофалниот земјотрес од 26 јули 1963 година. Билтените ги издавале посебно формирани тела со оперативно-информативна задача при сојузните, републичките и градските органи и организации.

*Архивскаѿа ѓраѓа е на македонски и срӣски јазик.*

***236. - БИЛТЕНИ ЗА ОДГЛАСОТ НА ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО ДОМАШНИОТ И СТРАНСКИОТ ПЕЧАТ - СКОПЈЕ (1963-1967); 1963/1967: куѿ. 48; 4,8. АИ, а.е 3, лисѿови 60033, НИС 57 сѿр.***

*Содржински ӣодаѿоци за архивскаѿа ѓраѓа:*

Дневни информативни билтени на „ТАНЈУГ“ (1964-1966 година), „БИЛТЕН“ - преглед на пишувањето на југословенскиот печат за Македонија, во издание на Републичкиот секретаријат за информации на СРМ (1965 година) и „ПРЕГЛЕД НА СТРАНСКИОТ ПЕЧАТ И РАДИОТО ЗА

МАКЕДОНИЈА", во издание на Републичкиот секретаријат за информации на СРМ (1965-1967 година)

*Архивската граѓа е на македонски и српски јазик.*

***237. - ВЕСНИЦИ ЗА ОДГЛАСОТ НА ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО ДОМАШНИОТ И СТРАНСКИОТ ПЕЧАТ - СКОПЈЕ (1963-1965); 1963/1965: кут. 33; 3,3. АИ, а.е. 342, листови 23564, НИС 110 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Весници (дневни и периодични), исечоци и фотокопии од весници, во кои е даден одгласот за катастрофалниот земјотрес кој го погодил Скопје на 27 јули 1963 година во домашниот и странскиот печат.

*Архивската граѓа е на: македонски, српски, хрватски, словенечки, англиски, француски, германски, италијански, полски, унгарски, руски, грчки, холандски, дански, чешки и турски јазик.*

***238. - МАТИЧНИ КНИГИ НА РОДЕНИ, ВЕНЧАНИ И УМРЕНИ (1900-1970); 1900/1970: кн. 1761, (листови 190991); 32,41. НИС 1761 стр.***

***239. - СТАТИСТИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА СКОПЈЕ (1941-1973); 1945/1955: кут. 25; 2,5. СИ, а.е. 12169, листови 25379, НИС 171 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

За архивската граѓа од оваа збирка карактеристично е што таа нема свој „природен-оригинален" фондообразувач. Таа е настаната по хибриден пат и со примена на вториот архивистички принцип - принципот на пертиненција. Имено во почетоците на дејноста на ДАРМ - Одделение Скопје (тогашен Околиски историски архив - Скопје) по интенција на една плеада раководтели (Димов, Зајковска, Талески и Константинов) се започнало со реализација на една интересна идеја: од што поголем број архивски фондови да се издвои архивска граѓа чиј „заеднички именител" ќе бидат статистички показатели/параметри. Идеата била да се формира една „база на податоци", исклучиво од статистички домен, каде ќе може во целост да се следи целокупниот општествен, културен и стопански живот на главниот град и неговата потесна околина.

Од сето горенаведено, значајно е да се потенцира дека оваа архивска збирка ќе претрпува постојани промени, со секое ново разграничување и дополнување со нова архивска граѓа од статистички карактер.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Статистички податоци од фондовите: Обласен народен одбор - Скопје, Околиски народен одбор - Скопје, Околиски народен одбор - Ѓорче Петров и Народен одбор на Град Скопје.

Адресар на градската школска мрежа за учебната 1953/54 година; записници од конференции и седници; заклучоци од одржани конференции;

информации; напатствија; статистички извештаи; статистички листови; статистички прегледи и други табеларни статистички показатели за разни области.

*Архивскаѿа ѓраѓа е на македонски јазик.*

***240. - МЕМОАРИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ ОД ИСТОРИЈАТА НА НАПРЕДНОТО РАБОТНИЧКО ДВИЖЕЊЕ И НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА 1900/1945: куѿ. 119; 11,9. СИ, а.е. 5743, лисѿови ?????, НИС 1283 сѿр.***

*Содржински ӣодаѿоци за архивскаѿа ѓраѓа:*

Архивската граѓа од Збирката Мемоари воглавно зборува за историјатот на работничкото движење и НОВ од нивните почетоци до ослободувањето. Пишувани се од активни учесници во одредени револуционерни настани и фрлаат дополнително светлина на одредени настани и аспекти од борбата на работничката класа во предвоениот период и во времето на НОВ.

*Архивскаѿа ѓраѓа е на македонски јазик.*

***241. - ФОТОГРАФИИ: а/ ОД СКОПЈЕ 1908/1990: куѿ. 2; 0,2. АИ, а.е. 20, фоѿоѓрафии 1436, филмови 716, НИС 42 сѿр. б/ НА УЧЕСНИЦИ, НАСТАНИ И МЕСТА ОД РАБОТНИЧКОТО ДВИЖЕЊЕ И НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА 1926/1975: меѿални ормари 6; 6,0. СИ, карѿоѿека, фоѿоѓрафии 8307.***

*Содржински ӣодаѿоци за архивскаѿа ѓраѓа:*

Збирката Фотографии се состои од два дела и тоа фотографии од Скопје и фотографии од учесници, настани и места од работничкото движење и НОВ

Првиот дел од збирката (Фотографии од Скопје) се состои од два дела и тоа:

1/ Период 1908-1990 година (архивски обработен во 2001 година) и

2/ Период 1924-1940 година (архивски обработен во 2000 година)

1/ Збирката опфаќа еден многу поширок период, во желба во една збирка да се соберат сите фотографии за градот, со кои располага одделението во Скопје, во една збирка и истовремено да се овозможи, делумно, континуирано следење на развојот на градот од почеток на XX. век па сé до периодот на осамостојувањето на Македонија во самостојна и суверена држава (со сегашниот изглед).

Збирката е создавана во еден подолг период, односно онака како фотографиите биле преземани и евидентирани. (Околу 600 фотографии се добиени по пат на подарок, а останите се откупени од приватни иматели). Фотографиите се со различен формат и соодветно на тоа се сместени во архивски кутии или во метален ормар.

Збирката содржи 1436 фотографии и 716 негатив-снимки.

Фотографиите аналитички се обработени онака како биле преземани и евидентирани во деловодната книга, додека сумарниот преглед е изготвен хронолошки (поделен во 8 групи - од 1908 до 1990 година). Во секоја пооделна група фотографиите се групирани по тематски принцип.

***242. - ХРОНОЛОШКИ ЕДИНИЦИ ЗА ИСТОРИЈАТА НА СКОПЈЕ (податоците се однесуваат на период од I век па заклучно со 1954 година): картотечни единици 8143.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа од Збирката Хронолошки единици содржи податоци за историјата на Скопје почнувајќи од I. век на наша ера до крајот на 1954. Тие се извлекувани од разновидни домашни и странски публикации (книги, списанија и весници). Тие, воедно, претставуваат синтетизиран опис на настани, со комплетни библиографски податоци.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***538. (299) - ВЕСНИЦИ „ВАРДАР“ (ПРЕЗЕМЕНА ОД ЈОВАН КОСТОВСКИ, НОВИНАР) - СКОПЈЕ 1932/1936: кн. 6; 0,5.***

*Содржински податоци за печатената граѓа:*

Независниот стопанско-културен дневен весник „Вардар“, во форматот кој го поседува ДАРМ - Одделение Скопје (А3 формат) се печател во Скопје почнувајќи од 1932 година.

Како составен дел од весникот, на неговата последна страница, се објавувал „Службениот Весник на Вардарска Бановина“.

ДАРМ - Одделение Скопје располага со некомплетни годишта на весникот, подврзани во шест книги со тврд повез и тоа за: 1932 година - 1 книга; 1933 година - 1 книга; 1934 година - 1 книга; 1935 година - 1 книга; 1936 година - 2 книги.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

***539. (442) - ФОТОДОКУМЕНТАЦИЈА (ПРЕЗЕМЕНА ОД СОБРАНИЕ НА ГРАД СКОПЈЕ) - СКОПЈЕ 1918/1983: кн. 1, кут. 28; 3,0. АИ, а.е. 517, фотографии и негативи 30699, филмови 50231, НИС 310 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Фотодокументацијата преземена од Собранието на град Скопје е богата збирка на фотографии и филмови-негатив, за историјата на градот во период од 1918 - 1983 година. Авторот на фотодокументацијата бил долгогодишниот работник - фотограф во Собранието на градот, Киро Георгиевски, и во основа е задржана концепцијата на обработката на филмовите и фотографиите поставена од авторот.

Збирката временски е поделена на три дела: првиот дел е за периодот 1918-1928 година; вториот дел е за периодот 1952 - 26.07.1963 година и третиот дел е за период 26.07.1963 - 1983 година.

Првиот дел содржи 108 фотографии, сместени во албум, и подредени во 10 тематски подрачја, преку кои можат да се видат општествените, економските, културно-просветните и другите карактеристики на живеењето во Скопје во периодот 1918-1928 година.

Во вториот дел главно се застапени фотографии и негативи на одделни делови на градот, улици и објекти, дел на објекти предвидени за рушење и реони за реконструкција, новиот урбанистички план; потоа од работата на НО на Скопска околија, одбележување настани и датуми и други културни манифестации. Тие изнесуваат 3730 фотографии, со околу 5700 негативи.

Третиот дел е периодот од земјотресот (26. Јули 1963 година) па сé до 1983 година (периодот на обнова и реконструкција), поточно овој дел од Збирката ги содржи следните тематски подрачја: земјотресот 26. јули 1963 година и последиците од него; манифестацијата „Денови на солидарноста“ од 1963 до 1968 година; помошта добиена за обнова и изградба на градот; поедини делови од градот, објекти, улици и населби; од работата на Собранието на градот и неговите комисии, патувања на делегации, годишнини и прослави на значајни датуми и настани, комеморации, пуштање во уптреба нови објекти и др.

Фотографиите од овој дел на Збирката се обработени, евидентирани и азбучно-тематски класифицирани во 32 фото-албума.

*Архивскаӣа ӷраѓа е на македонски јазик.*

# ПРЕГЛЕД

# НА АРХИВСКИТЕ ФОНДОВИ И ЗВИРКИ
# ВО ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# - ОДДЕЛЕНИЕ СКОПЈЕ
# 1993 - 2005 ГОДИНА

## А. АРХИВСКИ ФОНДОВИ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ, УСТАНОВИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

## 1. УПРАВА И ЈАВНИ СЛУЖБИ

### *1.3. АРХИВСКИ ФОНДОВИ 1918 - 1941*

#### *540. (550) СУД НА ОПШТИНА ДОЛНО ВОДНО, с. ДОЛНО ВОДНО - СКОПЈЕ (-1934); 1928/1932: кн. 11; пaпка 1; 0,15. АИ, а.е. 163, листови 613, НИС 5 стр.*

*Историјат на фондообразователот:*

Судовите на општините се формирани по создавањето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците и воспоставувањето на српската управа во Македонија.

Канцелариското работење на судовите се одвивало согласно Законот за општините донесен уште во **XIX**. век во Кралството Србија и со подоцнежните измени и дополненија. Според тоа, за надлежностите на судовите дознаваме од последната верзија на спомenатиот Закон, објавен во „Српске новине“ во 1903 година. Тие имале свој печат во чија средина е државниот грб а од страната напишан називот на судот.

Судот на општината е прва непосредна власт во општината. Неговите надлежности се делат на полициска, самоуправна, управна, извршна и судска власт.

Полициската власт го спроведува одржувањето на редот и безбедноста во општината согласно прописите, законите и по упатствата и наредбите од државната полициска власт.

Самоуправната власт се состои во тоа што во договор со Општинскиот одбор, раководи со општинските работи, ги чува и потпомага општинските интереси, се грижи за унапредувањето на општината и нејзините членови во секој поглед, а особено во просветен, стопански, здравствен и морален.

Управната и извршната власт ги применуваат и извршуваат законските прописи како и наредбите од државната власт.

Судската власт Судот ја остварува доколку му е дадена со посебен Закон.

*Содржински йодашоци за архивскаша ѓраѓа:*

Деловодни протоколи за период од 1918-1932 година, пописни книги на луѓе, стоки, превозни средства, регрутен список на момчиња родени 1918 година.

Документи кои се однесуваат на работата во управата, јавната безбедност, воени прашања и финансии, решавање на предмети доставени од страна на Великиот жупан до општината, обезбедување статистички податоци за бројот на населението и стоката и снабдувањето со прехрамбени артикли, испраќање на потерници за лица кои ја нарушиле јавната безбедност, наредби, напаствија, известувања во врска со регрутација, мобилизација, распоред и издавање на легитимации за резервни офицери, финансиски - партијален извод за расходите, трошоците, платите во општината.

*Архивскаша ѓраѓа е на срйски јазик.*

### *541. (551) ШКОЛСКИ НАДЗОРНИК ЗА ГРАД СКОПЈЕ II ПОЛОВИНА - СКОПЈЕ (1920-1935); 1920/1935: кн. 1, йайка 1; 0,03. АИ, а.е. 2, лисшови 229, НИС 9 сшр.*

*Исшоријаш на Фондообразовашелош:*

Во Скопската околија постоеле два школски надзорници во чија надлежност биле училиштата согласно со територијалната поделба на градот (левата и десната страна на реката Вардар). Школскиот надзорник на град Скопје - II половина - Скопје, бил надлежен за левата страна на реката Вардар. Тој отпочнал со работа на 20.02.1920 година што се гледа од известувањата што ги испратил до Просветниот инспектор, началникот на Среската финансиска управа и управителите на сите училишта на левата страна на реката Вардар.

*Содржински йодашоци на архивскаша ѓраѓа:*

Деловоден протокол за период од 1920-1921 година. Од преписката заведена во деловодниот протокол се гледаат надлежностите на Школскиот надзорник а тоа се: одобрување на списоци за упис во **I** одделение, собирање на податоци за редовноста на учениците во посетувањето на наставата и изречените казни за родителите на нередовните ученици, издавање напаствија за одржување на годишни испити и распуст на училиштата, одобрување на полагање на приватни испити на ученици од основните училишта, организирање на учениците на верска настава и лекарски прегледи, поставувања и разрешување на учители и др.

Записник од основачката единица и Правила за работа на хуманитарното друштво „Добри луѓе“.

*Архивскаша ѓраѓа е на срйски јазик.*

### *542. (552) МЕСТЕН ОДБОР ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ВОЗДУШЕН НАПАД - СКОПЈЕ (1938-1941); 1938/1941: папка 1; 0,01. АИ, а.е. 11, листови 25, НИС 12 стр.*

*Историјат на Фондообразувателот:*

Месниот одбор бил формиран со Одлука на Градскиот совет на општината на град Скопје, донесена на **VII**-та редовна седница, одржана на 14 јуни 1938 година, со која се пропишува Правилник за организација и работата на Месниот одбор за заштита на населението од воздушен напад. Оваа одлука е одобрена од Министерството за финансии на Кралството Југославија со актот бр. 8017/VII од 11. Јули 1938 година и од Кралската банска управа на Вардарска бановина со акт бр. 22897 од 25 август 1938 година. Според Правилникот, Месниот одбор е советодавен орган на Градското поглаварство на Скопје за организација и изведување на одбраната на градот во случај на непријателски напад од воздух и за преземање на сите подготовки и мерки за таа цел.

